# Сеќавања на борци, 1943 г.

СОДРЖИНА

Ангеловски Митре 5/18, 7/1, 8/16
Грујоски Трајче 2/6, 3/6
Димитровски Круме 1/1, 1/10, 1/20, 2/5, 2/21, 4/5, 4/14, 7/4, 7/13, 7/15, 8/13
Ѓорги 8/14
Јовковски Јовко 2/6, 2/14, 4/4, 4/11, 4/13, 5/12, 6/10, 6/18, 8/4, 8/11
Кице Џаџан 8/12
Колевски Панде 4/10, 4/12
Наумовски Јордан 1/22, 2/7, 3/2, 5/16, 6/17, 8/4
НЕПОЗНАТ 1/12, 2/23, 6/13, 6/23, 7/7, 7/23, 8/7, 8/7, 8/13, 8/14
Нечевски Пецо 6/14
Нонковски Кицо 1/19, 2/5, 3/4, 4/16, 5/13
Павловски Милан 2/4
Парговски Лазе 1/20, 1/24, 2/8
Поповски Љубин 5/17, 6/16
Рабаџиевски Петре 7/13, 7/26
Ристовски Ефтим 1/12, 4/9, 4/17, 6/11, 7/25, 8/5, 8/10
Симовски Тодор 2/18, 7/10
Соколовски Крсте 2/7, 2/20, 4/1, 6/11, 7/6
Становски Крсте 6/25
Стефановски Живко 1/8, 1/17, 2/8, 3/4, 4/5, 5/1, 5/15, 7/19, 8/1
Талевски Панде 3/12
Тасевски Атанас 6/7, 7/15, 8/3
Тасевски Јордан 1/25, 2/1, 2/10
Темелковски Лазо 5/17, 8/8
Толевски Панде 5/12, 6/9, 6/12, 7/14
Трповски Дилко 3/1, 4/6, 4/17, 5/17, 6/24, 7/12, 8/3, 8/9
Шушевска Гена 2/3

ИНДЕКС НА ИМИЊА

Аличов Кадри. 5/9
Алтипармак Боро. 6/3
Амети Аврам. 6/3
Ангелевски Боро. 5/11
Ангелевски Митре. 6/1, 7/1, 8/6
Ангелески Пандуле. 8/12
Ангеловски Стрезо. 5/8
Андреев Спасе. 7/26
Араповски Киме. 21
Аргировски Јоше. 2/15
Аргировски Кире. 2/15
Бабани Фуад. 7/22
Баруловски Јоше. 2/11, 2/13, 2/16
Бегинов Страхил. 2/23
Беи Демир. 7/8
Беи Раис. 7/8
Беи Сен. 7/8
Белев Трајан - Гоце. 2/11, 2/12, 2/23, 2/24, 3/17, 7/18
Бендев Ѓорѓи. 4/3
Биљановски Златко. 4/4, 8/10
Битински Зија - Будо. 7/22
Богински Илија фурнаџијата. 2, 3
Богоевски Васил. 5/8
Бодли Раин. 7/8
Божиновски Мишко. 6/15
Божиновски Панде - Гоче. 1, 28, 2/3
Божиновски Пецо. 2/14, 2/23, 2/25, 3/1, 3/15, 3/17, 4/2, 4/8, 7/18, 8/4, 8/8
Бондиловски Наум. 2/15
Бубулевски Живко. 5/14
Велевски Ламбе. 2/16
Велковски Ѓоре - Коста. 2/11, 2/12, 2/19, 2/23, 2/24, 2/25, 3/1, 3/4, 3/16, 3/17, 5/16
Вељовски Алексо. 5/5
Вержов Стево. 5/11
Веслиевски Наум - Овчарот. 11, 17, 22, 2/10, 2/19, 3/2, 3/3, 3/16, 4/2, 4/18, 6/3, 6/11, 6/14, 6/15, 7/3, 8/6, 8/10, 8/12
Вурновски Борис. 2/16

Вурновски Тодор. 2/16
Гегараковска Евдокија. 5/6
Гегараковска Цвета. 4/18, 5/6
Георгиевски Киро - Дејан. 2/20
Георгиевски Наум. 2/15, 5/10
Гершановски Лазе. 2/25
Гигов Страхил. 5/17
Глигоровски Милан. 5/5
Глобочки Борис. 23
Глобочки Ристо. 22
Гошевски Пере. 5/2
Грбевски Мите. 6/15, 6/16
Гроздановски Лазо. 2/15
Гроздановски Леко. 2/16
Гроздановски Методија. 2/16
Грујоски Трајче - Павле. 2/5, 2/6, 3/8, 3/14, 3/16, 5/4, 5/11, 6/18, 7/11, 7/19
Гудевски Пецо. 7/13
Дериевски Тоде. 7,13
Димевски Славе. 6/22
Димитровски Круме - Слободан - Мичо. 1, 8, 10, 16, 17, 20, 26, 27, 28, 2/5, 2/9, 2/10, 2/21, 3/17, 4/5, 4/14, 6/3, 7/4, 7/13, 7/15, 8/5, 8/13
Димовски Ѓорѓи. 3/16, 4/2, 4/14, 6/19, 6/23
Димовски Милан. 6/15
Диневски Јосиф. 7/14
Дојчинов Иван. 5/11
Дојчиновски Кире. 2/8
Дојчиновски Косте. 25, 2/8
Дојчиновски Крсте. 10
Дојчиновски Лазе. 25
Дојчиновски Наум. 6/3
Доневски Јонче. 2/7
Доневски Петко. 2/16
Доневски Рампо. 2/16
Драшкоски Воин. 8/10
Думбов Цветко. 6/21
Ѓегарак Трајан. 25, 2/12, 2/24
Ѓоргиевски Живко. 27, 2/3
Ѓорѓиевски Наум. 4/4

Ѓуровски Мите. 2/4
Еминовски Реџеп. 6/14
Ерикрија Шнајдерот. 2/16
Ефтимовски Димо. 5/5
Звезда Минур. 7/8
Здравковски Петар - Пенко. 8, 4/19, 7/9, 7/23, 8/9
Ивановски Ѓорѓи. 8, 8/8
Ивановски Крсте. 14, 5/5
Ивановски Сандре. 2/8
Иванчина Иљоица. 23
Игевски Илија - Цветан. 19, 22, 23, 3/4
Илиевски Јосиф. 5/5, 5/15
Илиевски Ристо. 2/15
Илиевски Славе - Стево. 10, 21, 22, 23
Илиевски Стерјо. 10, 11
Илиевски Томе. 20
Илија учителот. 4
Иљов Раде. 6/20
Јамо Јонче. 25
Јанковски Илија. 5/5
Јанкулов Алексо. 5/8
Јанкуловски Михаил. 2/15
Јанкуловски Трајан. 2/15
Јовановски Ангеле. 5/11
Јовковски Јовко. 2/6, 2/14, 2/20, 3/5, 3/7, 3/17, 3/19, 4/4, 4/11, 4/13, 5/6, 5/12, 6/10, 6/18, 7/9, 7/23, 8/1, 8/4, 8/11
Јоневски Живко. 2/16
Јоновски Крсте. 7/7, 7/9
Јоновски Павле. 2/15
Јоновски Цветко. 2/15
Јосифовски Јосиф - Свештарот - Ѓорче. 4, 5, 12, 13, 15, 17, 28, 2/2, 2/5, 2/6, 2/9, 2/19, 2/21, 2/22, 2/25, 3/1, 3/6, 3/7, 3/17, 4/2, 4/5, 4/15, 4/18, 5/14, 6/3, 6/5, 6/8, 6/12, 8/13
Јосифовски Кузман - Питу. 2/9, 4/3, 4/5, 4/6, 4/7, 4/8, 4/9, 4/10, 4/11, 4/12, 4/14, 4/15, 4/16, 5/1, 6/4, 6/8, 6/14, 6/17
Јошевски Кире - Милан. 2/4, 2/24, 4/18, 7/25
Кажановски Трајко/Тале. 23, 24, 4/5, 4/8, 4/16
Кајмаков Ибраим. 7/24
Калешевски Ѓеро. 2

Калешков Тодор. 2/16
Канински Коле. 2/19, 3/10, 4/2, 4/14, 5/8, 5/9, 5/10, 5/11, 6/23, 6/24, 6/26, 6/27, 7/10, 7/11, 7/12, 7/26
Каранфили Енвер. 5/2
Каранџовски Мичо. 5/10
Карапалев Кире. 5/5
Кароли Лаки. 8/3
Касами Есад - касапот. 5/16, 6/7
Келешов Ѓерман. 25, 2/16
Кечуловски Крсте. 9
Кечуловски Ламбе. 23
Кечуловски Мите. 9, 7/8
Кивиловски Киме. 5/14
Козларов Васил. 2/15
Колевски Панде. 4/10, 4/12, 5/2
Котевски Ване. 4/7, 5/5
Котевски Живко. 4/6
Котевски Коста. 4/7
Крани Муса. 2/18, 5/9, 6/18, 6/29, 6/30, 7/2, 7/7, 7/10, 7/13, 7/16, 7/21, 7/23, 7/24
Кристо Гелејчето. 3/8
Крстевски Наум. 2/15
Крстимов Алексо. 6/22
Крстиновски Алексо. 5/8
Кусаковска Веса. 23
Кусаковски Косте. 21, 22, 23, 24, 2/8, 6/4
Кусаковски Цветко. 21, 24, 25
Лазаревски Панде. 5/5
Лазевски Лазо. 6/15
Лазевски Спиро. 5/5
Лазевски Цане. 6/16
Ламбевски Боче/Гоче. 7, 10, 13, 19, 2/25, 4/5, 5/16
Ламески Митре. 7/8
Лаовски Васил. 7/8
Лаовски Спиро. 7/8
Лутевски Пецо- Малчик. 20
Мавровски Владе. 5/6
Магдевски Филип. 23
Малевски Борис. 2/15

Малевски Милан. 2/16
Малески Владо. 5/16, 5/17, 6/17, 6/18
Мамушевски Кочо. 5/14
Манчевски Кирил. 2/16
Мањанов Коле. 5/10
Марков Митре. 5/8
Мерсили Кадри. 20
Метаксас Ѓорѓи. 3/2, 3/17, 4/5
Мечов Риза. 7/15
Мечов Тефик. 7/15, 7/17
Милевски Алексо. 2/11
Милевски Вандо. 2/7
Милевски Добри. 2/7
Милевски Живко. 2/11
Милошевски Таше. 4/16
Миовски Коле. 7/8
Мирчевски Алексо. 7/8
Митревски Јонче. 21
Митревски Кире. 8
Мишев Трајче. 2/11
Мурџев Јонче. 6/15
Назифов Ајруш. 5/9
Наумовски Борис. 5/9
Наумовски Јордан - Калче. 8, 22, 2/7, 2/9, 2/12, 3/2, 4/1, 4/4, 5/4, 5/16, 6/17, 7/19, 8/4, 8/7
Наумовски Никола (на ставрејца). 5/2
Наумовски Петре. 5/9
Наумовски Славе. 8
Неделковски Јосиф. 7/13
Неделковски Панче. 7/13, 8/4
Незири Мемиш. 7/15
Несторовски Симо. 7, 9
Несторовски Стеван. 2/16
Нечевски Бено. 3/15
Нечевски Вангел - Тунелот. 3/18, 4/9, 4/19, 7/4, 8/4
Нечевски Кире. 6/15, 6/16
Нечевски Мика. 6/15
Нечевски Мите. 6/15

Нечевски Симо. 6/15
Нечовски Пецо. 10, 6/14, 6/16
Неџипи Муарем. 7/15
Неџипи Сано. 7/15
Нешковски Петар. 8/3
Николовски Ламбе. 5/5
Новачевски Перо. 5/9, 5/9, 5/10, 5/11, 6/18, 6/19
Нонковски Кицо. 19, 2/5, 3/4, 3/5, 3/16, 5/13
Нонковски Кицо. 5/14
Оровчанец Вера. 7/21
Ошарковски Сандре. 18
Павловски Коле. 5/6
Павловски Милан. 2/4, 3/14, 5/15
Павловски Спиро. 7/8
Пандов Гоче/Ѓорѓи. 25, 28, 2/16
Пановски Анести. 7/11
Пановски Јосиф. 5/11
Пановски Крсте. 7/26
Парговски Лазе. 10, 18, 20, 21, 23, 24, 2/8, 7/8
Пеев Наум. 5/10
Петков Никола. 2/25
Петревски Тодор. 2/3
Пецалевски Јонче. 3/13
Печовски Трајан. 2/16
Пирузе Петре. 4/3, 4/4, 6/4
Питалевска Грозда. 5/6
Питалевска Живка. 5/6
Попов Алексо. 2/16
Поповиќ Миладин. 2/20
Поповски Андреа. 5/5
Поповски Лазо. 7/14
Поповски Љубин. 5/14, 5/16
Поповски Љубин. 6/16
Поповски Петре. 2/11
Попчевски Кире. 2/4
Пржевски Лазе. 25
Пробри Васил. 7/8
Прповски Филип. 5/5

Прцуловски Галија. 5/15
Прцуловски Кире. 5/14
Рабаџиевски Петре. 7/13, 7/26
Радев Симеон. 2/4
Радевски Стрезо. 2/5
Радосавлевиќ Вобривое. 4/18, 5/16, 6/4, 6/21, 7/12, 8/8
Ракитска Зија. 7/22
Раповски Киме. 8
Реџо Раиф. 5/9
Ристановски Филип. 7/8
Ристев Борис. 7/8
Ристевски Мите. 5/6
Ристевски Никола. 5/5
Ристовски Ефтим. 9, 11, 12, 2/8, 4/9, 4/17, 6/11, 7/18, 7/25, 8/5, 8/10
Ристовски Спиро. 7/26
Роџе Науме. 3/8
Русо Бено. 7/25
Саблиу Минур. 7/8
Сејфула Ќемал. 8/9
Секуловски Јане. 2/15
Секуловски Кире. 2/15
Секуловски Лазе. 7
Секуловски Наум. 6/25
Соколовски Крсте. 2/7, 2/20, 3/14, 3/15, 3/16, 6/11, 7/6
Сорла Албетка. 6/20
Спасовски Мендо, 6/19
Спировски Ѓорѓи. 7
Спировски Илија - Панде. 5, 11, 15, 16, 19, 20, 23, 2/3, 2/8, 2/21, 2/22, 5/2, 5/12, 6/8, 6/11, 6/14, 6/29, 7/9, 7/13, 8/10, 8/14
Србинов Стево. 5/8
Ставревски Ване. 8/12
Ставревски Ристо. 5/2, 7/21
Ставревски Трајан. 13, 22, 5/2
Ставрејца од Подмочани. 3/13
Станковски Бошко. 7/19, 7/21
Становски Крсте. 6/25
Стерјовски Ристо. 18
Стефанов Борис. 2/4

Стефановски Живко. 7, 8, 10, 13, 17, 20, 21, 23, 28, 2/3, 2/8, 2/19, 3/4, 3/6, 4/2, 4/5, 4/19, 5/1, 5/5, 5/15, 6/18, 7/9, 7/19, 8/1
Стипунски Јонче. 5/2
Стипунски Никола. 4/5
Стојановски Борис. 6/3, 7/2
Стојановски Стојан. 5/8, 6/2
Стојковски Боре. 2/4
Стојмениковски Стерјо. 5/8
Стојчевски Милан. 25
Стрезовски Крсте. 2/4
Таипи Таип. 5/2
Таипи Усеин. 5/2
Такија. 2/7
Тале Комитот. 3/7, 3/8, 4/19
Талевски Благоја. 6/17, 7/14
Талески Благоја - Иван. 3/10, 5/11
Танев Иван - Димче. 6/29
Таневски Стиљан. 2/11, 2/16
Тански Круме. 5/14
Тасевска Мила, 5/6
Тасевски Атанас. 6/7, 7/15, 8/3
Тасевски Иван. 2/3
Тасевски Јордан. 4, 16, 17, 22, 25, 2/3, 2/10
Ташкова Лена. 6/3
Ташковски Панде. 3/16, 3/18, 7/13, 7/14
Ташковски Танче. 2/15
Теговски Димитраки. 10, 3/5, 6/15
Теговски Јонче. 7/2
Темелковска Златка. 4/18, 5/6
Темелковска Цвета. 5/6
Темелковски Лазе. 5/16, 5/17, 8/8
Темелковски Панде. 5/5
Тодоровски Наум. 5/15
Тозија Драги. 2/4
Тозија Нико. 7/21
Толевски Панде. 2/13, 6/9, 6/12, 6/14, 6/20, 7/9, 7/14
Толевски Панде. 2/4, 2/12, 3/12, 5/5
Томе Католик. 1, 2, 25, 2/13

Тошо Даскалот. 3/9
Трајковски Благоја. 7/2
Трајковски Доне. 7/8
Трајчевски Гога. 14
Трајчевски Крсте - Војводата. 2/4, 6/3
Трајчевски Мите. 8/13
Трендовски Алексо. 5/11
Трендовски Крсте. 5/11, 6/1
Треневски Злате. 7/18
Трпеновски Блаже. 5/9, 6/18
Трпеновски Ристо. 5/9
Трповска Зорка. 5/6
Трповска Јончејца. 5/6
Трповски Дилко. 3/1, 4/6, 4/17, 5/2, 5/17, 6/24, 7/11, 7/12, 8/3, 8/9
Трповски Јонче. 2/15, 3/4, 4/7, 5/15, 7/9
Трповски Мите - Војводата. 5, 13, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 25, 2/9, 2/23, 3/16, 4/7, 4/8, 4/18, 5/15, 6/8, 6/10, 6/11, 6/14, 7/18, 8/13
Трповски Мичо. 5/10,
Тупижоколи Петре. 6/20
Тушкаровски Гуре. 2/11
Узуновски Цветко - Абас. 2/9, 4/5, 4/6, 4/8, 4/9, 4/18, 5/11, 5/12, 5/16, 6/4, 6/17, 6/21, 7/11, 7/12, 7/13, 8/4, 8/7, 8/8
Уно Јоско. 7/13
Упаликов Крсте. 6/30
Фаик Учителот. 3/6
Харангелевски Васко. 7/13, 7/19, 8/4
Хаџипоповски Лазо. 3/10, 5/4, 5/11, 5/16, 7/19
Цалески Јонче. 6/16
Царевковска Дана. 4/18
Цветанов Никола. 23
Цветановски Живко. 5/2
Цветановски Темелко. 2/15
Цргоља Дефит. 7/22
Чали Трајко. 2/15
Чамчев Кочо. 3/7, 4/16
Чатал Ташко. 7/23
Чукале Мите. 2/4
Чулаковски Кичо. 6/20

Чулаковски Крсте. 6/26, 6/28
Чучук Борис. 3/8, 3/13
Џајков Стево. 5/8, 5/11
Џиџан Тице. 8/12
Шаин Садик. 2/7, 2/22
Шалваринов Коле. 5/10
Шериф Зекман. 5/9
Штиља Беар. 3, 5, 2/22
Шумкаров Леко. 2/16
Шумковски Гоче. 2/16
Шушевска Гена. 2/3
Шушевска Цвета. 4/18
Шушевски Борис. 7, 10, 3/13
Шушевски Ѓорѓи. 5/15, 7/21
Шушевски Киме. 9
Шушевски Милан. 7/21
Шушевски Никола. 7/25

ДИМИТРОВСКИ КРУМЕ-МИЧО:

Другарки и другари, сакам да ви приложам еден исказ кој одговара на севкупната вистина во времето од најтешките днови за одредот "Даме Груев".

Вистинскиот приказ на настаните што се случија околу префрлувањето на одредот "Даме Груев" на албанска територија во декември 1942 година:

На 25 ноември 1942 година од селото Коњско бев префрлен во село Глобочани- Албанија со посредство на Тасевски Јордан од селото Коњско.

УВОД: КРУМЕ ДИМИТРОВСКИ: Покана за пратење на изведбата.

Другарки и другари ве поканувам да го проследите настанот што се случуваше во зградата на општината во село Глобочани Учествуваат: претседателот на општината Томе Католик- албанец, Божиновски Панде-Гоче и Димитровски Круме-Слободан-Мичо.

ТОМЕ: Што барате вие од нас?

Од вас бараме и ве молиме ако е можно зимските месеци, ако е можно да ги помине на ваша територија, затоа штокај нас е многу тешко за опстанокот на одредот.

Кога бевме на бугарска територија бугарите ги убија двајца многу важни другари. Потоа беа провалени и апсени сите партиски организации на територијата. Во една акција во едно село, бугарите убија уште еден другар и во борбата бевме расцепени на три групи.

По овој настан, префрливме две групи на италијанска окупациона зона.И овие фашисти презедоа драстични мерки за поништување на одредот. Тука ни убија уште еден другар. Беше запа-

лена една куќа и една плевна. Беа затворени шест седум членови на Партијата, така што народот е исплашен. Поради ова опстанокот на одредот е отежнат. Тој живее во пештери и зимуници каде што тешко може да му се достави храна.

ТОМЕ: " Другар Слободан, вие барате од нас да ви помогнеме. Добро, ама јас, таков тежок товар не можам да го примам врз својот грб.Затоа, потребно е вие да појдете во градот Корча. Ако тие ви одобрат јас немам ништо против да ве примам на мојот терен."

КРУМЕ:

"Другар Томе, ве молиме оваповрзување со Комитетот по можност направете го што е можно побрзо."

ТОМЕ:

"Ви се молам другар Слободан, дали имате со вас една слика да ви извадам лична карта , дека сте од селото Глобочани."

КРУМЕ:

"Да другар, Томе имам една фотографија."

Откако ја добив личната карта на 25 ноември 1942 година останав на чекам во селото Глобочани додека не бев повиканод Околискиот комитет во градот Корча. Тоа беа пет или шест дена.

Н 3 декември истата година преправен како ќумурџија со шест седум селани од селото Глобочани, предводен од Калешевски Ѓеро од селото Глобочани, тргнав за Корча.

Кога стигнавме во Корча,Ѓеро ме одведе кај Илија фурнаџијата. Таму кажа зошто сум дојден. Дијалогот између мене и Илија го водевме го водевме на македонски јазик,затоа што Илија беше Македонец. Илија ми рече дека за оваа работа

треба да причекам два до три дена, додека дојдат другарите од Околискиот комитет.

На 7 декември 1942 година доаѓа до средба со другарите Кога дојдоа , тие ме запрашаа, што барам јас од нив и тоа на албански јазик.( превод).

Јас со Илија му ја раскажав нашата тешка положба во која се наоѓаме и бараме зимските месеци да ги поминеме на нивни терен.

На оваа средба со другарите од Околискиот комитет беа: Богински Илија-фурнаџијата, Беар Штиља и уште еден член на Комитетот и јас. ( превод)

ШТИЉА:

"Другар Мичо, ние ќе ви дозволиме да поминете на нашиот терен.

Другар Мичо, како ќе одиме за Америка, дали со брод, авион или со воз? "

КРУМЕ:

"Другар Беар, ние ќе одиме по пат."

Со овој збор тие се посомневаа во мене дека јас знам како се оди во Америка но се преправам дека не знам.

БЕАР:

"Другар Мичо, ве молиме дали сакате да му напишете писмо на вашит комесар , да дојде овде на разговор"?

Јас му одговорив на Беар дека тоа ќе го направам. Го напишав писмото и му го дадов на Илија-фурнаџијата. Писмото беше

поопширно како што го имам изнесено во моите сеќавања, а овде ќе го изнесам во скратена верзија.

" Другар Ѓорче, јас Слободан,се наоѓам во градот Корча во Албанија.Тука дојдов самоиницијативно, по одреден таен канал, преку другарот Тасевски Јордан од селото Коњско. Тој ме префрли во селото Глобочани , кај претседателот на општината кој е воедно и комунист, а оттука, преку негов канал и неговите врски ме поврзаа со Околискиот комитет во Корча. Тие добро ме пречекаа и се договоривме околу нашето префрлување на нивни терен. Но, воедно бараат да се сретнат со тебе.Во врска со тоа користиго истиот канал за префрлување , преку Тасевски Јордан од селото Коњско и Пандо - комитот во селото Глобочани, и дојди тука. "

Моето писмо му го предадов на фурнаџијата на 8 дедември 1942 година, а свештарот дојде во Корча на 19 декември 1942 година на адреса на Илија- фурнаџијата во придружба од Илија- учителот од с. Глобочани.

Радоста моја при средбата со Свештарот не можам да ја искажам со никакви зборови.

<u>На 19 декември 1942 година, состанокот со другарите од Околискиот комитет во станот на Илија- учителот.</u>

На овој состанок е постигната спогодба: прво, се дозволува на нашиот Одред да премине на нивна територија и да борави зимските месеци во одредените македонски села.

Задачата на Одредот беше, штој дојде во Албанија да направи една посета во албанско село, во селото Прогри.

на албанска територија, за да види народот дека и други народи се борат против фашизмот.

Трето, без нивно одобрување да не одиме во ни едно албанско село каде што населението е од албанска народност, за да не го искористат тоа албанските балисти и да кажат," ете дојдоа Србите на наша територија а ние меѓу себесе караме".

Четврто, наша задача беше да формираме народноослободителни одбори во селата каде што ќе претстојува одредот.

Петто, да формираме диверзантски групи, кои, по наша или по нивна потреба бидат вклучени во борбена акција.

По завршувањето на состанокот, јас и Свештарот напишавме писмо до заменикот на политичкиот комесар Илија Спировски- Панде и Трповски Мите- војводата во кое ги известуваме за нашиот споразум со околискиот комитет во Корча и им дадовме насока што треба да преземат понатаму за префрлување на одредот на албанска територија.Писмото беше испратено по постојниот таен канал : Корча-Глобочани, Коњско-Трвеник.

На 31 декември 1942 година или во очи на новата година, во селото Поали дојде Беар Штиља со уште еден член на околискиот комитет и откако се поздравивме, тој мене ми го рече следното: ( превод )

БЕАР: " Другар Мичо, кога бевме во куќата на Илија, вие ни рековте дека другарот Ѓорче има завршено Правни факултет во Белград. Прашајте го дали знае француски, за да ни одржи едно марксистичко предавање"?

ЃОРЧЕ:

Знам Француски.

КРУМЕ:

"Другар Ѓорче, другарите бараат од тебе, ти да одржиш едно марксистичко предавање за членови на Партијата".

ЃОРЧЕ:

"Кажи им дека се согласувам да им одржам едно такво предавање".

КРУМЕ:

"Другар Беар, другарот Ѓорче се согласува да ви одржи едно предавање на фанцуски јазик".

БЕАР:

"Кажете му на другарот Ѓорче дека ние ќе најдеме еден преведувач кој добро знае да говори Француски и навечер ќе дојдеме со 20-30 другари".

Ова предавање Свештарот го одржа.

По добивањето на нашето упатено писмо, другарите со одредот, по одреден канал се префрлиле на албанска територија во селото Глобочани. Најпрво се сретнав јас со другарите од Одредот, а по еден ден и Свештарот.

Во албанските села, на албанска територија, боравевме полни два месеци.

Ете така, нашиот Одред беше спасен од многу тешка и безизлезна ситуација во која западна. Заслугите за тоа не би сакал да си ги препишам сам на себе, Тој се впушти во една таква ризична игра и по цена на својот живот. Колку е мојата заслуга, уште поголема е заслугата на другарот Тасевски Јордан, кој ја поддржа мојата иницијатива и ме поврза со другарите во

Албанија по својот канал за што сум му благодарен, а и во историјата ќе остане запишано како еден голем потфат кој придонесе, одредот да се спаси и остане како одред, да не го снајде тоа што многу одреди во Македонија ги снајде, да бидат потполно уништени или расформирани. Ете, таква е вистината за одредот

Иако не ги изнесов сите детали за тој потфат, но и од ова што е изнесено, може добро да се сфати каков бил потегот, патот за излезот однашата тешка положба и нашето презимување. ( Димитровски Круме-Мичо-Слободан).

За 1941 година, ќе се вратам на една многу важна работа која не ја расчистивме. Тоа јас не го поставив-затоа што Ламбевски Боче и Стефановски Живко не беа тука.

Сакам да се расчисти работата на Партијата во Подмочани и нејзиното дејство како целина и поединечно. Во многу хронолошки единици, во поедини искази, се спомнува за Боче Ламбевски, дека партиската организација во село Грнчари, е формирана по доаѓањето на Свештарот. Дали се работи за формирање на партиска организација, дали се работи за СКОЈ или некој актив, но формирана е од Стефановски Живко во Октомври 1941 година.Имам и материјален доказ за тоа. Веднаш потоа, јас отидов затвор. Имам четири изјави од: Борис Чучевски, Несторовски Симо и др. кои по моето паѓање во затвор ги донесоа во затворот во Грнчари. Еве ги приложувам тука како доказ.

По формирањето на оваа партиска организација, актив или симпатизери, често пати Живко доаѓал со летоци, сме одржувале состаноци во дворот на Спировски Ѓорѓи. Нашата група се состоеше од другарите: Секуловски Лазе, кој денеска е жив

и е во селото, Раповски Ќиме- покојни, Димитровски Круме и Спировски Ѓорѓи.

Во очи на 1942 година или веднаш по 1942 година, контактирав со Јордан Наумовски-Калче. Би сакал да се произнесе другарот Живко Стефановски, за што се работи , дали за партиска организација, СКОЈ, или група. Оваа група е формирана од Стефановски Живко и тој го молам да се произнесе.Тој доаѓаше, контактираше, даваше летоци, читавме како да се прошируваме, имам и материјален доказ каде што зборува да прибереме повеќе луѓе На едно мое настојување имаме изјава од Кире Митревски на Рајца- покојни, која ја имам во овој прилог. Каде се тие?

Со Наумовски Славе од С. Курбиново сум контактирал. Меѓутоа, се разјасни дека и тој е опфатен во движењето. Живко Стефановски нека каже за каква организација се работи.

СТЕФАНОВСКИ ЖИВКО: ( роден во Подмочани, живее во Скопје)

Тоа што го кажа другарот Круме има основа, затоа што на повеќе од вас овде ви е познато, уште на првата средба, кога не сакав многу да дискутирам, но дадов во писмена форма, извадоци од покојниот Пенко и Ѓорѓи Ивановски, кои во книги ја имаат опишано активноста на нашата скоевска група во Подмочани, во тоа време кое го опишува и другарот круме, во продолжение на 1939 година, а со заминувањето на Пенко од 1941 година, по капитулацијата на бивша Југославија, јас останав како секретар на скоевската група и како таков продолжив со својата работа за цело време. Покрај Подмочани, сум работел и во Грнчари и други села за кои ќе говориме.

Према активноста на другаритешто ги спомна другарот Круме, таа активност одговараше на членови на Партијата. Во моментов не би можел да кажам како е регистрирано во документацијата, дали како СКОЈ или СК. Спрема лицата , по нивната возраст, би одговарало да бидат членови на Партијата.

Од тоа време што го споомнува Круме, од тоа формирање, тие редовно одржуваат состаноци. Јас почесто навраќав, и кога не навраќав, тие и сами одржуваа состаноци и добиваа задачи што ги спомна Круме: Ѓорѓи, Киме, а Круме беше задолжен по младината да работи.

<u>ПРЕТСЕДАВАЧОТ</u> :

Значи, според возраста на членовите на групата, според задачите што ги вршела, станува збор за членови на КПМ.

СТЕФАНОВСКИ ЖИВКО:

Не мислам да се води некоја посебна расправа, за тоа што сега ќе го кажам, но тоа што го дознав,што било речено на минатиот состанок во Ресен на кој јас не присуствував, било речено нешто спротивно на вистината. Би го прочитал исказот на Ефтим Ристевски, на стр. 82 од записникот: " На состанокот во октомври 1941 година, на кои беа свикани сите комунисти од село Подмочани, а каде присуствуваше и Свештарот, и по предлог на Свештарот донесовме решение да се формираат две ќелии од следните лица: Ефтим Ристевски, Симо Несторовски, Крсте Кечуловски, Киме Шушевски, Мите Кечуловски,

Борис Шушевски, Лазе Парговски, Коста Дојчиновски, а покасно во ноември и Живко Стефановски".

Од ова што е изнесено, само во забелешка да стои, другарите кои ќе обработуваат, покрај ова што стои во оригинална документација, ќе треба да го имаат предвид и исказот на другарот Димитраки Теговски на стр. 70. Потоа, исказот на Пецо Нечовски на стр. 78, од Отешевската реконструкција. Потоа, исказот на Боче Ламбевски на стр. 128 и 137, каде што се однесува за Стефановски Живко. Да се има предвид тоа што во писмена форма и во книги е издадено од Пенко Здравковски и Ѓорѓи Ивановски, изјавата на Лазе Парговски , кој беше во секојдневен контакт со мене, изјавите на другарот Круме Димитровски и други изјави. Тогаш стручните лица нека ценат кој бил Живко Стефановски, дали е тоа што сега Ефтим го рекол или тоа што го рекол порано и што рекле сите овие наведени другари.

ПРЕТСЕДАВАЧОТ:

Стручната работна група го има и ќе го има предвид сето ова , целата документација и трудовите што се издавани.

ДИМИТРОВСКИ КРУМЕ:

Се работи за Илиевски Стерио од село Кривени, брат на Славе Илиевски- Стево, партизан во одредот "Даме Груев". На 17-ти до 19-ти ноември 1942 година, бугарските агенти потајно го зеле Стерио и го однесуваат во Кажани. Тој не можејќи да ги издржи физичките тортури на окупаторот, дава пристанок

за соработка со окупаторот. Така, изненада е префрлен со некое превозно средство до Ѓавото и така доаѓа во одредот каде што бевме сместени во Грнчин РИд. Целиот беше испретепан. Илија Спировски-Панде, го праша какво држење имал во затворот. Тој каска дека имал добро држење, но продолжи веднаш со тоа што кажа: " другари, еден час порано да ве нема оттука". Овчарот и Илија му рекоа: " како ќе бегаме, не гледаш какви сем испиени, огладнети, ослабени, дали може некое парче леб да ни донесеш? ". Тогаш Стерио му вели на брат му Славе , на Стево, до вечер да оди уште со еден другар во бавчите, над кривините на селото да го прими лебот. Така, со Славе и јас бев одреден вечерта, кога и отидовме со Славе. Стерио стигна со женаму со воловска кола, лебот го сместил во вреќи покриени со ѓубре. Откога се поздравивме, немајќи време за седење, го зедовме лебот, и отидовме во логорот. Украдовме неколку зелки од бавчите, бидејќи немавме што да јадеме, отидовме кај другарите така што се снабдивме за ден-два.

Меѓутоа, кога го испраќаа Стерио, овчарот и Панде, подолу од Одредот, тие му соопштиле на Стерио дека ќе уследи напад на одредот ву селото Сапотско со задачана Стерио, идниот ден, на 23-ти октомври, Стерио отиде таму и да разбере како ќе биде коментиран овој наш случај, да разбере за влегувањето во селото, од селаните. Стериот кога отишол таму, разбрал каква е ситуацијата и доаѓа во логорот во Грнчари. Во овој судир со напријателот ние се поделивме на четири групи. Стерио

се сретна со првата група на Панде во која бев и јас. Се срекававме неколку пати. Тој се обидуваше да ги соедини групите. Оди во одредот "Курјак", отаму се враќа во логорот Грнчери, но до наша средба не дојде. До 28 октомври, Стерио со оваа група постојано се обидува да не спои.

Ова го изнесувам затоа што после ослободувањето со многу другари од движењето сум се срекавал кои многу лошо се изразувале за Стерио, дека тој бил издајник на Одредот. Би сакал овој човек да го поштедам, без оглед дали е жив или не е жив, да ја кажеме вистината, бидејќи Стерио беше човек на Одредот, се обидуваше да ги спои групите, но без успех. Покасно, на 28-29 ноември, се одлучивме и оваа група да се префрли на теренот под италијанско-албанска окупација, и така се споивме со една претходна група која беше отидена таму.

ЕФТИМ РИСТОВСКИ:

Се спомна дека Свештарот бил во Подмочани во октомври месец. МОжеби е грешка, но Свештарот дојде во ноември, но во средината , 1941 година .

_________________________:

Ова излагање од октомври месец зафаќа време од октомври 1942 до април месец 1943 година.( упадица: да одиме по месеци, прво за октомври, ноември и натаму). Можеме и така да одиме.

Значи, по доаѓањето на Свештарот од Преспа на бугарска територија, на италијанска територија, во септември 1942 г.

тој беше сместен во Курбиново во станот на Трајан Ставревски. Тој е дојден во половината на септември. Со неговото доаѓање, тој се поврзал со Мите Трповски од село Покрвеник, кој е погина Инаку, во тоа време беше член на Реонскиот комитет и одговорен по војна линија во Комитетот. Со него заедно бил одржан состанок.Веројатно тој состанок би и на ниво на Комитетот, меѓутоа, јас за тоа не знам .Тоа треба да го каже Живко Стефановски и Гоче Ламбевски. Сметам дека состанокот е одржан со овие двајца другари или поединечно, или само Мите го има одржано со Свештарот. Досега тоа не е речено, но ќе треба да се установи. На овој состанок , дискутирано е по два проблема, многу важни. Едниот е за положбата на бугарската територија на Одредот и на партиската организација, ударот што е задададен од страна на бугарската војска и полиција , на партиската органи зција и офанзивите, потерите, на партизанскиот одред кој дејствуваше на тој терен. Второ, положбата на оваа итанијанска територија за да може да се повлече одредот од таа територија на оваа територија. Било оценето дека положбата на бугарска територија е тешка, дека одредот се наоѓа во извонредно тешка ситуација, дека членството на партијата на тој терен е целото уапсено и дека опстанокот на тој одред таму не е можен повеќе.

Исто така, оценето е и тоа дека на оваа територија положбата е далеку подобра и се одлучило што поскоро Одредот во целина да се префрли на овој терен. Во врскасо сето тоа, изработен е план на доаѓањето на одредот. Во тој план детално е опишано каде треба да се префрли одредот: од Бигла, после

нападот на Сапатско, помеѓу селата Сапатско, Смилево, Глопеж и Јавото. Значи, тука е дојден одредот по повлекувањето од Сапатско.

Овој план веднаш го зел Мите Трпевски кој бил корисник на обласна погранична карта и доаѓа на пунктот на Макази. Се обидува да се пробие, да го однесе планот на таа територија, тој план да стигне до Одредот, меѓутоа, заради таквата положба на тој терен, бугарската караула не го пуштила. Тој и понатаму е упорен. Доаѓа на ресенскиот премин,кај црквата. Се обидува тука да помине ако е можно. И тука не го пуштаат, и на крајот доаѓа на третиот премин кај Евла. И тука не го пуштиле и се враќа назад, прилично нервозен, разочаран, загрижен, на каков начин да се префрли тоа писмо и одредот да се префрли од оваа страна побезболно. Врз основа на сето ова, ја повикува партиската организација во село ПОкрвеник, одржува состанок за оваа работа, ја запознава со целиот случај и на крајот се одлучува да се оди илегално и на секој начин тој план да се префрли. Еден член од оваа партиска организација, еден другар од Лавци, Гога Трајчевски, заминуваат преку граница илегално, ( упадица : тоа бевте вие). Да, заминавме преку граница илегално дојдовме во Евла. Писмото и планот го предадовме на врската: Крсте Ивановски- чичко Крсте, и овој план беше проследен до Златари, а до одредот не стигна. Заради тоа што планот не стигна, или поради некои други причини, после нападот на Сапатско, и дадената жртва, Одредот се повлекува на врвот на Бигла Планина и таму донесува одлука да се подели на три групи, од кои едната

група оди за Битола, другата група останува на Бигла Планина, кај Златари, и третата група се префрлува со повеќе групи на Подмочанска Планина, точно на тоа место каде што требаше по планот да се префрлат. Тоа се случува кај Макази, кај еден извор.

Од Пелистер, од Илија Спировски, кога се префрлува на овој терен, дојде во Покрвеник едно писмо, во кое ја опишува тешкотијата и бараше помош за евакуација и прифаќање на Одредот. Се сеќавам дека во тие денови времето беше многу лошо,имаше дождови, лапавици, а потоа се поправи. Со самото доаѓање на одредот во Подмочани, беше поместен еден дел во куќите, еден дел во планина, но повеќе во куќите. Се случи една незгода. Изгледа партиската организација не била доволно спремна тој настан наеднаш да го прифати, така што како резултат на сето тоа, имавме еден мртов, двајца ранети и еден предаден. Можеби и другарите од подмочани биле послободни и имаат земено поголема слобода во тоа движење.

Од ова место, од ПОдмочани, треба да нагласиме дека Мите Трпевски беше многу ангажиран и целата група што се префрли во Подмочани беше префрлена во Покрвеник. Во Покрвеник уште пред тоа се наоѓаше и Свештарот и Бустрик во илегалство. Тоа е при крајот на ноември, 1942 година. Целата група што се префрли на овој терен, беше во неколку наврати прифатена од Покрвеник, преку ПОдмочани, преку Царев Двор, преку Горно Перово, меѓутоа, беше собрана над селото Покрвеник и сместена во една пештера. Таа беше прилично без услови за да можат да се сместат,меѓутоа, друга алтернатива немаше и мораше да се прифати

Се сеќавам на Свештарот, кога отидовме таму, кога влезе во пештерата, кога извика: " излезете мртви, да влеземе живи". Во таа пештера останаа околу еден месец, од другата половина на ноември до 20 декември 1942 година .Овде беа прифатени, хранети и обезбедувани од партиската организација на селото Покрвеник. Храна имаше собрана, меѓутоа, таа не беше доволна да издржи до крај да се исхранат. Не беше причина само храната, туку целата ситуација. Трповски одржа состанок со Илија Спировски и со Свештарот и им предлага дека е доволно со седење, дека храната е при крај, треба да се оди во акција, а положбата на тој терен беше прилично добра, подносилива за вршење на акции. Врските на овој терен беа прилично добри со албанска Преспа, воспоставени некаде уште од април 1942 година преку Јордан Тасевски а партискиот комитет врските ги држеше и преку учителите во село Царев Двор. Тука мислам на Реонскиот комитет.

Третата врска е остварена преку КрумеДимитровски и Свештарот кој замина за Корча на состанок со Корчанскиот албански комитет, за што ќе говори другарот Јордан Тасевски.

Во врска со сето ова, на 17-ти декември, се изврши прва акција во селото Отешево. Таа беше акција за разговор со селаните за појавување на Одредот, зошто после сите тие удари требаше да се појави за да видат луѓето дека тој постои и не е уништен како што велеше окупаторот.

Со оглед на тоа дека беа помал број на другари од Одредот беа придружувани од двајца другари од оваа партиска организација Потрска и тие беа на стража. Беше Трповски и јас.

Разговорот траеше два три саати. Потоа се прибра добра храна за да може другарите да издржат уште еден месец.

После оваа акција, повторно се вратија во пештерата каде што живееа.

На 27 декември истата година, Одредот врши акција над селото Коњско, придружуван од Мите Трпевски и прифатен од JОрдан Тасевски во селото Коњско. Тој подетално ќе го опише патот на кој начин и како помина.

На 26-ти декември пристигна во Коњско. На 27-ми одржа митинг со селаните и формиран е прв народноослободителен одбор на оваа територија, кој постои во документацијата.

Во меѓувреме, додека Одредот дојде во Коњско, Свештарот беше повикан, врз основа на дојдено писмо од албанскиот Корчански комитет, испратено до Круме Димитровски, Свештарот да замине на разговор во Корча. За таа работа подетален опис ќе даде Јордан Тасевски.

СТЕФАНОВСКИ ЖИВКО:

Ќе се произнесам во врска со префрлувањето наОдредот односно после акцијата во Сапотско. Една по друга, двете групи се префрлија над Подмочани, а третата група со Овчарот остана на Златари, а тие се споија во тоа време каде што Комитот заврши со зборувањето. Со префрлувањето на овие две групи, поединечно, во прво време беа сместени по куќите во Подмочани и Грнчари. Јас презедов одредени дејствија со помош

на другарот Лазе Парговски, другарите што се по куќи да ги собереме да не седат по куќи, бидејќи доаѓаше до разочарување ќе дојдеше до ситуација Одредот да биде разбиен и тие да презимуваат по куќи. Нашата цел беше Одредот да остане како целина.За таа цел воспоставив врска со село Сливница, со еден другар Стево, кој ме опфати уште од порано кога работевме физички на патот, Јас отидов кај таткому на Стево, кој се вика Ристо Стерјоски и со фамилијата се договорив да му се носи брашно и друга храна, тука да се меси леб и Одредот да се смест во Сливничкиот манастир. Групата што ја донесов кај сегашното црквиче кај Претор.На голините има едни укопи од првата стветска војна. Тука ги оставив да ме чекаат . Меѓутоа, кога отидов дефинитивно да го земам клучот од Сливничкиот манастир, Ристо откажа да се меси леб. Во тој момент, јас се снајдов, го зедов клучот од црквичето. Во сегашна положба, црквичето е голо, но тогаш беше во дрвја. Тука ги сместив другарите, кои останаа седум или десет дена. Јас на одреден начин ги снабдував со храна, во што учествуваше и Живко Митревски, Ошарковски Сандре од Царев Двор. Тие не знаеа дека групата е тука, но јас тоа го организирав , тука се изведуваа одредени работи на патот и за цело време како стража Одредот беше обезбеден. Кога повторно се обидов за сместувањето во манастирот и не успеав, тогаш ја повлеков групата изнад село Грнчари. Тогаш Реонскиот комитет застана на становиште да се префрли према Галичица. Другарот Мите Трпковски беше одговорен по војна линија на Комитетот. Тој ни ја посочи таа пештера и се сместија таму.Таа пештера така е сместена, што и оној кој таму ќе помине не може да ја види. При влегувањето во Отешево, Одредот се

снабди со храна а јас следниот ден на 18-ти отидов да ја посетам групата и покојниот Илија Спировски беше радосен. Меѓу другата храна имаше сушени риби. Илија тогаш ми рече: " од сега, ние Живко ќе се снабдуваме сами со храна". Од тогаш јас Отешево го сметам како слободна територија се до доаѓањето на бугарите затоа што ни еден италијански војник не влегол. Иако во онаа хронологија за одредот се говори за акција, тоа треба да се корегира и мислам дека акција е првата, што ја објасни Комитот, а другото е влегување на Одредот во Отешево, кога навратуваш си влегуваше како во дел на слободна територија.

КИЦО НОНКОВСКИ:

На минатото советување што го одржавме во својата дискусија, кога стануваше збор за формирање на Одредот и доаѓање на групите, јас се префрлив. Всушност се однесува за сега, а не тогаш за формирање на Одредот, кога групите се приклучуваја од Подмочани, од Сливница, према Царев Двор, према Покрвеник. Тоа што тогаш го кажав за престојот во Царев Двор, на Илија Спировски и Илија Игевски-Цветан, кај Боче, се однесува за ова движење а не за тогаш. Ова го имам написмено ставено, но го кажувам за да не внесе забуна во пишувањето кога другарит те ќе работат на тоа. Инаку, точно се внесени луѓето, кои каде се движеле, итн.

Поврзано со ова, вотоа време, во ноември, се одржа еден состанок, при крајот на ноември, по иницијатива на Илија Спировски и Мите Трповски- војводата, до колибата на Мите, во лозјето, каде што беа присутни другари од Царев Двор. Затоа што е расправано, за кои лица се работи, изнесено е во материјалот на стр. 3, што јас го дадов порано,само сега сакав да го

поврзам со оваа активност на другарите од Одредот и Мите Трповски.

ЛАЗЕ ПАРКОСКИ: ( од Подмочани)

Ќе дополнам во врска со излагањето на другарот Живко, кога Одредот се наоѓал во бугарска територија, односно во Сапатско. Една група од пет-шест души беше префрлена. Меѓу нив: Јордан, Пецо Лутевски, Илија Спировски, Јас и Живко требаше да ја завршиме таа работа. Живко ми рече дека разговарал со Стево од Сливница, негов роднина, да ги однесе другарите кај него и дека тој ќе ги прими. Во меѓувреме, јас вечерта ја зедов групата, ги однесов над Рајца, отидовме во Преторската корија, а на средината имаше едно голо место. Илија Спировски рече никако овде да не останат. Вечерта јас спиев кај нив, и сабајлето слегов долу со Живко како што бевме договорени. Живко ми рече да не пристанам. Живко ги прифати, а каде ќе ги носеше, тоа беше негова работа.

ДИМИТРОВСКИ КРУМЕ- МИЧО:

По настанот во Сапатско, како што другарите изложија и префрлување на групите од Одредот на територијата под албанска-италијанска окупација, се префрливме два пати. Јас со четворица другари: Илија Спировски, Лутевски Пецо-Малчик, Томе Илиевски. Се лоциравме во планината над село Грнчари. Тука врската ја воспоставив со Партијата преку Мерсили Кадри- албанец, кој ми беше многу добар пријател. Пред да ја

ја воспоставам врската му нарачав да го повика Киме Арапоски, кој веднаш дојде. На Киме му нарачав хитно да воспостави врска со Живко Стефановски. Киме се јавил кај Живко, но Живко бил спречен да дојде. Затоа , на закажаното место, над Грнчари, дојде Ѓазе Парговски и ме спои со групата која претходно од нас дојде во подмочанските лозја. Поради близината на селото каде што имаше окупаторска војска, нашиот опстанок не беше погоден за нас. Го потврдувам случајот на Живко со другарите кои се носени према Сливница. Меѓутиа, за да се растерети Живко и Ѓазе Парговски, од оваа група, поради сместување и хранење на другарите од групата, јас и Илиевски Славе- Стево од Кривени, беше одлучено да заминеме во село Грнчари кај моите. Тука со Славе останавме 15-тина дена. Во меѓувреме, на 17-ти, XI. требаше од мојата плевна да се префрлиме во село Подмочани. Затоа, Живко го испратил Јонче Митревски, говедарот на Ѓазе. Тој дојде за да не префрли со Славе од Подмочани во некое место. Меѓутоа, на состанокот дојде, но не близу, бидејќи се судрил со еден италијански војник, така што врската ја изгубивме, ние не знаевме каде да одиме, се вративме во Грнчари, влеговме кај неорганизирани луѓе.

Во ова време се случува еден немил настан со убиството наКоста Кусаковски. Ова доби уште еден удар наштета на Одредот. Опстанокот и кај овие неорганизирани луѓе беше отежнат од страв, бидејќи во исто време беше запалена и куќата на Цветко Кусаковски, таткому на Јордан Наумовски-Калче.

Ние со Славе не можевме повеќе да останеме во Грнчари и одлучивме самоиницијативно, Славе да замине за село Кривени, а јас одлучив да заминам во село Коњско. За село Коњско

јас имам поопширно напишано. Би го замолил другарот Тасевски Јордан од село Грнчари , да каже како Круме отишол кај него.

НАУМОВСКИ ЈОРДАН -КАЛЧО:

Познато е дека Свештарот е префрлен во Курбиново. Го префрли Крсте Соколовски и Коста Кусаковски.Познато е дека влеговме во Сапотско. Тоа не е акција, тукувлегување, за одржувањ на митинг и снабдување со храна. Познато е дека бугарите не изненадија , не нападнаа и не растераа во три групи. Јас бев со групата на Овчарот, поголемата група, и се префрливме во Смилевската корија. После неколку дена правевме напори да се споиме со групата на закажано место , но не успеавме, затоа што една група со Коста Кусаковски се префрли на италијанска територија во Подмочани.

Со Овчаровата група , ние повторно се раздвоивме. Во таа група што бевме на Смилево, Фед и Гавро заминаа за Битола. Јас, Славе Илиевски и Ристо Глобочки заминавме за Подмочани , а троица од Златари останаа во Бигла.Тоа се Овчарот, Крсте и Старејко. Со Коста Кусаковски, групата што тој ја префрли во Подмочани, беше Буслик и Цветан- Илија Игески. Тие заминаа право во Подмочани, седее ден, два, и заминаа за Курбиново кај Трајан Ставревски. Таму, дали се сретнаа со Свештарот не сум сигурен, но останаа кај Трајан. Коста се врати пак во Подмочани и се смести во куќатакај него дома. Истиот ден кога Коста се смести дома, легна да спиеат на креветот, а пушката, бомбата и фишеклиите ги остави до него. Во тој момент доаѓаат карабињерите да ја уапсат снаат на Коста-

Веса Кусакоска, Ќимеица. Кога влегоа италијанските карабињери да ја уапсат, видоа низ пенџерето дека влегоа карабињерите и веднаш го разбудија Коста. Коста се префрли во другата соба, така што италијаните влегоа во собата каде што беше Коста а Веса успеа да ги стави под кревет, а италијаните направија еден претрес, го отворија сандакот со алишта, таму најдоа американски писма, бидејќи таткому на Коста живееше во Америка. Почнаа да читаат од писмата и воопшто не извршија претрес и кажаа дека се со налог да ја уапсат Кимеица. Кимеица ја зедоа, ја однесоа во Корча, заедно со Иљоица-Иванчина.

Покасно, пак се најдовме со Коста, а покасно и со Илија Спировски и со Цветан и со Бусрик, и со Ристо Глобочки. Ние повеќе време, 10-15 дена самостојно живеевме, живеевме по плевни и колиби. Главна врска ни беше Живко Стефановски и Љазе Паргоски. Тие многу ни се најдоа во тоа време.

Требаше повторно да се раздвоиме по групи. Живеевме во колибата на Борис Глобочки и во колибата на Филип Магдевски а живеевме и во плевни, поединечно, по двајца. Коста и сам живееше по плевните, кај Ламбе Кечуловски, кај Никола Цветанов и други. Коста Кусаковски ми е прв братучет. Тој доби задача. Илија Спировски му го даде пиштолот на Коста,( нагант) за да извршиме ние двајцата атентат на Трајко Кажановски-шпиунот, но, незнам од кои причини, не успеавме со атентатот. Потоа, ние со Коста отидовме во Раица, кај некој негов роднина, а тој скоро не избрка оттаму. НИе двајцата дојдовме во трапот, а беше 18-ти ноември, со голема слана.Во трапот, наместо да го

убиеме Трајко -шпиумот, тој не најде таму. Ние го фативме, го врзавме, го разоружавме, имаше чифте, беше по лов. Но, од наше невнимание, италијанците наблизу собираа камења, имаше еден бункер, го уклепуваа, и постојано околу нас, со маските носеа камен, така што еден секогаш чуваше стража на тоа место. Во тој момент кога јас бев настража, Трајко се одврза, го нападна Коста, го рани. Кога јас чув пукање, истрчав.Но, јас имав со мене само бомба, а пуштака и пиштолот беа останати кај Коста. Јас ја зедов пушката, го удрив еднаш но не го погодив, тој побегна, а јас се обидов да го спасам Коста, го однесов подалеку, но во меѓувреме самиот се рани со нагантот, Мислеше да се самоубие. Кога падна , јас мислев дека е мртов го покрив со едно палто и си заминав . Тој станал и се повлекол према селото. Трајко го пресретна истот тој шпиун, го зедоа карабињерите. Опишано е, и јас сум напишал, како беше неговото држање, стрелањето итн.

Комитот го опиша случајот во ПОкрвенската пештера. Таму се собравме, прво во селото Покрвеник, а потоа во пештерата влегувањето воОтешево итн.

ЛАЗЕ ПАРГОСКИ:

Тоа беше околу 4-5 часот кога стана овој случај. Коста веќе беше затворен кај карабињерите. Сабајлето дојдоа ме зедоа карабињерите, ме притворија во карабињерската станица. Во меѓувреме го насликаа целото село, ја запалија куќата на Цветко, таткому на Јордан. Не распрашуваа нас, го прашаа Коста "дали овие ти дадоа оружје, дали ти даваа леб", а тој ништо не признаваше. Кога видоа дека ништо не признава, нас непрефрлија

во друга соба. Гледавмениз пенџерето како го врзаа за дрво, Првиот пат италијанците пукнаа, но не го погодија. Не сакаа да го погодат. Дојде еден офицер , им се развика и тие срелаа право во него. Неколку дена нас не држеа а потоа не пуштија бидејќи Коста ништо не призна.( упадица: кои беа тие што беа фатени?).Тоа беа КОста Дојчин, Лазе Дојчин, Алексо Прзе, јас и Милан Стојчевски.

ТАСЕВСКИ ЈОРДАН:

Поврзан сум со движењето но не на оваа територија на Преспа, туку во 1941 година со другарите од Глобочани, на албанска територија. Другарите беа: еден учител , по име Илија, од Корча, претседателот на општината Томо, кој покасно многу допринесе за прибирањето и дејствувањето на Одредот на тој терен таму. Потоа, двајца мештани од Глобочани, Гоче Пандов- горичанец и Ѓерман Калешков. Тука сме работеле повеќе околу тоа да размислуваме како да биде што да биде, како да се направи ова или она.

Во 1942 година во април месец, преку рибарите од Покрвеник, во разговоро констатирале дека сум заинтересиран за оваа работа: Јонче Јамо и Трајан Ѓегарак. Уз разговорот констарирале дека сум присталица или симпатизер на движењето, па гоизвестиле Мите Трпевски, дека во Коњско има таков и таков човек. По истите другари, Мите испраќа покана, по секоја цена да се состанеме. Јас отидов во Покрвеник. Ме сретна другарот Танас- комита. Ме однесе кај Мите, бидејќи јас не знаев каде е.

Тука се запознавме со многу работи, го известив што има на наша страна, на тој терен, а тој ми даде конкретни задачи што треба да направиме. По извесно време Мите мезапозна со другарот Живко. Потоа со Живко и со Мите имавме доста работа околу сместувањето на Одредот, сме дискутирале околу тие заседи, не знам дали се сешаваш Живко, бидејќи поминало доста време?

Мико дојде во Коњско на 22. Да ги расправаметие работи, како било и што било со Мико, тоа е долга работа. Тоа што еднаш е кажано дане го повторуваме. ( упадица: Дали тоа што го кажува Мичо, го потврдуваш? ) Го потврдувам.

Околу тоа издајство, тоа не беше издајство. Мичо отиде кај негов роднина, да презими иии додека фати врска. Тетинму бил на гости кај неговите и го нашол некој балиста што бил во неговото село- Тефик. Тефик на тетинму Тодор му рекол " речете му на Круме да си дојде, јас гарантирам за него дека влакно нема да му фали од главата". Кога дошол Круме кај тетинму, не можам датврдам дали бил решен да го предаде. Таткоми важеше за паметен човек и Тодор сакаше да се консултира со таткоми дали да го предаде или не Мичо. Ако таткоми му речеше да или не, јас не знам што ќе беше со Мичо, но знам дека Тодор не го пуштив да оди кај таткоми, туку го задржав јас и го прашав во што е работата. Тој ми кажа дека Круме е дојден од Грнчари, внук е на неговата жена, како да се направи да се спаси и детето". Јас го прашав што ќе направи со тоа, дали знае колку партизани има. Мичо му кажал нему, кој каде загинал, така што тој бил известен за се. Го прашав , дали знае колку партизани има во селото? Тој некако ме загледа, а всушност воселото

немаше никој. Јас бев таму и некои симпатизери. Тој ми рече: " што да му правам кога го разбраа сите?". " А зошто да го разберат сите? " Тој се најде во една недоумица. Селото беше мало, но секој различно мисли. Луѓето не беа сите организирани. Четири пет души беа организирани а другите не беа. Јас му реков да се врати назад и да прогласи низ селото дека тоа не е Круме туку некојбратучед на Круме. Тодор рече, добро, но од друго село има едно девојче па го знае. Јас му реков да се врати назад, а јас што ќе правам со него тоа е моја работа. Тодор се врати, по мракот, а околу 5,30 часот јас влегов кај Тодор, запалил едно кандило, се поздравив со другарот Круме а внатре гледав еден човек од кого најмногу се плашевме во селото. Тоа беше Живко Ѓорѓиевски. Потоа, стана најдобар соработник. Можеби ние не бевме во право, но тој беше малку брз. Тој влегол внатре.Време за размислување немаше, зошто некој можеше да ги известиинталијанците па да пропадне целата работа, да го фатат и него и да настрадаат и други. Влегов кај Тодор, се поздравив и му реков на Круме да излезе малку надвор. Му реков дека е во незгодна ситуација, да каже што го мачи и да бараме решение. Тој ми одговори "Кој си ти што ми викаш, кој е во незгодна ситуација? " Му одговорив дека време за размислување нема и дека треба нешто да се прави, а тој не сакаше да чуе. Кај мене ми се најдоа два билтена, отидов ги зедов, му ги дадов, ги погледа на ламбата, и кога ги виде ми рече: " другар, јас сум ти на располагање". Така, Мичо гооднесовме во планина со тетинму, сабајлето. Мене ми беше далеку да одам во Покрвеник, а требаше да го известам Мите за неговото доаѓање бидејќи ние бевме договорени што треба да работиме и како да ра-

ботиме. И од Одредот имаше луѓе кои беа " изгубени". Овие кои отидоа во Покрвеник кажаа дека не се знае за овој или оној.

( прекин на лентата)
( продолжение) 2/1

Мичо е однесен во Глобочани кај Гоче и кај Герман. Таму седеше неколку дена.Учителот ги известува во Корча, а јас го известив овде Мите. Учителот се вика Илија, не му го знам презимето, роден е во Корча. Погинат е 1943 година на 9 септември наденот на капитулацијата. Корча бараше Круме да замине во Корча. Тука Круме се снабди со лична карта, го слика Илија- учителот, така што Круме легално замина, со лична карта, за Корча.Главна врска тука беше учителот. После три дена дојде едно писмо оттаму. Во Коњско го донесе Гоче од Глобочани. Писмото требаше да се однесе кај Мите. Тоа е на 3.XII. Мите ми рече да се најдеме во среда во Царев Двор и да ми каже што т треба да правам. Во писмото беше напишано, еден другар, одговорен од Одредот да замине за Корча. Круме како да беше во притвор, бидејќи им излезе сомнителен на другаритево Корча. Тие таму го притворија и затоа бараа од овде да оди човек Мичо да биде ослободен. Бидејќи албански одлично говори, тие се посомневаа дека е уфрлен шпиун кај нив.

Кога Мите го доби писмото, се разјасни во што е работата, дека е потребно еден да оди таму. затоа, Мите ми рече: " ќе дојдеш во среда и ќе ти кажам што треба да правиш". Во средата се најдов со него. Ми се чини дека тогаш беше и Живко. Мене тука ми дадоа една сликаод Свештарот. Јас до тогаш не сум го познавал Свештарот. Ми рекоа " за овој другар да се извади

лична карта во Глобочани" затоа што претседателот беше наш човек, и еден другар требаше да се префрли за Корча. Најбезбеден пат требаше да биде преку Покрвеник,Отешево, Лескоец и Горица. Во Горица требаше да не чека еден наш другар и така се договоривме. Истиот тој другар е Гоче, што тука го спомену-вам. Личната карта му беше извадена на Свештарот(околу 18 декември) . Преспа во Глобочани. Прво спиеше во Лескоец, а потоа во Глобочани. Од Глобочани со лична карта го зеде Илија-учителелот, го испраќа на автобус во Глобочани.Тоа беше автобус кој се враќаше од Љубојно за Корча. Тука мораше да изврши преправки, затоа што многу луѓе го познаваа овде, а и доста луѓе патуваа со тој автобус во тоа време за Корча од Царев Двор, од Љубојно, од секаде.( прашање: Кое име на личната карта на Свештарот стоше? ) Тоа не го знам. Не се заинтересиравме да разбереме.

Кога Свештарот се префрлува во Корча, доаѓа во Околискиот комитет, кај членовите, и само штого виделе, обавиле еден разговор и веднаш Мичо го пуштија. Тука е договорено, Одредот може да дејствува во тие македонски села што се на албанска териториja.

Веднаш после три дена следи друго писмо, кое доаѓа преку Глобочани во Коњско, а од Коњско во Покрвеник. Ова писмо му го дадовме на МИте, во кое стоеше да се прибере одредот Даме Груев" и да се префрли на одреденотоместо. Во пештерата останаа четворица во пештерата, горе, Свештарот замина претходно, а четворица останаа ваму. Требаше тие да се соберат. Јас мислам дека тие се собрани во Лескоец , а према некои се вели дека се собрале во Покрвеник. Во најголема зима, околу 26

декември, снег до колена, одредот требаше да замине од Покрвеник во Лескоец, преку Стење за Коњско. Така е стигнат Одредот во Коњско на 27 декември во 2 часот после полноќ. Тука остана ноќта да преноќи воколибите,На 27-ми се одмараше цел ден и на 27-ми вечерта слеговме во селото долу,одржан е митинг, избран е Народно-ослободителен одбор. ( Упадица : кој е составот на народноослободителниот одбор? ). Тоа се: Тасевски Иван- претседател, Тасевски Јордан-секретар, членови: Ѓорѓиевски Живко и Петревски Тодор и јас.

Кога го одржавме митингот Илија Спировски ни рече: " треба да не носиш онаму каде ти знаеш". "Јас знам само во Глобочани, на друго место не знам", му одговорив. Тоа е на 27 јануари. ( прашање: Каде ја чекавте нова година? ) Во Глобочани, во куќата на Панде- Горичанецот . Тука е пренесен од Коњско во Глобочани со чамец, сместен во куќата на Панде. Гоче му е син на Панде. Тој е еден од најактивните на тој терен. Тука сме заклучно со 1942 година.

СУШЕВСКА ГЕНА:

Јас би го замолила другарот Живко Стефановски некои работи да ги разјасни околу формирањето на Првата скоевска или младинска група 1939 година во Подмочани. ( одговор: тоа во материјалите е напишано). Јас никаде тоа не сум го прочитала. ( Живко: На првиот состанок јас написмено предадов).

Второ, на минатиот состанок не се спомна преминувањето во илегалство на шнајдерите. Пред тоа тие беа повикувани

два пати во општината Подмочани. Има разни верзии, дека некој што таму бил курир му рекол на италијанскиот претседател дека овие не се лоши луѓе, па гипредал некој од селото, што тоа не можам да го поверува, а друга верзија, покасно се слушна, дека бившиот учител од село Асамати -Крањевиќ, дека дошол до граница и донесол слики од двајцата и на основа на тоа биле провалени. Ако другарот Живко знае нешто поконкретно за тоа би требало да ни каже.

ПАВЛОВСКИ МИЛАН: ( с. Preљубје)

Одредот дојде во Preљубје кај Боре Стојковски. Оттука, Кире Јошевски, јас и Боре, го пренесовме во Покрвеник. Во ПОкрвеник одржа митинг.

ТОЛЕВСКИ ПАНДЕ:

Драги Тозија, пишува дека "соработници на бугарскиот окупатор од Ресен беа: Крсте Трајчевски- војводата, Мите Ѓуровски, Мите-касапот, ЈОнче-Чукале и други придружни,од луѓе кои за време на бивша Југославија ја поддржуваа српската буржоазија и тоа беа: Крсте Срезовски- бивши сенатор, како и емигрантите од Ресен во Бугарија: Симеон Радев , Кире Попчевски-Јанковец и Борис Стефанов и др." Бидејќи многу добро ја познавам работата, би требало да се направи една исправка, каде се говори за Симеон Радев. Симеон Радев не можеше да биде соработник и да ја поддржува српската буржоазија, бидејќи тој беше крвни непријател на србите кои воопшто не ги сакаше. Тоа го

го знам од разговори што сум ги водел, бидејќи јас му станав и зет за внука. Јас не го бранам туку ја кажувам вистината. НИе сакавме да го донесеме тука, тој се согласи, но се разболе, ослепе и не стигнавме тоа да го реализираме. За хрватите е точно, крвно беше приврзан.( одговор: Прифатлива е таа корекција за србите, бидејќи Симеон Радев навистина беше таков.)

КИЦО НОНКОВСКИ:

На советувањето минатиот пат, попладнето јас не присуствував и затоа не знам дали се истакна еднамногу значајна акција на партиската и скоевската организација, скоро на цела територија окупирана од италијаните, за сечењето на телефонските жици. ( одговор : има). Во таа, исто ака учествуваат и членови на КП, на СКОЈ и од Царев Двор. Имињата не ги истакнувам во своите белешки, меѓутоа, ги истакнува Срезо Радевски во неговата изјава. Се согласувам со тоа што Срезо го дава.

ДИМИТРОВСКИ КРУМЕ: (МИЧО)

На поранешниот состанок јас изнесов едно изнесување од Груевски Трајче- Павле. Би го замолил да го образложи случајот како што е произнесен во две книги, тоа за што Трајче пишува а тие го вметнале во некои книги од НОВ. Се однесува на книги од Битолско. Трајче Грујоски-Павле на едно место вели дека во 1942 година Свештарот го расформира Одредот и замина за Албанија. Во друга книга, вели дека " порасформирањето на Одредот, Свештарот отиде во преспанските цркви и таму контактирал со народот низ Преспа и така народот го организирал". Во оваа смисла би сакал, другарот Трајче

ако сака да се произнесе.

ТРАЈЧЕ ГРУЈОСКИ:

Во врска со овие прашања јас не се сеќавам дека баш така категорично сум изјавил во врска со Свештарот, посебно заради фактот што јас Свештарот прв пат непосредно го сретнав во 1943 година, кога одредот "Даме Груев " дојде на територијата на Егејска Македонија. Според тоа, сум можел дакажам нешто слично, само од зборувања на поединци кои од одредот "Даме Груев " дојдоа во одредот "Јане Сандански" во кој бев и јас. Тие зборуваа дека политичкиот комесар на "Даме Груев" - Свештарот, за да се камуфлира во работата низ селата на Преспа, самиот почнал да произведува свеќи и на тој начин одејќи по црквите и по селата успевал да ја шири идеата за Народноослободителната војна. Инаку, за расформирањеђо на одредот "Даме Груев" и префрлувањето на Ѓорче -Свештарот во Албанија, истото се однесува како што реков пред малку.Во тие трансформации на Одредот и движење низ преспанските села и сега во текот на овој претрес се спомна дека Ѓорче -Свештарот отишол на теренот на Албанија и имал соодветни контакти со Партиската организација таму, така што нешто повеќе од тоа не би можел да кажам.

ЈОВКО ЈОВКОВСКИ:

Не сретнав ниту во хронолошките единици ниту некаде запишано, дали е тоа крајот на 1942 година или почетокот на 1943 година, кога Одредот беше по групи, кога во Арвати прет-

стојувал можеби месец и повеќе Добри МИлевски и братму Вандо, кај Цики. Го спомнувам тоа да може другарите да го имаат предвид, дека еден период претстојуваше над Арвати. Г о спомнувам поради тие обиди да се поврзиме со луѓе од албанската народност, а покасно кога ќе говориме за 1943 година ќе кажам повеќе.

НАУМОВСКИ ЈОРДАН:

Дали има некој да каже за 1942 година, септември месец кога почна апсењето на територијата на Бугарија, во Ресен, Во подмочани се префрли самоиницијативно Лаки и беше сместен кај Таки како тишлер и работеше во неговата работилница, се до излегувањето во партизани во 1943 година.

Исто така, во Подмочани дојде еден кондураџија-Шаин. од Битола. ( упадица: Тој е Садик Шаин). Тој беше сместен во Подмочани во една куќа кај Јонче Донев и работеше на занаетот како кондураџија. Јонче Донев- газдата беше во Германија на работа, така што тој беше слободен и соработуваше со младината. Во 1943 година, во летото излезе во партизани и двајцата дојдоа во одредот "Даме Груев".

СОКОЛОВСКИ КРСТЕ:( Златари).

Ова не е никаде речено, а селото Коњско заслужува да биде кажано. Во декември 1942 година ние бевме сместени во селото. Таму постоеше Народноослободителен одбор. Меѓутоа, ние бевме сместени во караулата над селото и имавме поставено патрола, односно стража. Сабајлето, околу 10 часот, февруари, стражарот ми соопшти дека ќе помине една патрола, италијанска,

од 5-6 карбињери. Ние рековме дека сме провалени и откриени. До колку ги фатимениv, селото може да биде да биде спалено, а селото е наше. Ние решивме да одиме долу, кај трлата, да се склониме п ривремено, да видиме каква е ситуацијата. Тие влегоа внатре во селото. Тие изгледа дојдоа по јајца, по кокошки, а не бевме откриени. Со ова сакам да кажам колку селото Коњско беше наше, скоро сите беа наши . Италијанците неколку часа се задржаа и потоа си заминаа. Тоа не сум го сретнал во книгите запишано.

ЛАЗА ПАРГОСКИ:

Двајца другари никадене сум ги сретнал во хронологијата. Тоа е Кире Дојчиновски и Сандре Ивановски,бивши шофер, од Подмочани. Кај Сандре, јас и Коста Кусаковски го зедовме од Сапатско Илија Спировски. Во меѓувреме, дома немаше никој и моравме да го однесеме во куќата на Коста Кусаковски , неколку дена. Дури , ја запознавме мајката на Сандре а потоа го однесовме кај Илија.

Што се однесува до Кире Дојчиновски, во тоа време уште беше дете, но конспиративно дете.Јас ги однесове прилепчаните од Одредот. Ифтим ги донесе, јас ги презедов и пренесов кај Коста-Дојчин. Мајкаму на Кире рече да не се плашиме од детето да не не каже.

СТЕФАНОВСКИ ЖИВКО:

Со оглед на тоа дека хронолошката единица што ја имаме за денеска, почнува со мое искажување, сакам да гообјаснам

Вака како што е оформено- јануари 1943 година,

не може да се сфати суштината, а сврзано е со тоа што го зборуваше Комитот, Круме, Јордан, во врска со поврзаноста на нашиот Реонски комитет со Комитетот во КОрча, кој постоеше уште во 1942 година . Стои и врската за преминувањена нашиот одред на таа територија. Овде стои јануари, но тие контакти за тоа одобрување и усогласување за делувањето на нашиот Одред на таа територија, тоа беше нашата врска на Реонски комитет -Мите Трповски, Мичо, Свештарот. ( претседавачот: Сакаш да кажеш дека претходно постои соработка помеѓу Реонскиот комитет на овој дел на Преспа со Корчанскиот комитет). Тоа е крајот на декември, а од јануари нашата единица слободно се движи на тој терен. По апсењето на другарите од овој дел на Ресен заедно со Околискиот комитет, овој Реонски комитет немаше никаква врска со други повисоки органи, но самостојно делуваше и тоа редовно. Тине, кога беше пазар во среда, а понекогаш и во недела , редовно одржуваше врска и редовно одржувавме врска со учителите како што беше Кочо понекогаш го викавме и на состанок на Реонскиот комитет за врската со Корча.Така ние делувавме се до доаѓањето на Кузман Јосифовски-Питу и другарот Абаз. Према моето искажување и на другарот Боче, према снегот, сме рекле дека е тоа во март или април 1943 година. Но, дали се поклопува спрема изјавите на другарот Абаз или не, Абаз некаде рекол дека е тоамај. За ова време кај нас имаме скоро во сите села, околу ПОкрвеник, активна партиска организација која продолжи со својата активност се до нашето излегување во партизани , до јуни.

Второ, во хронологијата( петта), каде што јас се искажувам за вадењето на чамецот и пушките и учеството на стоте селани во оној дел од Преспа кај Туминец, како што е вака оформено може погрешно да се сфати, како јас моментално да присуствув таму. Јас сум присуствувал на лице место, но после тоа. Тоа е по исказ на партиската организација.

ТАСЕВСКИ ЈОРДАН:

На 2.I.1943 година одредот "Даме Груев" кој се наоѓаше во село Глобочани, замина од село Глобочани, предводен од другарот Круме Димитровски-Мичо, во селата на Мала Преспа, и доаѓа до село Прогун на албанска територија. Таму останува ден-два и се враќа назац во Церје.

Во Церје се одржува Митинг и тука се формира прв Народноослободителен одбор, после Коњско. На 6.I. Одредот доаѓа во Зрновско. И таму врши акција и се формира Народно-ослободителен одбор. На 8.I Одредот доаѓа во село Леска, каде што исто така врши акција и формира Народноослободителен одбор. На 10.I. оди во Шулин. И тука врши акција, формира Народноослбодителен одбор. Од Шулин доаѓа во базата во село Коњско. Тука останува подолго време, повеќе денови. Тука Одредот се одмара и оттука некои другари дејствуваат. Некои другари се префрлувани со Чамец - Цветан и Овчарот до Отешево а од Отешево си заминаа по некоја акција.

На 15 јануари, Одредот од Коњско се префрлува во Туминец, со чамец. Од КОњско до Туминец има еден час со чамец. Тоа село е поголемо, а Одредот броеше 1о души. Тука беше

потребно да има и обезбедување, бидејќи овие села беа помали а немаше војска во близина, а во Туминец, војската беше два км. до Туминец. Тука беше потребно и да се обезбедува, а другарите да влезат во селото и да прикажат дека има една раздвиженост.

Тука е одржан митинг, формиран е Народноослободителен одбор и Одредот повторно се враќа истата вечер во базата во Коњско.( претседавачот: Ако знаеш да ни го кажеш составот на народноослободителниот одбор? ). Составот беше:Алексо Милевски-претседател, Живко Милевски- секретар, Петре Поповски, Трајче МИшев и други.

На 20.I.1943 година одредот "Даме Груев" префрлен е во село Глобочани. Првиот пат кога отиде во Глобочани беше во илегалство и не се појави пред народот. Тука изврши акција, одржа митинг , формира народноослободителен одбор во состав: Стиљан Таневски-претседател, Јоше Баруловски-секретар, Гуре Тушкаровски и други.

На 27-ми, одредот "Даме Груев" изврши акција во село Пустец, каде го отвори магицинот со спаиско жито и житото го раздели на околните села и на Пустец. ( овие датуми не може да се земат како строго точни, може да варираат со ден , два три).

На 5.II.1942 година во село Коњско пристигна Трајан Белевски и Ѓоре Велковски во придружба на Тасевски Доаѓат со задача да се поврзат со одредот "Даме Груев" и да видат каква е ситуацијата, дали тие можат да дојдат на овој терен.

Со самото префрлување на одредот "Даме Груев" не прекратил да дејствува туку постојано бил во движење и дејство на тој терен, но не само на тој терен, туку и ваму. Дури имаше случај, да биде испратен човек во Глобочани дали таму се наоѓа Јордан Наумовски , Кусаковски. КОга дошол таму, такво име немало.

Комита и Трајан ги пренесовме , истиот ден кога се вратија, во Покрвеник. Другарите од Одредот во Коњско, му ставија задача на Танас и на Трајан Гегарак, да се донесе по секоја цена жито од Покрвеник. Ги однесовме овие другари, во Прогун, со чамците, каде што директно учествував и јас. За неполн час го видовме Панде Толевски, со една сајна, со околу 100 кгр. жито, го донесе долу на езеро, ние го примивме и се вративме назад.

По два дена ги префрливме истите другари : Ѓоре Велковски и Трајан Велевски, зошто тие останаа таму некој ден да се одморат, да се исчистат и по три дена ги вративме по истиот канал, и тие си отидоа за Битола.

Околу 17-ти февруари, Одредот заминува по селата на Мала Преспа. На 25.II. 1943 година доаѓа во село Пустец.Во Пустец одржува митинг и формира Народноослободителен одбор. Тоа беше поголемо село и за него беше потребно поголемо обезбедување, како за пуштањето на житото, така и за митингот. Тука се приклучени четворица борци: од Пустец со чамци се заминати за Нивици. Во Нивици е одржан митинг на 27.II. ( претседавачот: имињата што ги спомнуваш дали се сеќаваш на тие четворица? ). Се сеќавам на имињата, но не ги знам презимињата. Тоа се: Доне, МИтре,Никола и Спиро.

Во Нивици митингот се одржа во црквата. Тука се нашле и некои трговци што дошле од Лерин. Откога се одржа митингот доаѓа еден нов партизан од Нивици, на чие име не се сеќавам а партизанското име му е Метаксас. Со нивички чамци се префрлуваат во Коњско, но не во селото туку надвор од селото на 500 м. Трговците од Лерин, отишле на Перово, каде што имало војска и ги известиле дека во Нивици имало синоќа тоа и тоа. Војската отишла во Нивици, ги фати тие кои го префрлиле одредот преку езеро, ги прашале, каде ги однесле а тие им рекле " ги однесовме меѓу Коњско и Туминец". Ги прашале кое е поблиску дали Коњско или Туминец, тие рекле дека Коњско е поблиску. Тие барале одобрение од Корча да се извести војската во Стење, каде што имаше војска и морнарица, да се блокира и претресе Коњско.

Јас го спомнував еден претседател Тома, кој беше во таа општина комуниста до јануари 1943 година. Потоа доаѓа еден друг по име Алија, кој беше далеку подобар комуниста и со него многу подобро можевме да се разбериме затоа што тој знаеше чисто македонски да говори. Јас директно контактирав со него, ако а одев кај Тома, требаше со тумач. Тие имаа најголема доверба во него затоа што беше од беговско потекло . Како на претседател и како човек од власта имаше доверба и им кажа дека во Коњско има такво и такво нешто и во Туминец, бидејќи Туминец беше во негов реон.

Одредот доаѓа во Коњско, пренокува во базата, во караулата, и сабајлето се повлекува. Некој тука спомна за доаѓањето на италијанците. Тие доаѓаа неколку пати, но не ги открија. Ги однесовме горе и за секоја безбедност седеја во Коријата

за да можат навечер да спијат во базата. Дента еден наш другар оди во Стење, ја срекава групата од 10-15 души. Го прашале каде оди. Тој им рекол дека оди за Стење. Го вратиле него со нив, затоа што не знаеле кој е да не изврши провала.Го прашале дали има партизани во Коњско, тој одговорил дека има и им кажал каде се и ги однесол право каде што беа партизаните. Јас ги видов, тие што ги знам: Пецо Божиновски-Кочо, Кунов, Фет, а мислам дека беше и Тодор- учителот. Некој мисли дека не бил. А јас мислам дека беше затоа што тој тука се состана со Одредот и ја презеде командата затоа што беше офицер. Ми се чини дека беше и Коки, што е сега генерал. На другите се сеќавам, но неги памтам имињата, бидејќи тие тука беа ден- два и си заминаа.

Одредот остана тој ден тука. Му се приклучија нови другари и тој броеше околу 35-36 души. Одредот преноќи тука и утре дента во Коријата. Вечерта, наместо да се врати назад, им се однесе горе да вечераат. Дојде пољакот од Глобочани и од Туминец. Донесе извештај дека Одредот е провален и треба да оди од Коњско,дека во секој момент се очекува Коњско да биде блокирано. Натоваривме три чамци се префрлени во Глобочани.Од Глобочаниво Горица, од Горица во Лескоец и се преминати на Преспа, во Отешево, Покрвеник па до Стипоно и тука е развиена активност и немирување на Одредот. На враќање назад, во Лескоец е дојдена другата група на одредот "Јане Сандански".

ЈОВКОВСКИ ЈОВКО:

Јас имав еден разговор и белешки водено со Наум Георгиевски од Шулин.Тој беше еден од најактивните луѓе на тој

терен, на албанска Преспа. Ова што се говореше за периодоф јануари-февруари, задвижењето на Одредот, потполно се поклопува со искажувањето на другарите овде, дури и датумите.Сакам да кажам во прилог на тоа и едно негово тврдење. Од него јас имам одреден преглед и на народно-ослободителните одбори на сите овие села освен Церје. Покасно кога е формирана и партиска организација од 25 души. Дали да ги приложам писмено или да ги прочитам заради верификација? ( претседавачот: прочитај ги заради верификација). Во Шулин тоа е група од јануари месец. Одредот во јауар главно борави од Пролом кога се враќа оди за Церје и три четири села од Шулин. Леска и Зрновци. Пустец уште не го зафатен, тука има италијанска единица. Во Февруари повеќе се движи во селата близу Коњско: Глобочани, Туминец, Горна и Долна Горица.

Во Шулин се следните другари: Темелко Цветановски- претседател, Лазо Гроздановски- секретар, Наум Георгиевски- одговорен за обезбедување и врски со други места, Јонче Трпевски- одговорен по младина и Трајан Јанкуловски.

Во Леска се следните другари: Ристо Илиевски, Васил Козларов и Наум Бондиловски. Тој народноослободителен одбор е од троица бидејќи тоа е и мало село.

Во Зрновско: Михаил Јанкуловски, Кире Аргировски, Кире Секуловски, Јане Секуловски и Јоше Аргировски.

Во овие три села тоа е составот на народноослободителните одбори во јануари месец. Во февруари месец во народноослободителниот одбор за Пустец се следните другари: Танче Ташковски, Трајко Чали, Павле Јоновски, Борис Малевски, Наум Крстевски и Цветко Јановски.

Во Глобочани се другарите:Герман Келешов, Ѓорѓи Пандов, Милан Малевски, Петко Доневски и Рампо Доневски.

Во Туменец се другаритр: Алексо Попов, Живко Јонески, Тодор Вурнов, Борис Вурновски и Ерикрија-шнајдерот.

Во Долна Горица се другарите: Гоче Шумковски,( Шумкаров) Тодор Калешков и Леко Шумкаров.

Во Горна Горица се другарите: Ламбе Велевски, Методија Гроздановски, Леко Гроздановски, Стеван Несторовски и Трајан Печовски. ( упадица: Во Глобочани претседател е Стиљан Таневски а секретар Јоше Баруровски).

За јануари месец, читајќи ја претходната хронологија, Кирил Манчевски зборува дека во Болно е формирана контрачета. Во Златари е формирана контрачета, во Ресен и во други села. ( ова е од хронологија од 1979 година). Мислам дека е добро тоа да се разјасни бидејќи и на други места се говори за тие контрачети. Се спомнува и во писмата на Кузман, за борба против четите. Се стекнува впечаток дека постои доста развиена активност на контрачетите во Преспа. Мислам дека би било интересно тоа да го расчистиме. Ако ги спомнуваме тие контрачети, треба да кажеме какви се тие бројчано, дали тие организирано делуваат, или се растурени по единици.

Во повеќе материјали, во врскасо одредот "Даме Груев", се говори следното. После провалата во Ресен и Ресенско, Одредот прави очајнички напори за опстанок. На овој дел од Преспа,

во делот на Покрвеник, тој наоѓа своја егзистенција, но и самото пробивање на албанска односно егејска територија е доста едноставно дадена таа улога на тие активности. Неговата улога и важност на тој терен е од непроценлива важност и од војнички и од политички аспект.

Овде би сакал неколку работи бегло да ги спомна. Тоа не се работи кои се однесуваат само на ова подрачје туку пошироко за движењето во Македонија.

Мислам дека пробивањето на овие терени, потоа , поврзувањето со движењето во албанскиот и егејскиот дел од Македонија, настанува мошне значајна активност за објаснување на целите и карактерот на НОВ и напоредо со тоа развивање и разобличување нанепријателската пропаганда и пропагандата од бугарите кои ги формираа контрачетите со Калчев и грците кога ја ширеа таа пропаганда. Настануваат нови услови,особено со разоружувањето на тие контрачети. Со тоа војничко разоружување се создава една можност за една поширока слободна територија која е многу значајна занатамошен развој на движењето кај нас, во смисла и на натамошна егзистенција во одредени периоди на овие терени на нашите единици. Тие овозможија да се одржи посебно одредот, единствен одред кој успеа успешно да се одржи и да претставува база за другите единици кои натаму се развиваа. Тие моменти треба да се имаат предвид. Со разоружувањето на тие контрачети, искористивме да се донаоружаме, покрај прифаќањето на нови борци.Ако го земеме понатаму движењето и на покрупните единици, на бригадата, извршен е огромен пробив на тие терени. Овој војно-политички значај сакав да го истакнам, на тие акции кои беа водени до јуни месец.

( упадица:Многу малку е кажано за албанските квислинзи, улогата, односите со нив, судири итн. Тоа прашање некако сите го заобиколивме. Потоа, за односите со италијанската окупаторска власт, овде е кажано, но нешто повеќеи за тоа да се каже). Ќе кажеме и за тоа кога ќе дојдеме по месеци. МОжеби испуштено е за 1941 година оној отпор против албанските училишта во Долна Преспа. Меѓутоа, другарите, Крсте, Коте и Ристо а и Муарем , можат нешто да кажат повеќе. Исто така и за другиот терен. Јас знам за Љубојски терен, за тие отпори кои беа и против доаѓањетона албанците и против албанските училишта. Јас тука не можам повеќе да кажам, туку нешто повеќе за делувањето на една група поимотни албанци од Наколец, од Крани и други кои биле главно носители на тој големоалбански нациоанлизам и создавале база и за создавањето на Муса Крани. Можеби другарите тоа подобро ќе го оценат. Јас од некои разговори и сеќавања, во целина за однесувањето на албанците особено после 1941 година, можам да кажам деканe се експонирани со еуфорични истапи кај албанското население, освен кај поединечни екцесни случаи кои покажуваат освета, реваншизам и некои други работи,така што не дојде до судири и со Муса Крани. Иако добре му дојдоа тие идеи за Голема Албанија, но некој поголем екстремизам да манифестираат, некоја тортура и други работи кај населението, не би можел да кажам.

ТОДОР СИМОВСКИ: ( Институт за национална историја).

Престојот на групата партизани од "Даме Груев" во делот на Преспа за која стана збор и во делот на Преспа под Албанија, за нас претставува значаен настан и колку подетално тоа го објасниме, толку ќе биде поинтересно за сите нас, бидејќи

досега тоа не го опишавме како што е потребно.

Второ прашање, кое исто така е важно, е воспоставување н врски и соработка со албанската партија преку Корча. Нешто е кажано, меѓутоа, тоа не е до крај расчистено, особено за нас, е важно, бидејќи преку таа врска најверојатно во мај, после мајско то советување кое е одржано во Кичевско, на Темпо со ЦК, 1943 година, тој директно заминува во Албанија, односно оди прво во Корча и од Корча за Албанија, а таа врска сигурно не би можела да биде воспоставена ако не беше реализирана преку оваа врска во која главна улога игра Јосиф Јосифовски-Свештарот.

Трето прашање кое треба да се разјасни е прашањето на датумот на посетата на Нивици, дали е тоа во февруари 27-ми или во март и да се види за партизаните кои потоа настрадаа од Глобочани и за македонецот од Нивици- Ѓоре или Метаксас.( упадица: Тоа е март). Јас мислам дека е март, но вие тврдите дека е во февруари.

Понатаму, да се расчисти прашањето за раководството наОдредот. Каква врска има во раководството на Одредот, на пр. Коле Канински. Тој воопшто не е присутен. Таа реорганизација на одредите станува во Горно Клештино, а тоа е во април. Тука стои: Ѓоре Велковски, претседател, заменик- Наум Веслиевски -овчарот, политички комесар- Коле Канински, заменик- Свештарот. Воопшто не одговара. Во април кога ќе дојдеме до тоа соединување можеме да одиме подетално.

Сакам детално и сосема совесно да го разјасниме престојот и активноста, преговорите и колку тие врски се одржуваат. Другарот Жирко Стефановски вели дека претходно делуваме. Ме-

ѓутоа, тоа не е доволно. Тој континуитет треба да има некаква врска , некаква база, врз основана која се одржува. Јас се сеќавам на зимата 1943 година, во јануари, кога доаѓа како делегат а не како член на Главниот штаб Киро Георгиевски-Дејан, тој одржува врски со Топ а тој е Миладин Поповиќ. Таа наша врска е многу значајна за таа соработка .

СОКОЛОВСКИ КРСТО:( Златари).

Јас сакам да кажам нешто за одредот"Даме Груев" кој се префрли во 1943 година во албанските села, односномакедонските села под Албанија. Нас не префрли Јордан со чун на 31 декември и новата година ја чекавме во тие села, во Глобочани. Оттогаш, ние развивме голема политичка активност, на луѓето им ја објаснувавме нашата идеа, зошто се бориме. Во сите села одевме слободно, луѓето не примија како свои. Беа формирани и народноослободителни одбори. Меѓутоа, таму имаше некои богаташи, кај кои ние влегувавме и ќе им речевме" аконешто вие кажете, куќата ваша ќе отиде". Тоа беа поединечни случаи, додека останатите беа за нас. Вопериодот од јануари, февруари, пројавивме голема активност. Како резултат на тие активности неколку партизани дојдоа во Одредот.

Тоа што го кажа другарот Јовко Јовковски дека треба да се обработи за одборите, јас не ги познавам тие работи, сумзаборавил, меѓутоа, тие народноослободителни одбори беа формирани. Кога одевме во селата сите не знаеја, одевме легално, стално спиевме таму. Житото што таму го собираа како откуп, исто така го делевме. Тоа беше како слободна територија во

права смисла, потполно прифатени од народот.

Потоа, во февруари се префрливме во Коњско. Тука малку време се задржавме . Тука дојде Фет и Божиновски Пецо и потоа повторно се префрливме долу. Се сеќавам на Фет, бидејќи тој во февруари, беше сончево, тој се капеше во езерото, ние се смеевме како може да се капи во езерото. Потоа,извршивме акција во Нивици. Нивичани многу добро не примија, на грчка територија. И таму одржавме митинг, цел ден се задржавме и повторно се вративме натаа територија. Таму дејствувавме се до почетокот на март. Од почетокот на март пак се префрливме во Коњско.

Димитровски Круме- МИЧО:

Читајќи ја оваа литература од областа на НОБ, во книгата на Илија Спировски-Панде, "Народно-ослободителни одбори-Битола и Битолско 1941-1942", спомнува: " повторното одење на Свештарот во Корча- Албанија". Ова сакам да го исправам. Тој е отиден но не во Корча. Тој бил во Албанија, но по договорот во Комитетота во Корча, требаше Свештарот да одржи во село Звезда една конференција со избрани луѓе, кои Комитетот ќе ги одбере преку нивните партиски организации. На 22, 23 февруари, кога се наоѓаме во селото Шули, дојде писмо од Корча, во кое Комитетот соопштува, дека се е спремно за состанокот, односно за предавањето кое треба Ѓорче да го одржи и дека на патот, на раскрсницата Звезда-Корча, ќе чекаат троица другари". Едниот другар го познавате ти и Мичо". Бидејќи требаше да разговараме на албански јазик со другарите, Свештарот ми рече да се спремам да одиме на пат. Јас го познавав тоаместо. Отидовме на раскрсницата

каде што го наоѓаме Лефтер од село Прогри, кој не прифати и уште во градот ме носеше како негов придружник и ми даде друга придружба од Прогри за барање на Одредот по наредба на Свештарот кога сум дојден во Глобочани. Другиот беше Шаин, а третиот не се сеќавам. Јас пиштолот му го дадов на Илија Спировски-Панде и гооднесов Свештарот до раскрсницата каде што не чекаа овие другари. Овде јас се вратив. Лефтер и Шаин и Авди, го носеа Свештарот во Звезда и Свештарот таму се задржува два-три дена и таму одржа предавање.

Намерата ми е да го исправиме ова што го вели Илија Спировски, дека тоа е тоа одење на Свештарот - договорот со Комитетот во Албанија, Свештарот одржи уште едно предавање.

Ќе кажам за уште едно предавање на Свештарот пред тоа во село Појани. Во очи на новата година, на 31 декември, Беар Штиља доаѓа кај газдата каде што бевме сместени и ми рече: " Мичо, прашајго Ѓорчета, дали сака да ни одржи едно марксистичко предавање на француски јазик за кое јас довечер ќе соберам 20-30 другари и ќе дојдеме штом ќе се замрачи". По пристанокот на Свештарот , вечерта на 31 декември доаѓаат другарите, 20-30 и така Свештарот почнува да го држи предавањето но на француски.Во ова време кога дискутиравме за предавањето, тој рече дека ќе најде еден човек. Така Свештарот го одржува ова предавање. Како беа многу задоволни од предавањето, тие изразија желба да има друга средба, во некое друго место и беше избрано селото Звезда. На 22 или 23 февруари одржано е ова предавање на Свештарот во селото Звезда.

Ќе се навратам на случајот на одредот "Јане Сандански' и неговото доаѓање.Читајќи ги книгите од оваа област, се сретнав со еден напис на Страхил Бегинов, секретар на Околискиот комитет во Битола. Тој во дописката со одредот "Јане Сандански" на едно место вели: " Тоа не значи, ако вие овој терен го напуштите, и одите на друг терен, дека овој терен ќе го оставите празен". Ако го земеме како точно тоа што тој го вели како секретар на Околискиот комитет, тогаш одредот "Јане Сандански" се наоѓа на тој терен на 9 март 1943 година.

По мое сеќавање, кога се префрливме од селата Шулин или Глобочани, се наоѓаме во караулата во Коњско. Редовно беше јас да бидам стражар. Мојот тетин ги носеше другарите и ме фати за рака на спиење. Во оваа група беа: Бено Русо-Коки, Велковски Ѓоре- Коста, Вет, Божиновски Пецо и Белевски Трајан-Гоце. Овде имавме престој од еден-два дена со дополнувањето на одредот од "Јане Сандански". Кога се префрливме кон Покрвеник, Отешево, Белев Трајан и Божиновски Пецо заминаа за Битола да го известат Комитетот или одредот.

________________________:

Доаѓањето на оваа група, односно спојувањето на одредот "Јане Сандански" со одредот "Даме Груев" на оваа територија се врши два пати. Јасно се знае таму како бил поделен. Една група била во Лерин, друга околу Лавци и една група овде.

Од 1- 7 февруари 1943 година во Покрвеник пристигнуваат Ѓоре Велковски и Трајан Белев. Дојдени се со цел да се

поврзат со одредот "Даме Груев" кој се наоѓа на оваа територија и во врска со тоа да се договорат да го префрлат одредот "Јане Сандански" од Битола на овој дел и тука да се спојат. Не можам да кажам на кој начин стигнаа до ПОкрвеник. Во ПОкрвеник беа во куќата на Трповски, беа прифатени од Мите Трповски. Останаа само една вечер. Дента, во придружба моја и на Трајан Гегарак бидејќи добивме задача да ги водиме до Коњско, на 6-ти. На Сирхан имаше 250 и повеќе војника, Оградени беа со две рамки. Патувавме легално. Овие беа наоружени само со пиштоли. Имавме потврда за да можеме да поминеме. Поминавме многу добро, само не поздравија, ја кренаа рампата, ја покажавме потврдата. Дојдовме во Стење. Таму постоеше карабињерска станица и финанси. И тука некако се пробивме и дојдовме во Коњско на 6-ти. Тука овие останаа два три дена, можеби и повеќе. Потоа се вратија назад повторно во Битола, Питомско, на битолски терен, а поизвесно време ја префрлија првата група. Во оваа група веќе не е Трајан Велев. Ја водеше Ѓоре Велковски. Тој пат Ѓоре го познавал Избиваат некаде преку Јавато, на Макази, низ Преспанско поле, пристигнуваат во Прељубје, сметајќи дека се наоѓаат во ПОкрвеник. Тие влегуваат на сила во една куќе во Прељубје и тука се поврзуваат со другарите активисти: Киро Јошевски- Милан. Меѓутоа, престојуваат тој ден. Вечерта, при крајот на февруари, доаѓаат во Покрвеник, ги носеше Кире Јошевски. Утредента одржуваат митинг Истата ноќ ги зеде Мите или Јордан и ги префрлуваат за Коњско. Во Коњско сњ срекаваат со Одредот "Даме Груев" кој борави на тој дел на Преспа и потоа се префрлени цела група заедно на Глобочани, потоа на Горица и од Горица се префрлува на делот на Ресенска Преспа.( Отешево-Покрвеник).

Ѓрупата ја водеше Ѓоре Велковски. Тука беше Коки, Тунелот, Вет, Кунот, Ињо, Пецо Божиновски и други. Ова е првата група а потоа во втората група доаѓа Сермен и Тошо -даскалот.

Од Горица Одредот се префрлува во Отешево. Таму фаќаат врска , се снабдуваат со храна и се повлекуваат над Отешево во една пештера- пропаста. Оттаму, Свештарот испраќа писмо до Покрвеник. Писмото доаѓа до Мите. Овасе случува некаде на 8 март 1943 година. Откако го видовме писмото, јас отидов да ги земам од пештерата и ги однесов на Покрвеник. Групата што се спои од "Даме Груев" и "Јане Сандански" броеше 19 души.
( упадица: има едно тврдење дека двата одреда се спојуваат на 11 март). Според документацијататоа спојување е на 25 март, ас пореД моето сеќавање е на 27 март, кај кошарите во село Лескоец. Тоа е другата група.

Со пристигнувањето во Покрвеник сместени се во црквата. За некој ден одржан е митинг воселото и е формиран втор народно-ослободителен одбор во Преспа , во Покрвеник.Во него влегоа: Спиро- претседател, Лазе Гершановски- член и Никола Петков- член.

Одредот во Покрвеник се задржува три до четири дена. За ова време дознаваат италијаните и требаше да извршат блокада. Неа ја извршија на 12 март ноќта пред 12 часот. Партиската организација на ПОкрвеник, ја имаше целата грижа околу исхрана, евакуирање, обезбедување. Меѓутоа, и Реонскиот комитет се ангажира доста околу известувањата за блокадата што требаше да настапи. Особено беше ангажиран Гоче Ламбевски. За да не ги најде тука блокадата, во 12 часот ноќта, Одредот беше евакуиран од Покрвеник

2/26

во Стипона.Во Стипона остана 10-12 дена. ( прекин на лентата).

( продолжение) 3/1

Од Стипуна, Одредот повторно доаѓа во пештерата над село Отешево , околу 22-23-ти. Тука останува сосема малку. Повторно е поврзан со селото Отешево, тука добива храна. Оттука, се повлекува на 23-ти или 24-ти во селото Лескоец и се стационира во трлата. На овој ден пристигнува втората група од одредот "Јане Сандански", на чело со Даскалот-Тодор, Сермен и други. Требало да се судрат, но кога се разбрале, настана една голема радост.

Тука се извршува реорганизација на раководството на одредот "Јане Сандански и одредот "Даме Груев". Дејствува на Мала Преспа- Албанија, и заминува понатаму во Грција, и тие работи понатаму се познати и запишани. Командант е Даскалот, комесар-Свештарот, заменик комесср - Сермен, заменик командант Ѓоре Велковски, интендант Пеце Божиновски.

ДИМКО ТРПКОВСКИ:(Покрвеник).

Да го дополнам малку Комитот за Одредот кога беше во Покрвеник во Црквата.

Кога дојде Одредот во црквата, беа повикани сите активисти од Покрвеник да земат заклетва. На една страна беа партизаните а на друга активистите кои земаа заклетва.

Се собраа шивачки машини од селото и се оформи работилница од другари кои знаат да шијат од Покрвеник, закрпија некои работи, нешто шиеа.

Потоа Одредот беше издаден од еден шпиун од самото село од Покрвеник. Веднаш беше обавестен, италијанците разбраа и Одредот се повлече на време за да не се компромитира меѓу народот. Така Одредот замина за Стипане.

ЈОРДАН НАУМОВСКИ-КАЛЧЕ:

Не можам точно дакажам дали беше февруари или март, но главно одредот од десет души се наоѓаше во Коњско. Овчарот доби задача и ме зеде со мене, да заминеме за Златари во земуницата каде што беше направена во 1942 година. Таму беше оставен пушкомитролезот за да го земеме. Ние преку ПОкрвеник стигнавме во Златари, се поврзавме во Златари со некои луѓе, и уште ноќта отидовме во земуницата и таму не раздени. Вечерта, го зедовме пушкомитролезот, се вративме пак назад во Коњско. Кога се вративме во Коњско, Одредот не го најдовме. Ни рекоа дека заминал за Нивици. Ние со Овчарот баравме од Коњско да не однесат во Нивици и тие рекоа дека ќе не однесат до Острово. На Острово има нивичани и оо тие нивичани, да се префрлиме за Нивици. Така , тие не однесоа до Острово, од Острово ги зедовме нивичаните што беа во Острово, не однесоа во Нивици. Во Нивици не го најдовме Одредот после акцијата и со нивички чамци не префрлија во Коњско или во Шулин, но главно потоа се споивме со Одредот и продолживме заеднички. Тогаш јас го видов како нов дојден тој Ѓорѓи Метаксас. Со првото одење на Одредот во Нивици, тогај тој се приклучил. Тој беше умно пореметен, шизофреничар. Кога отидовме во Стипона, таму требаше да извршиме

некоја акција, не се сеќавам дали на бугарскиот или на италијанскиот пост. Но, овој не издаде, почна да галами и од таа акција се одустана.

Кога се вр(а)ќавме назад према пештерата над Покрвеник, мене ми дадоа задача да го пратам него. Како што одев позади него едно време почна да фрла оружје, да го фрла палтото и почна да ги соблекува пантолоните. Јас му свикав, што прави, тој ми се заврти со еден нож. Јас го фатив, другарите притрчаа и го врзавме, го разоружавме, до пештерата и потоа во пештерата беше убиен.

Првата група кога дојде во колибите над Лескоец, нашата група партизани одеа према колибите во Лескоец. Таа група замина. Овчарот ми рече да ги земам чутуриците од другарите да ги наполниме вода. Јас и Овчарот останавме дополниме вода со повеќе чутури, а групата замина према колибите. Од кај Лескоец приметивме група, непозната. Ние помисливме дека одат италијаните према колибите. Овчарот рече: да трчаме нема време, за да ги известиме другарите дека доаѓаат некои луѓе, туку рече да пукаме во воздух , да им дадемезнак на другарите дека има некоја опасност. Ние почнавме да пукаме со пушките, во воздух, а гледаме дека не отвараат оган према нас. Со тоа заклучивме дека се наши а не италијанци. Ако беа италијанци тие ќе распалеа да пукаат. Како се приближувавме, забележивме дека се наши. Тие уморени, ги испија чутурите со вода така што и вода не им однесовме на другарите.Таа, изгледа, беше првата група, со Ѓоре Велков и другите. ( упадица. Тоа беше втората група).

СТЕФАНОВСКИ ЖИВКО:

Јас ќе изнесам нешто што не го спомнаа Димкои Комитот. Со доаѓањето на Одредот, се смести во црквата, во Покрвеник, уште во првите денови се одржа заеднички состанок на штабот наОдредот и Реонскиот комитет во куќата на Трповци и покрај членовите на Реонскиот комитет, присуствуваше и Јонче Трповски, иако не беше член. Тоа е во март.

Второ, кога се работи за движењето на Ѓоре Велковски и за Цветан Игнески, тие така го познаваа теренот, што воопшто не е проблематично од Битола да дојдат во Покрвеник, во Царев Двор или Подмочани, и околу тоа не би требало да се поставува како дошле. Од друга страна, истите ја знаеја и нашата врска со Покрвеник. Не е проблематично дека го барале Покрвеник, Ѓоре знаеше. Со Ѓоре Велковски, ние сме вршеле ревизија, сме оделена состанок, сме биле во Лавци, кај Јане и други на партиската организација. Заедно со Ѓоре , таму кадешто говорам за размена на искуство и активирање, сме оделе, така што Ѓоре ги знаеше и едните и другите.

КИЦО НОНКОВСКИ:

Мислам дека некои принципиелни прашања кои ги покрена ЈОвко ќе треба и натаму да се расветлуваат и не само да се расветлуваат,туку исто така повеќе да се разработат, со оглед на нивното значење.

Во тие рамки, иако во материјалите е спомнато, и за тоа има историски докази за Преспанското советување, кое е

покасно, меѓутоа јас го истакнувам од принципиелна гледна точк
Не случајно се одржува во Преспа. Тоа што се одржува во Преспа има своја база, има свои причини и има слободна територија итн. Таа страна, улогата на партиската органиациjа воопшто на Преспа на тој план, улогата на Отешево не е разработена.

ЈОВКО ЈОВКОВСКИ:

Тука треба членовите на Реонскиот комитет да го дадат својот допринос повеќе.

КИЦО НОНКОВСКИ:

Другарот Димитраки, како претседател на општинската организација на Сојузот на борците, го известив за недоаѓањето на другарот Боче, бидејќи и вчера и завчера имав контакти со него, но пред овој собир сакам да кажам дека како секретар на Реонскиот комитет тоа е хендикеп за него. Меѓутоа, сакам да уочам , декатој здравствено не се чувствува добро и не можеше да дојде, жали многу и се извинува што не може да присуствува. Меѓутоа, има испратено материјал за работа на Реонскиот комитет и тој инсистира на тоа дека тој материјал треба да се има предвид, но и други материјали што тој ги пишувал.

Покрај тоа сакам да се надоврзам на ова прашање што го постави другарот Тошо за врските со партиската организација на Албанија, односно преку Корча , што се одвиваше. Таа врска, точно е онаква каква што Тошо кажа, дека таа постои

од порано. Таа врска е воспоставена преку Кочо- Чанчев- учителот. Тој ја одржуваше таа врска и изјавите на Гоче. што ги има давано, се точни и се поклопуваатсо тоа што Живко го кажа, дека понекогаш на состаноците на Реонскиот комитет, и покрај тоа што Кочо не беше член на Реонскиот комитет, и тој е критикуван поради врските. Покрај тоа, ние и минатиот пат зборувавме во врска со акцијата која се организира за сечење на телефонските врски. Тоа исто е поврзано со партиската организација на Албанија и со Корчанската организација и по нивно барање да им помогнеме во тој правец, со оглед дека беше потребно да се изврши една голема акција во Корча, како што тогаш ни рекоа дека се работеше за палење на фашистичкиот дом во Корча. Ако не беа тие тесни врски, не можеше тоа да се направи. А и потоа, кога се надоврзува одењето на Свештарот, тоа всушност се надоврзуваат на овие врски. Свештарот кога излегува во партизани, кога се префрлува во илегалство, од Царев Двор, кога требаше да биде уапсен, него го открија на основа разговорот што го имаше со Фаик, затоа што Фаик беше компромитиран кај полицијата и тие го следеа.Фаик беше учител во Крани, албанец, член на Партијата, многу активен,Него го пратеа со оглед дека имаше некои врски од Корча. Кога Свештарот разговараше со него, тогаш на шефот на карабињерите, Љаљак, му текна дека тоа не е Свештарот, дека тој е некој активист. Тогаш тој сака да го уапси.

Во врска со тоа сакам да уочам дека Боче зборува за тоа на реконструкцијата која се врши во Отешево на стр. 179.

Ќе го цитирам: " КОга зборуваме за врските меѓу Реонски комитет и Месни комитет - Корча, реков дека ги одржуваше Кочо Чамче, учител во Козјак. Јас не се сеќавам добро, тоа можат некои од другаритеда го кажат, но знам дека ние во 1942 година, Кочо Чамчев го викавме на состаноци на Реонскиот комитет" итн. Сакам да укажам на соработката со Албанската комунистичка партија. Минатиот пат, од изјавите на Боче и од тоа што се сеќавав, говорев за таа тенденција кај Албанската комунистичка партија за наше приклучување кон нив, која тенденција е расчистена. Боче , исто така, зборува, за тие врски во реконструкциите кои се вршеа за Свештарот во Дојран. Ова го посочувам што другарот Тошо го истакна како барање за тоа да се појасни, сакав да потендирам дека треба да се имаат предвид изјавите на Боче и другите членови на Комитетот, со оглед дека Боче беше секретар на тој Комитет и тој најповеќе беше во контакт и со Свештарот и со учителите во Царев Двор, во Козјак и другите.

Јовко Јовковски го покрена прашањето за контрачети. Таква тенденција не треба да се негира кај бугарите, да фор0 мират такви контрачети. Тоа е друго прашање, во колкава мерка успеваат.

Кога се работи на теренот на бивша Царев Дворска општина, под италијанска окупација, тука главна улога има Тале Комитот од Царев Двор и тој настојува . Неговата улога е таа тој да опфати. Тој беше учесник уштеод порано со бугарите и затоа беше побегнат во Бугарија. Кога доаѓаат бугарите тука, се врати со наменета улога и тој одеше во униформа, талијанска. Инаку, за време на италијаните ретко тоа го правеше, но понекогаш, и тоа го правеше. Но, и тоагаш не беше без оружје. Постојано беше со оружје.

Тој опфаќа мал број луѓе: Кристо-Гелејчето од Грмени, Борис Чучук од Дупени, Малме Роџе од Дупени и Мамула од Грмени. Некои луѓе кои се опфаќани овде, не значи дека идеолошки се ориентирани против народноослободителната борба. Некои од овие луѓе со нас и соработуваа. На пр. кога се раобти за подготовките на атентатот на Тале-Комитот, во соработка со партиската организација Горно Дупени, со нас учествува исто така Науме Роџе, кој ни дава податоци. Тој го покани Тале-Комитот на гости кај него. Дали имал двојна улога, тука не можам да кажам. Тале - Комитетот беше идеолошки определен за Голема Бугарија и против двиењето. Меѓутоа, за сите не може да се каже. Борис Чучукот, исто така е стрелан. Кога се блокира Дупени, Боре- Чучукот ја одигра таа улога да се избегне блокада со оглед дека нему му веруваа бугарите и тој вели дека селото е чисто. Со ова не сакам да гиоправдувам овие луѓе.

ТРАЈЧЕ ГРУЈОСКИ:

Сакам да кажам само една забелешка од досегашниот тек на расправата. Во последнава фаза, во последниве изложувања, веќе се корегира во одредена смисла, меѓутоа, премногу се ориентираме на таканаречениот институционален оквир на народноослободителното движење во Преспа. Зборуваме само за одредите и народноослободителните одбори, односно за организациитена КП. Не зборуваме за состојбите кај народот, во селата. Беше спомнато дека имаше слободна територија. Јас имам впечаток дека целата Преспа, посебно тој дел што беше окупиран од

италијаните може со доста сигурност да се третира како слободна територија, односно да се направи анализа во смисла дека народот во 1943 година посебно ја имаше прифатено народноослободителната војна. Во таа смисла би замолил во натамошниот тек, онака како што се настојува да се дадат имиња на чеnово на народноослободителен одбор, истовремено да се дадат имиња и на луѓе кои активно соработувале со тој народноослободителен одбор , односно со партизанскиот одред, да се види една маоовност. Тоа е основната карактеристика на Преспа, посебно во 1943 година.

Би кажал две три констатации за настани во кои јас лично учествува, ва кои уште не дојде расправата, се однесуваат на датуми кои беа покасно, но бидејќи попладне нема да бидам присутен, би сакал само да се имаат предвид тие мои укажувања.

Прво, вака како што се говореше, мислам дека е историски факт, дека комплетен, штабот на одредот "Јане Сандански", заедно со еден дел од борците на тој одред влезе во составот на одредот "Даме Груев" и заедно со него премина во егејскиот дел на Македонија, во Леринско. Не треба да има дилема, дали тука биле Тошо -Даскалот и Ванчо-Прке-Сермен.

Оттука тие заедно дојдоа на тој терен таму.

Кога се реорганизираја одредите, одредот од Битола "Гоце Делчев," големдел од времето го мина на подрачјето наКалојзана. Тоа е познат факт и мислам дека гоима во материјалите, но јас ги немам комплетно материјалите.На теренот Калојзана, одредот "ГОце Делчев" се задржа доста и таму тој добро се одмори, се обучи, се подготви за нови акции. Значајно

е дека на тој терен го среќаваа овчари, селани, дрвари итн. Меѓутоа, не дојде до никава провала на Одредот, односно на неговиот логор. Одредот богато беше снабдуван со храна и почнувајќи со командантот па завршувајќи сонекои други борци кои беа со послабо здравје, таму многу зајакна и можеш да оди натаму во акции. На тој терен дојде директива, командантот на одредот Коле Канински , во втората половина на август 1943 година да се јави во Централниот комитет и Главниот штаб кои беа сместени во Отешево, непосредно во деновите кога беше одржано историското Преспанско советување. Коле Канински со група борци дојде на тој терен, Одредот остана во Калојзана. Во Отешево Коле Канински доби соодветни директиви и повторно се врати во Одредот. Директивата беше дека треба да се оддели една група која ќе го прати Темпо на патот за Грција, а откако ќе се врати таа група целиот Одред да тргне на нов терен во правецот на Кајмакчалан и таму да се формираат нови поголеми војни единици.

Заедно со Одредот "Гоце Делчев" беше и Обласниот комитет на Партијата. Тогаш Обласниот комитет на Партијата фактички го сочинуваа само троица: секретарот Благоја Талески-Иван, Лазо Хаџипоповски и јас.

Кога се стабилизира ситуацијата по враќањето на командантот Коле Канински, дојде директива дека Обласниот комитет треба да се префрли на слободната територија во Дебарца, таму јапродолжи активноста. Претходно бевме повикани во Отешево Дојдовме со Иван во Отешево, заедно со една група од повеќе луѓе. Централниот комитет и Главниот штаб беа отидени оттаму,

Советувањето беше завршено. Настанакапитулацијта на Италија. Тоа е 9 септември. Ние и пред тоа воспоставивме врски со Партискиот комитет на овој терен во Преспа. Се дадоа некои директиви, се разговараше за СКОЈ и требаше да се оди натаму Во меѓувреме кога се повлекуваа италијанските војници, тие одеа во групи накај Корча. Тие неколку луѓе што бевме во базата, се договоривме дека треба да земеме нешто што имаа од оружје, од италијанските војници и се изврши еден препад на самото џаде. Тие беа без оружје и веднаш се предадоа. Тоа беше голема група од стотина луѓе. Фрлија неколку пиштоли, некои продукти за исхрана и не настана никакво пукање, никакви апсења, ги пуштивме слободно да си одат. Меѓутоа, кога се проанализира фактот на капитулацијата на Италија, дојдовме во Комитетот до заклучок дека треба да се биде поблиску доОдредот "Гоце Делчев," затоа што ќе настанат крупни настани и да не одиме во Дебарца но да видиме што треба тука да се стори. Така повторно се вративме на Пелистерскиот терен. Во меѓувреме "Гоце Делчев " имаше извршено акција во Љубојно, Резултатот натаа акција го знаете. Бидејќи се виде дека Одредот мора да замине на друг терен, ние се вративме повторно на директивата дека треба да заминеме во Дебарца. Тогаш од Наколец направивме обид преку езеро да поминеме до Коњско и понатаму да се продолжи по суво. Привот обид не успеа на езерото имаше големи бранови. Дојдовме до половина и се вра тивме. После еден ден обидот успеа, се префрливме во Коњско, Коњско тогаш беше потполно слободно, се движевме низ куќите, низ селото итн. По сртот натаму,кај Стење, кај Лесковац, зами-

навме за Охридскиот дел и оттаму за Дебарца. "Гоце Делчев" го оставивме и ние одевме како самостална група. Обласниот комитет со нас имаше двајца троица луѓе и така заминавме како група.

Овој беше мојот допир со Преспа тогаш и на враќање,Кога се враќаше бригадата, првата Македонско-косовска бригада, кога помина низ Преспа, Обласниот комитет, Иван, јас и некои други другари, се вративме назад, по истиот пат по кој одеше Бригадата, со тоа што ја следевме Бригадата неколку дена по неа. Поминавме пак кај Лесковац. Потоа, завртивме према албанскиот дел во селата Пустец, Шулин и потоа се префрливме на Нивици, во Егејскиот дел на Македонија, на Герман, Буф итн. Мислев дека е потребно да се продолжи со ваквиот начин на истражување како што оди досегашниот тек на собиров, меѓутоа, уште еднаш би рекол дека е потребно повеќе внимание да се даде на факторот - народ, да не излезе декасето тоа беше само една организација која носеше историска одговорност, која беше фактор што движеше, тоа е КП и сеоколу неа, но исто така да не се занемари и народот, т. е. неговара свест, неговата спремност за борба и неговото учество во борбата.

ПАНДЕ ТОЛЕВСКИ.

Јас би сакал нешто да дополнам во врска со изнесувањетона контрачетите., во Преспа, било на територијата под бугарите или на италијанците, посебно италијанците.

Сметам дека во овој материјал премногу му е дадено значењето на контрачетите од причини што ако вака остане ќе излезе дека контрачетите во Преспа беа далеку поорганизирани и побројни отколку партизанското движење и работата на Партијат и на органите.

Точно е тоа дека на список постоеа такви контрачети, меѓутоа, јас мислам дека во основа суштински, со конкретна акција ги немаше. Повеќе зборувам за територијата што беше под италијанскаокупација.

И од тие контрачети, поедини луѓе , беа убиени, а не беа оставени по еден нормален пат да бида осудувани,Некои од нив беа на страната на движењето и беа користени во одредени ситуации. Чучук од Горно Дупени доста ни помогна. Ако беа правени претреси во селото , неминовно ќе бевме откриени. Тој настојуваше да ги убеди бугарите и тие се повлекоа. ПОедини такви луѓе беа користени од нашите организации со тоа што во пролетта 1943 , март, кога по специјална врска бевме јас и другарот Лазе- Ванчо на оваа територија во Ресен, односно во Сапотско, кога требаше да ја фатиме врската со другарот Јонче Пецалевски. Меѓутоа, врската не ја воспоставивме. Но, битно е тоа дека ние двајцата бевме провалени и затворени од бугарските власти и пет шест дена не тепаа.Потоа, не предадоа на италијанците. Бевме два три денаво затовр. Бевме ослободени по интервенција преку Боро Шуше и Ставреица од Покрвеник- Цвета, преку Чучук .

Сакам да кажам дека не бисмееле да им дадеме толку значење наовие контрачети, затоа што тие формално постоеа, но немаа никакви конкретни акции ниту судири со партизанското движење.

По прашањето за Одредот во Покрвеник, односно престојувањето во црквата, ќе додадам уште нешто. Одредот од црквата се повлече пред да биде блокирана црквата. Црквата беше блокирана сабајлето а Одредот беше повлечен према релацијата на Стипона. Меѓутоа, и кај албанците имаше луѓе кои беа на страната на движењето , иако некои од нив беа карабињери. Истиот ден мене ме зедоа од дома и ме затворија. Водејќи ме , еден од албанците неколку пати ни рече: " немојте ништо да признавате". Јас му реков " немам што да признаам". Сакам да кажам дека неколку пати тоа ми гопотенцираше. И во тие нивни органи имаше луѓе кои беа организирани.

ПРЕТСЕДАВАЧОТ :

И за други прашања можат да се кажат моменти во врска со масовната поддршка на народноослободителното движење.

ПАВЛОВСКИ МИЛАН: ( с. Прељубље).

Тие беа дојдени во моето село. Троица ручаа кај мено. Имаше свинско месо обесено.Тој од Златари дојде и го собра убавото месо.

СОКОЛОВСКИКРСТЕ:

Јас сакам да кажам во врска со доаѓањето на другата група на четата "Јане Сандански" во Преспа. Тоа беше во средината на март. Трајче Грујоски рече дека целиот штаб од четата "Јане Сандански " дошолваму. Не е точно. Јас добро го познавам Строгов. Тој остана таму и не дојде.Срмен не знаеше дека дошол. Птема тоа, штабот на одредот го сочинуваа: Ѓоре

Велковски- командант, заменик Наум Јослиовски, комесар-Јорче, заменик комесар -Ињо Спировски. Јас го познавам Строгов уште од одредот "Даме Груев" и тој никаконе дојде тука. Тука дојдоа Бено Нечевски, Пецо Божиновски, Фед,

ПРЕТСЕДАВАЧОТ:

Јас би го замолил другарот да каже за маршот спрема Егејска Македонија и спојувањето со "Даме Груев", за да можеме да имаме еден континуитет.

СОКОЛОВСКИ КРСТЕ:

Ние овде дејствувавме до првата половина и средината на април. Во средината на април заминавме за Костурско. Таму се поврзавме со четата "Јане Сандански". Ние преминавме преку Преспанското езеро и се спуштивме откај Дрмени, односно Долно Дупени, кај Свињишта. Дојдовме во Костурско и ги разоружувавме контрачетите во селата каде што одевме, каде што да ваа отпор, но ние со политички средства, ги убедивме дека грчките партизани и ние се бориме за иста цел, а не како што беше порано. Тие мислеа дека македонците треба да бидат потчинети . Ние им објаснивме многу добро, ја разбивме бугарската и италијанската пропаганда и тие го дадоа оружјето. Кога дојдовме ваму, се најдовме со другарите од Битола со остатокот од четата "Јане Сандански". Потоа, ние дејствувавме со четата заедно под името на одредот "Даме Груев" за заеднчки. Потао се споивме со одредот "Вичо". Тука е формиран штабот. Јас не го знам тој штаб, заеднички партизански и грчки. На 22 мај , односно на 21 дојде една поголема група

од Битола. На 22 мај се формира одредот "Гоце Делчев", од новодојдените и од "Јане Сандански". После неколку дена заедно дејствувавме до 2 5 мај. Потоа ние се вративме, а остана одредот "ГОце Делчев".

ПРЕТСЕДАВАЧОТ:

Во ова време кога постои "Даме Груев" се формира одредот "Гоце Делчев". Кој е во раководството на одредот "Даме Груев"?

СОКОЛОВСКИ КРСТЕ:

Во заедничкото раководство не знам кои беа.

Строгов не можеше да биде командант, тој требаше да биде во Зоната или во Оперативниот штаб.

КОга се формира одредот на 22 мај "Гоце Делчев", два три дена дејствуваме заеднички до 25 мај и се вративме ваму, а одредот "Даме Груев " се врати за Горна Преспа. Тука дејствувавме до 23 јуни. Тие останаа таму. Во Преспа дојдоа голем број партизани од другите села и на 23 јуни пак отидовме таму. На 28 јуни заеднички дејствуваме

Овде има спротивности во врскасо штабот. Овде се спомна во материјалот, а и Трајче Грујоски има нешто пишувано и Ѓорѓи Димовски дека составот на одредот кога се вративме на 23 , бил: Ѓоре Велковски- командант, заменик- не се сеќавам, а се спомнува дека комесар бил Тунелот, а заменик бил Панде Ташковски. Тоа не е точно. Панде Ташковски овде не дојде. Мите Трповски не беше командант, туку Наум Веслиовски. Мите Трповски излезе во другата група.

Заменик не знам кој беше. Тие работи треба да се расчистат. На стр. 2 од дополнителниот материјал јас тоа не сум го пишувал а се вели дека јас сум го пишувал. За тоа треба да водат сметка историчарите.

МИЌО:

Сакам да истакнам една важна работа. Има непобитни моменти кои треба да ги расчистиме за доаѓањето на делови од одредот "Јане Сандански". Случајот со Метаксас е еден важен момент, дека од одредот"Јане Сандански" имаме само три другари. ВО КОњско околу 11-12-ти март дојдоа : Бено Русо, Велковски Ѓоре , Фед, Трајан Белев, Божиновски Пецо-Кочо. Тргнавме према Отешево-Покрвеник. Од овој дел Белев Трајан и Божиновски Пецо, заминаа за Битола а другите троица останаа во Одредот. Така сега сме 14 другари. Го вклучувам и Ѓорѓи Метаксас од НИвици. Во Стипино, останавме два три дена. Таму бевме примени братски од тоа семејство.

Свештарот на едно место вели: "на 25 март се здруживме двата одреда" и вели следното: " ете така ситуацијата беше со нашиот македонски одред "Даме Груев" кога влеговме во Костурско, од средината на месец март 1943 година. Ситуацијата може да се опише со еденкарактеристичен пример. На 17 март влеговмево во селото Бесвиње. ".

По убиството на Метаксас, на 15-ти , преседуваме туак и се префрлувме во Коњско. Од КОнско продолживме према Пустец. Од Пустец со чун сме префрлени во Конско.Од КОнско преку Перово на мостот, покрај малото езеро се префрливме во делот на овој дел на Костурско, село Бесвиње. Во оваа група сме ние 13 души. Во овој момент ние не се споивме со

одредот "Вичо" туку се споивме тогаш кога сме споени со "Јане Сандански" овде а тоа е во почетните денови на април.

Околу 30-ти дојдовме во Преспа и потоа станува тоа спојување.

Јас Сермен во Преспа не го видов освен во селото Курбиново, пред неговото заминување, во крајот на април.

ЈОВКОВСКИ ЈОВКО:

Брезовски вели за командант на Преспанскиот одред е: Наум Веслиевски, комесар-Јосиф Јосифовски, заменик командант- Вангел Нечевски и заменик комесар-Панде Ташковски.

Владо Ивановски вели: Штабот на одредот "Даме Груев е во состав. Наум Веслиевски- командант, Јосиф Јосифовски политички комесар- Вангел Нечевски,- заменик командант, Панде Ташковски- заменик комесар. И тој истото го тврди.

Ѓорѓи Димовски вели: Наум Веслиевски-командант, Ѓоре Велковски-политички комесар, заменик- Митр Трповски, и Илија Спировски- заменик командант. Ова е сето збркано.

____________________:

Тука се работи за групата која излегува во Преспа при крајот на мај месец и почетокот на јуни. Кзман Јосифовски има писмо потпишано на 1 јуни и доставено до Дебарца до Главниот штаб и ЦК. Во врска со тоа тој предвидува: да се формира ~~на~~ преспански партизански одред. Тој рачуна на оваа група од 25 души. На таа група се придружува тој штаб.

3/19

JОВКО JОВКОВСКИ:

Тогаш тоа така нека се објасни.

4/1

JОРДАН НАУМОВСКИ-КАЛЧО:

Кога ја напуштивме во 1943 година, во втората половина на март, Преспа, југословенска и албанска, ние со чамци се префрливме на Нивици. Од Нивици се префрливме спрема селата во Мала Преспа на грчака територија и дојдовме над Бесвиње. Ние имавме намера да одржиме митинг во Бесвиње, но горе ги фативме двајца козари и со нив се заговоривме, Во меѓувреме едниот другар рече да го пуштиме да ги врати козите, да ги насочи во друг правец. Во тоа време еден од нашите другари испали со пушката. Тогаш овој другар со козите отиде во селото и побегна, а во селото јавиле дека човекот е отепан од андартите, како што тогаш не викаа селаните. Ние се спремавме да влеземе во селото а целото село излезе надвор и чекаше да види што ќе стане. Кога видоа дека навлегуваме целото село побегна. Останаа само деца и старци, што не можеа да бегаат.Така се договоривме да ги пресретнеме луѓето да се вратат назад да одржиме митинг, да собереме храна, да им објасниме кои сме и која е нашата борба и целта на нашата борба. Скоро многу народ вративме назад и во селото се одржа митинг, собравме храна итн.

Во Леринско, колку што се сеќавам влеговме во Клештино, Горно и Долно заедно со Вичо, а беше и Сермин со нас. Тие се две три села, а имаше и други, во кои ние влеговме.

Во Костурсно не памтам да влеговме во некое село и да одржиме митинг и да земеме храна затоа што селаните ни дадоа отпор со контрачетите. Во Кономлати се спремавме да влеземе, ни отворија оган од сите страни и ни фрлаа тромболки. Но кметот идругите рекоа се што е потребно ќе ни дадат, само да не влеземе во селото, да не дојдат италијанците да го запалат.

Кога го напуштавме Коњско, со чамците, тогаш Илија спировски ја наметна една парола, зборно место да биде на дното на езерото, Ние секогаш си закажувавме зборно место, ако дојде до борба, ако се растуриме, каде да се најдеме. За среќа помина еден патролник-брод помина ноќта низ езерото со италијанците но беше многу далеку, кој иако светеше со рефлекторите не не осветли.

Беше спомнато за новоформираниот штаб после акцијата во Буф. После акцијата на Буф ние сите се собравме на една корија на планината, во местото Мечка и оттука по текнуваат многу слики кои денеска стојат во музеите. Таму не сликаше Ѓорѓи Димовски од Канино. Тука го викнаа Овчарот, како заменик командант на Одредот, Пеце Божиновски и мене. Тука беа другарите Коле Канински, Свештарот, Строгов и други. Тукабеше и Сермен. Мене ме испратија да одам по некоја друга работа, а на овие двајцата им дадоа озбилна задача која требаше да ја извршат. Јас со нив да одам како придружник бидејќи го познавав патот, низ Преспа, према Дебарца, Задачата беше ние преку Крани, и Подмочани каде што се поврзав со Живко Стефановски и други, преку Лапари, заминавме за Дебарца, Козица, Белица, Турија и други села, со цел да прошетаме преку Горна и Долна Дебарца, во Кичевскиот

дел, да го испитаме теренот, да се поврземе со партиската организација, да придобиеме симпатизери,овчари, говедари и други селани. Во тие села ние држевме митинзи. Таму говореше овчарот. Во едно село говорев и јас. Имавме цел да се состанеме и со Петре Перузе. Ние со Петре Перузе не успеавме да се состанеме, не знам од кои причини. Скоро 20 дена и повеќе ние крстаревме низ Дебарца. Имаше протера од [illegible] италијанците, кои доаѓаа во близина над селото со пукање се враќаа. Во Подмочани ни сеприклучија уште двајца другари. Тоа беше Бучко и Ѓорѓи Бендев. Тие беа двајцата бугарски војници пребегани од бугарската фашистичка армија. Тие ни се приклучија во Подмочани. Ние бевме пет души на тој терен. Кога се вративме назад према Преспа, со намера дека задачата е извршена, на планината кај Петрино се раздвоивме во две групи. Јас и овчарот заминавме према Златари а троицата заминаа према Болно. Имаа и тие да извршат некоја задача, а и ние имавме задача. Меѓу Кривени и Златари дојде до пушкарење меѓу шумарите каде беше Ќелеш-бугарски соработник и сакавме него да го ликвидираме. Наместо него во престрелката во акцијата падна друг а тој се спаси. На еден два км. еден пољак од Златари го убивме. Оттука се префрливме во Преспа, дојдовме до Брајќино мислејќи дека тука ќе го најдеме штабот. Бидејќи не ги најдовме другарите од Штабот се префрливме на Галичица и таму се најдовме со Кузман , со Цветан идруги. Кога Овчарот му реферира на Кузмана, дека не успеавме да се состанеме со Петре Перузе, тој беше лут и рече:

назад да се вратиме. Ние пак се вративме назад со Овчарот, да фатиме врска. Тогаш успеавме да ја фатиме врската со Ѓо Петре Пирузе. Јас сум го носел Петре Пирузе заедно со Овчарот и уште други двајца троица од партизание што беа со Петре Пирузе. Ми се чини дека беше и Злате Биљановски во таа група, Дојдоа во Преспа , до Брајчино, до Отешево.Прво дојдоа во Брајчин о па Отешево. Ние го донесовме Петре Пирузе. По патот врнеше дожд, меѓу Завој и Коратица, запаливме оган, каде што го изгоре палтото сушејќи се.

ЈОВКО ЈОВКОВСКИ:

Во мршутата на Одредот, од искажувањето на Наум Ѓорѓиевски, од Шулин, тој наведува дека некаде околу 15 март беше повикан од војводата и други во Покрвеник идобил задача да го извиди теренот меѓу албанска Преспа и натаму преку Малото езеро. (ЈОрдан Наумовски: Имаше префрлување преку малото езеро). Тој наведува дека Одредот ја минува оваа мршута . Тој наведува дека со чамци се префрлува Одредот.(Јордан Наумовски: Мислам дека се префрливме преку малото езеро со чамци и јадевме крапови, кога одевме во правец на Бесвиње). Тој наведува дека им јавиле на италијанците и тука имало пукање, на Одредот( Јордан Наумовски: не се сеќавам да имало пукање. Јас се сеќавам кога италијанците пукаа со топови над Герман, кога одредот во колона минуваше над Герман по планината).

ДИМИТРОВСКИ КРУМЕ -МИЧО:

Случката што ја имаше планирано Одредот да ја изврши со нападот во село Стипуно и случката со Ѓорѓи Метаксас, со неговото провалување, во ова време Никола Стипунски на Ѓорче -Свештарот многу му се налути, зошто уште е жив Трајко Кажановски од Подмочани-шпиунот, и ако успеат да го убијат ќе имаат награда 10 јагниња. Кога се вративме назад од Егејска Македонија, когасе префрлуваше Одредот, ние не бевме баш во Стипуна, ( упадица : не бевме баш во Стипуна, туку кога се вративме од Коњско ги јадевме јагнињата на бачило). Тогаш е тој случај кога Никола ги донесува јагнињата. Тоа е јуни месец . Бидејќи Трајко беше убиен, тогашНикола го одржа зборот. Првиот пат бевме до Стипуна а не во Стипуна, но главно бевме во стипунски терен.

ЖИВКО СТЕФАНОВСКИ:

Со оглед дека дојдоа на наш терен Цветко Узуновски и Кузман Јосифовски-Питу, во писмената документација стои дека со нивното доаѓање кога беше повикан секретарот на Реонскиот комитет Боче Ламбевски, му поднесе извештај за работата на Реонскиот комитет., До тогаш, немавме врска со ЦК, ПК нити друг повисок орган. Тоа е 1943 година. Ќе со Боче во документацијата дека е тоа март-април. а некои тврдат , како што вели Комитот, во мај.

По примањето на извештајот на Боче Ламбевски, Цветко Узуновски го праша и за теренот што е под бугарска територија.

Ние немавме некои подруги податоци освен за Евла и Болно. Тогаш Цветко му рече на Боче да одржиме состанок на Реонскиот комитет и да се каже дека Реонскиот комитет преминува во Околиски комитет со задача поактивно да пристапи и за овој дел што е под бугарска територија.

Во тоа време, покрај другите задачи,се поставија задачи за поактивно и поинтензивно припремање за излегување на повеќе борци во Одредот. Сите основни партиски организации беа активни во селата, се одржуваа состаноци и се вршеше одредена припрема за излегување во партизани. Во реконструкцијата се наброени и членовите на Партијата.

ТРПЕВСКИ ДИМКО- Покрвеник.

Да расчистиме за теренот под албанска територија. Свештарот одигра голема улога, ги зцврсти сите партиски организации кадешто постоеа, беа формирани таму кадешто не постоеја. Тој беше политички одличен раководител, организатор, Живко Котевски од Царев Двор во 1943 година отиде во Лопужник, а таму беше Главниот штаб. Му поднесе извештај каква е ситуацијата на територијата на Преспа под италијанска окупација. Му изнесе дека е поволна. Тука другарите од Главниот штаб донесоа одлука кој каде да оди, на која територија. Задачата ја презедоа Цветко Узуновски и Кузман Јосифовски да дојдат во Преспа на италијанска територија. Живко ги извести, дојде овде и пак отиде таму. Тој отиде до Корча, со еден таксист, италијанец. Од Корча дојдоа назад и фатија врска со Мите, братми-Војводата, кој беше во Отешево, кадешто работеше на Варница. Дојдоа до Отешево. Мите - војводата ги донесе до

селото Покрвеник на 100 метри. Дојде дома да ја извиди ситуацијата, што има ново. Виде дека е добро и мене ми рече: Јас и Цветко Узунов служевме заедно војска во Марибор, во еден кревет спиевме, за цело време се познававме, има еден другар кој тебе те познава, оди да ги викнеш". Отидов јас, се избакнавме со Цветко, а Кузман не го познавав.Дојдов во нашата куќа. Цветко многу пати доаѓаше кај нас, одржуваше состаноци. Братми Јонче, беше член на Партијата од 1944 година, беа во еднапартиска организација со Цветко во 1937. Тие сметаа да го земат Јонче и да бараат база за сместување да им помогне. Јонче беше болен од ишијас, лежеше. Прашаа кој ќе дојде еден од нас бидејќи таква е работата: треба да се најде терен, да се сместиме, да бидеме обезбедени, да имаме добар преглед на Преспа, да имаме куриско обавестување, материјал, радио, гештетнер, машина, канцелариски материјал. Се јави Мите-војводата да оди со нив. Истата вечер беше донесена одлука Мите-војводата ги зеде и отидоа над Отешево, го разгледаа терен нот, Теренот не беше сигурен , со слаба видливост, ниско, недобро пошумено. оттука се преместија над Лескоец, на Галичица во буката. Таму се сместија и тука останаа.Тие бараа оттука кој ќе ги снабдува со храна и други работи. Отидоа кај Коста Котевски од Отешево, кој имаше воденица и синму Ване. Војводата ги престави дека се од Главниот штаб и ги праша Коста и Ване дали можат да ги снабдуваат со храна колку ќе биде потребно. Коста им одговори ако работат само со него, да не кажат на никој друг, ќе бидат обезбедени.така и сенаправи. Беа направени две јафки , една во воденицата а друга во Варницата. Едната јафка требаше да доаѓа од Скопје или Битола, во

воденицата а другата од партизаните во варницата. По извесно време Мите им рече, ако е потребно за два три дена да исврлат 20-тина души. Така дојдоа во Преспа, го запознаа теренот. Во мај, кога излеговме ние, излеговме 20 души во една вечер. Од Покрвеник од 40 куќи излеговме 12 души. Од Прељубје излегоа 2, од Лавци 4, Јане со синму, и двајца од Вукодели. Кузман кога ги виде се зачуди. Излезе целиот одред преспански. Тукапоседовме, и Кузман ми рече јас да дојдам, Пецо Божиновски да биде курир и да одиме со него. Другарите останаа таму. Тука остана Цветко Узуновски. Преку врска заминавме со Кузман. Не пречека Панде Бележ од Дрмени не пречека. Кога се разделивме со Панде, рече:"ние по два дена ќе се вратиме ж поистиот пат ти да бидеш спремен да излезеш во партизани." Панде рече: јас сум главниот организатор во Дрмени, не можам да излезам. Тогаш му рече неколку души други од Дрмени да излезат. Имаше активисти од Дрмени, но за излегување немаше. Ние им се придруживме и не придружија другите во Курбиново - Трајан од Курбиново и заминавме за Битола. Отидовме над Лавци. На едни деца им рековме да фатат врска. Утредента дојде Лена , на Тунелот жената , ни донесе јадење, отиде, пак дојде , му даде извештај на Кузман, седевме два дена и се вративме назад. Еден од Битола со нас излезе во партизани. Над Курбиново се раздени, тука се одморивме и чекавме врска за префрлување.Тука добивме извештај одредот да се врати од кај Љубојн и да изврши акција, да биде убиен Тале Кажански од ПОдмочани.Тој го обиле, тука дознавме. По иста врска се вративме во Отешево. Така, сметам дека наша Преспа заслужува големо внимание. Народот беше единствен, луѓето борбени, со јаки партиски организации. Народот беше комплетно со нас.

Кога дојдоа, братми Јонче беше болен од ишијас, непокретен. Кузман му рече на Цветко да му остават 2 наполеони во злато да оди на бања. Јонче рече дека партиски пари не прима. Излегоа во ходникот се договорија и му ги оставија на маса и Јонче отиде на бања со тие пари. За храна и друго не дадоа пари. Ние се снаоѓавме за храна, имавме жито.Народот даваше.

ЕФТИМ РИСТОВСКИ:

( 1943 година- 21 мај) На стр. 92, ред. бр. 424, ред 2, стои: " се формираа два одреда". Се мисли на одредот "Даме Груев" и "Гоце Делчев". Овде треба да се изврши исправка. Одредот "Даме Груев" формиран е на 6 јули. Овде ќе се подразбере дека е формиран на 21 мај 1943 година.

На стр. 92 , ред бр. 425 ред 3 стои " се формираа два одреда". Привот одред преспански "Даме Груев", ред 10- Вангел Нечевски - комесар, Тоа го објаснивме.

На 22 мај 1943 на стр. 92 и 93 , ред. бр. 426, ред 2-5 стои " одредот "Даме Груев" се подели на три делови. б) преспански охридски одред, од борците од Преска и охридски крај". в) една група се испрати во Крушевскиот крај со тамошните партизани да го формира одредот "Питу Гули". Штабот на Преспанско-охридскиот одред "Даме Груев", го сочинуваа: Овчарот,- командант Наум Веслиевски, заменик-Мите Трповски и Илија Спировски. ". Во стварност не беше така како што стои овде напишано. Во одредот "Даме Груев" немаше ниту еден охриѓанец. Во тој период беа битолчани, преспанци и некој прилепчанец. Не се спомнува Овчарот каква функција имаше.

КОЛЕВСКИ ПАНДЕ:

Јас сакам да дадам едно дополнување во врска со тоа што го говореше Дињко. Со излегувањето на првата група од 15-тина души од Покрвеник, Прељубје во Кодери, не сретна нас Кузман Јосифовски над Отешево. Тоа беше порано од јуни. Другарот Кузман ни одржа еден политички говор на групата и беше одушевен заради бројот напартизаните. Потоа, продолживме и имавме задача да се обезбеди радио-станица и еден простор кој ќе одговара и обезбеди потполна гаранција на конспирација Тоа место го одредија токму над Галичица, на врвот, во најголемата шума. Тука ние го припремавме тој терен. Беше речено дека тука ќе треба да се остане прилично време и тоа ќе биде како еден центар за информации. Во меѓувреме, почнавме да правиме петокраки дури направивме и срп и чекан и сите си ставивме на градите. После неколку дена, незнам од кои причини, на 2 јуни чувме дека е убиен Трајко од Подмочани. Тоа беше голема радост. По неколку дена беше одлучено да се повлечеме оттука. Дојдовме над Лескоец, над бачилата.Во тоа време стигна и Одредот "Даме Груев" и ние се споивме со одредот. Ни ставија забелешки, кој ни рекол да ставиме срп и чекан на градите и моравме да ги дадеме, бидејќи ни рекоа дека не е времето за таква работа.

Во врскасо ова, овие одреди и групи на партизани, сами за себе не можеа да опстанат на територијата ако позадината, народот, не беа организирани во една целосна поддршка. Во таа смисла, сите овие села од Ковско до Евла, до излегувањето на поголемите групи, имаа партиски организации, младински организации. Луѓето беа така припремени и организи-

рани, што на одредите им се даваше целосна поддршка.Дури и дење престојувавме во овие села, што без таква организација и такви врски не беше возможно. На оваа територија беше припремена и позадината, со тоа што беше гарантирано извесно обезбедување на овие одреди.

ЈОВКОВСКИ ЈОВКО:

Би сакал прво да се осврнам на хронолошката единица 438, на стр. 95, околу пишувањето на Кузман Јосифовски-Питу, во врска со Преспа каде што се вели " преспанската провала и салам не работењето две години предизвика разочарување кај населението". Сметам дека би требало да расправиме колку таа оценка е во ред, бидејќиби сакал веднаш да кажам дека по некој ден откако пишува за ова се демантира со фактот што од Преспа излегуваат 25 партизани, што ги има и тука во документацијата., токму во јули, кога пишува за оваа работа. Тоа значи дека тука постоеше партиска организација која беше на висина. Ние видовме каква беше активноста напартиската организација под бугарска територија, ако се работи за тој дел. За овој дел, и покрај тоа што нема врски, таа организација живее, делува и при првата директива, огромното мнозинство на членството излегува, со исклучок на неколку луѓе кои се колебаа кои беа исклучени, но и покрај исклучувањето наоѓаа сили и излегуваа, освен неколку постари луѓе кои тогаш не излегоа. Ова подрачје имаше околу 10 илјади жители, и за разлика од

многу други подрачја , ни едно такво мало подрачје не исфрла толку борци. Тука е подпелистерскиот дел кој нагло исфрла голем дел. Ова сакав да се има во вид, за да не се земаат некои работи за потполно точни, бидејќи и тие документи некогаш се заснивaат на погрешни впечатоци , погрешни извештаи и сознанија до кои дошле. А и другарите истакнаа дека постоел широк круг на луѓе и симпатизери.

( упадица: во писмото на Кузман од 1 јули 1943 година, тој на некој начин потврдува за групата. Тој ги набројува 8 души. Јас тоа сакам да го поврзам и со Реонскиот комитет, а Живко тука е член наРеонскиот комитет). Тој потенцира и тоа дека нема оружје).

После сите овие акции од Егејска Македонија , со разоружување на контрачетите, две три недели и јас во одредот бев без оружје. Имаше доста заробени пушки од контрачетите. Но, тоа е еден краток период кога нема оружје. Набрзо после тоа беше разрешено тоа прашање.
( упадица: оваа оценка во секој случај не ќе можеме даја прифатиме, каква што ја дава Кузман,независно што е од Кузмана)

КОЛЕВСКИ ПАНДЕ:

Јас мислам дека овде е или некое недоразбирање или погрешен спој.Кога ние излеговме во една вечер 14 души, 8 од Покрвеник и 6,од Прељубје- 2, Вокодери и Лавци. Нас не пресретна Кузман и беше толку среќен. Затоа, од ова што го вели произлегува дека нешто не е во ред. ( упадица: од каде е овој негов впечаток? ). Можеби мисли со провалата од 1942година на територијата под бугарите. Ако мисли на тоа, настанало

извесно затишје. Тоа може да биде кога падна во затвор, до пролетта, или најмногу до летото 1943 година. Инаку, на територијата под Италија не стои. Ние во Дрмени држевме митинг, дента јас лично два коња ги вратив во селото Покрвеник и му ги дадов да ги однесат. Толку беше слободно да се движиме.Воопшто не се плашевме.

JОВКОВСКИ JОВКО:

Фактот што ЦК се определил низ оваа база во Преспа да се држи советувањето во Преспа, зборува за сигурноста на Преспа, за движењето. За да дојде Централниот комитет во Преспа, тоа не е едноставна одлука.

Околу составот на штабовите, за што споревме, и овде во хронолошка единица 448, на стр. 98 се наведува заедничкиот штаб. Но, овде е грешка, наместо да стои 20 мај , стои 20 јуни. Тука стои: политчки комесар- Свештарот, Јорго-Лазе Хаџипоповски - заменик командант- Ѓоре Шнајдерот, КОсте -прилепчанецот- заменик- Овчарот и начелник -Коле Канински. ( составот кај Клештино). Ова е до раздвојувањето на двата одреда. Но, тоа што велиме дека војводата е комесар или командант, очигледно се работи за грешка а не за единицата од новодојдените, бидејќи во другата хронолошка единица 450 на 99 стр. вели: " раководството на одредот: командир-Мите Трповски , комесар-Ѓорче - Свештарот, заменик командир-Илија Спировски, заменик комесар-Овчарот. " Овде е грешка и треба да се има во вид да се корегира.

Се спомнуваат неколку работи, на пр. за Раково, дали се работи за два пати навлегување во Раково и разоружување. бидејќи некаде се спомнува на 23 јуни, некаде 27 а некаде 28 јуни. Еднаш се говори за разоружување, друг пат за митинг.

( упадица: земете го дневникот на Коле Канински, па ќе се види). Во ред.

Уште еднаработа која не е доволно јасна, околу следното. Тие околу 25 повторно се над Брајќино, каде што се наоѓаат двата одреда. Во една акција заедно одат на Раково и пак се одделуваат и пак во Љубојно, Брајчино и Дупени "Даме Груев" одржува конференции, на 27-ми а на 28-ми ги сечат жиците. На 25-ти е разоружана групата италијани. Дали двата одреда учествувале во разоружувањето на италијанците између Љубојно и Брајчино, бидејќи во одредот "Гоце Делчев" мазгата што беше заробена од италијанците се наоѓаше тука.

( упадица: Тоа е на 9 септември, како што е во дневникот. Ѓорѓи Димовски погрешко кажува). Тоа е друга работа за 9 септември.

Да се вратиме на 461-462. Двајцата тврдат едно исто. На кој датум да го свртиме нашто внимание. Двата автори зборуваат за една акција, меѓутоа времето не го лоцираат исто. Во нападот над Љубојно, између Љубојно и Брајќино беше само "Даме Груев" а не заедничка акција.

ДИМИТРОВСКИ КРУМЕ-МИЧО:

За другарите од одредот "Даме Груев" и преспани, многу се навредени од излагањето на Кузман Јосифовски -Питу.

Дозвлоете да цитирам: " подиректива на другарот Темпо да се формира преспанско-охридкси одред, презедов мерки, се префрлив во Пееспа на еден дел од Битолскиот одред. За рок од неколку дена излегоа нови борви 25 од шест села. Стари партизани-преспани има 7 души, бкупно преспани 37 борци. Одредот сега има вкупно 47 борци. Од нив земаме 4 за курири. Остануваат ### 43 борци во Одредот. Одредското раководство, Штабот е составен од : Ѓорче- студент, гевгеличанец. ( тој не го познавал Ѓорче дека е правник). Политички комесар- Панде, заменик политичк комесар- Ѓорче. Карактеристики: ( за Ѓорче)стар партизан, добар тактичар, со недостиг на врска, политичка спомош, материјал, кај заостанатата маса. ( преспанец за него езаостаната маса). Постанал војвода од типот настарите комити и затоа во работата има политички грешки, искривување на политичката линија. Подетално за партизаните припоени на Преспанскиот одред како и раководството, другарите од Одредот , ќе прикажеме усмено. Иначе, другарот Ѓорче е одан член на партијата и со разговорите што ги имавме, материјалите и врските кои ќе бидат редовни како и со стална спомош, другарот може повеќе да даде отколку што дал". Ова е од извештајот на Кузман Јосифовски-Питу, испратен до ЦК КПМ. ( упадица: да ги оставиме оценките на Кузмана, да видиме дали има некои грешки).

(упадица: во право е другарот, тука треба да се даде оценка. Оценките и впечатоците на Кузмана се сосема погрешни.)

( упадица: можеме во хронологијата некои такви оценки да не ги внесуваме така, а кога ќе јапишуваме историјатана Преспа, можеме да кажеме од кои причини дошле тие оценки).

КИЦО НОНКОВСКИ:

Во врска со оваа дискусија сакам да се вклучам и да истакнам неколку прашања. Прво, во врска со оценките на Кузмана. Мислам дека тоа е негово право. Тој дал лична оценка. Меѓутоа, за тоа што значи оценка што ќе сепишува за историјата во Преспа оценката треба да се даде врз аргументи, а не врз нечија изјава на овој или оној.

Второ, каков одзив и кои прашања имале најповеќе одзив меѓу народот за негова уште поголема поврзаност кон народноослободителното движење.

Прво, ова што го истакнаа другарите, за излегувањето на голем број партизани во 1943 година, јас ги собирав од списокот што го имаат истакнувано другарите од Покрвеник и другите другари и можам дакажам дека само од Царев Двор- бившата општина, вклучувајќи ги тука и Подмочани и Курбиново, во текот на овие месеци 34 другари излегле во партизани.Тоа е голема бројка и тоа доволно говори. Посебно излегувањето на голем број другари - партизани од Покрвеник и троицата браќа посебно Јане со синму, дава еден печат меѓу населението во тој дел и целосно.

Второ, убивањето на Тале-Кажаноски, меѓу населението даде еден голем одзив. Влегувањето во Дрмени, одржувањето на митинг, иако велиме дека тоа е митингување, а не борба, за движењето кај населението е многу важно.

Трето, постоењето на неколку бази на територијата на Преспа и движењето на Одредот, негово појавување и одржување на тие митинзи, исто така е многу важно.

Четврто, тоа е прашањето на формирањето на народноослободителните одбори, бидејќи се формира власт. Ова е многу крупно прашање и тоа се карактеристики на 1943 година. Во таква ситуација, пројавувањето на интерес и појавувањето на Муса Крања ценејќи од политичка гледна точка, беа свесни дека губат и дека не можат да имаат некое влијание тука. Се сакаше да се каже дека постојат одредени интереси на тие територии за Голема Албанија.

Посебно треба да се има предвид реконструкцијата во Отешево, поширокиte изјави на Боче во таа смисла. Имаше настојување од страна на некои фашистички организации. На пр. Кочо Чанчев зборуваше за Апостол, роден од Глобочани, инаку беше префрлен во Корча, па оттука отвори кафана во Царев Двор, дека е секретар на фашистичка организација. Тој направи обиди да формира организација во Царев Цвор и други места, преку отворањето на кафаната. Меѓутоа, во тоа немаше никаков успех. Јас не знам од каде обезбедуваше пари. Тој сакаше да врши влијание и поткупување преку спортскиот клуб. Сакаше да им нуди дресови, за да може да ги прифати.Меѓутоа, другарите кои беа таму не ги прифатија. Тоа беше под влијание и активност од партиската и скоевската организација.

Посебно сакав да ги нагласам овие карактеристики во 1943 година кои имаат значење.

Излегувањето во партизани од Ресен на Таше Милошевски, иако е единка, исто така, позитивно се одрази врз тоа што бугарите прикажуваа дека уништија на оваа територија. Ова не го поврзувам со некој месец, но како одзив меѓу народот, дека не е уништена организацијата и покрај тоа што еден број на другари паднаа во затвор.

Тоа во идните месеци ќе се покаже.

ЕФТИМ РИСТОВСКИ:

На стр. 107 од хронологијата, ред бр. 478-1943 година" на 6 јули борците од одредот урнаа 30-40 телефонски столбови во војната италијанска линија Љубојно-Царев Двор и Долно Дупени-Љубојно". Кои се тие 40 столбови што ги урнале партизаните наеднаш? Некаде се спомнуваат 30. Не е точен тој податок и треба да се исправи. ( упадица: Овде се говори за одредот).

ТРПОВСКИ ДИМКО- Покрвеник.

Во јули месец 1943 година, Главниот штаб кој беше над Лескоец, најде друга база, Тоа беше местото над Шуленци-Покрвеник наречено Ломје. Тука беше Главниот штаб и целото партиско раководство еден месец до 17 јули 1943 година кога Одредот замина за Дебарца. Не можеме да камеме дека немаша слободна територија кога целиот централен комитет дојде. Оттука беа давани директиви. Оттука Одредот отиде во Дрмени да одржи митинг, а село Дрмени и Царев Двор се на еден и пол километар. Во Царев Двор имаше војска како плева. Таму беше и главниот штаб и нолицијата и амбулантата. Во селото имаше и турска народност. Се одржа митинг во селото, се собра леб, некои се сокрија, некои побегнаа. Одредот во селото одржа успешен митинг и на кметот, кој беше турчин , му рече веднаш утре да им каже на италинаците дека партизаните беа овде во селото.

Одредот требаше да замине за дебарца, а еден дел да остане во Преспа, да ја покрие целата територија на Преспа, на албанската и грчката територија. Тоа беше на 17 јули 1943 година, во Ломје, каде што денескаима и споменик. Тука се прими првото борбено знаме за Македонија. Од мештаните на тие села на знамето се напиша. ЦК и Главниот штаб да доа директива што да се напише на знамето. Знамето го извезе Цвета од ПОдмочани,
од Подмочани, мажена во
и Дана . Цвета Шушеска, од Покрвеник, на Боре Шушески сестра Цвета Гегараковска, денеска жена на Лазе, Дана Царевковска на Комитот внука и Здравка Темелковска, на Комитот жената, го извезоа знамето и го донесоа во Ломје кај Централниот комитет. Првото борбено знаме за Македонија оттука се прими. Тука беше целото раководство на Македонија. Тука беа 43 борци, кога требаше да заминат за Дебарца. Од тие борци требаше да се формира батаљонот "Мирче Ацев". Од тие 34, ботци, 13 борци останаа да ја покриваат Преспа, какошто беше наречен "Преспански одред". Јас бев командант. Потоа, Илија Спировски -комесар, и неколку борци, а за неколку дена требаше да станеме 100, бидејќи се знаеше ситуацијата. Имавме за задача да го покриваме цела Преспа.

Кога требаше да замине одредот, кога се одвоија борците, Цветко Узунов одржа говор и првото борбено знаме му го даде на Овчарот. Овчарот го бакна знамето и рече" додека главата ми стои на рамото јас знамето нема да го пуштам од рака". Овчарот го викна Кире Јошевски од Прељубје, му го даде знамето да го носи тој, како знаменоносец. Киро рече со истите зборови и го бакна знамето. Јас останав тука, МИте - братми

војводата ми рече дека треба да останам. Исто така, се прими и заклетва. Заклетвата ја читаше Свештарот а ние по него повторувавме. И Добривое Радосављевиќ говореше. На 17 јули 1943 година, кога требаше да заминат овие борци, од 43 некои да заминат а некои даостанат, тогаш мене званично ми беше кажано дека ова е Преспански одред. Тој наш преспански одред одигра многу голема улога. Немаше село каде не беше одржан митинг, дури по три четири пати, се складираше жито, да се организира младината, формирање на народноослободителни одбори. Во слободната територија се движеше Јовко, Панде, Живко од Подмочани, Пенко Здравсковски- учителот. Јас повеќе бев задолжен за војни работи, а овие другари за политичка работа. Сите курири од Главниот штаб: Тунелот, Љазе, Комитот, Ѓорѓи, преку Преспанскиот одред одржуваа врски. Главниот штаб до нас ќе испратеше писмо до нас, ние ќе му дадевме извештај. Ние не бевеме голем одред и така ни беше наредено. Штом ќе се пријавеа 15-20 борци, со курири веднаш ги испраќавме за Дебарца и таму ги распоредуваа, бидејќи не сакавме да се компромитираме и даводиме големи акции. Инаку, беше обезбедено преминување преку граница. Селото Лескоец заслужи такво внимание, пто му се направи и споменик. Сите курирски врски поминуваа низ Лескоец. Членовите на Главниот штаб преспивани о седено во Лескоец. Сите бригадии батаљони што поминаа преку Албанија, за Егејска Македонија, поминаа преку Лескоец. Иако тука имаше бугарска граница, кај Стење, немаше случај некој од нашите

жив да се предаде.

Во Стење, на бугарската граница, стапивме во врска со Анастасу- потпоручник, кој беше главен на границата кај Стење. Отидовме да преговараме. Тој мислеше дека ние сме партизани, извалкани. ( упадица: тоа беше покасно).

Сакам да кажам дека Преспанскиот одред треба да го цениме бидејќи многу сторил за обезбедување на сите врски обезбедување на магацински простор со храна, одела, преминување преку граница.

5/1

ЖИВКО СТЕФАНОВСКИ:

Ќе се надоврзам на тоа што зборуваше другарот Диљко за јули месец а нешто и за август месец. Тоа е по директивата на Питу, целиот Околиски комитет да излезе во партизани и целиот Околиски комитет излезе во партизани, повикувајќи ги членовите на Партијата, симпатизери, скоевци. Тоа Питу го имаше предвид дека со излегувањето на Комитетот и повикувањето на целата Партија што ќе стане понатаму, меѓутоа, ќе кажам за патувањето на Питу према Пелистер за Битола, кога бев и јас со нив. Питу мене ми постави посебна задача. Ми рече " ако на Комитет поставив дека треба сите да излезат, ти ќе останеш да го организираш Комитетот и да вршиш поврзување". Меѓутоа,јас одлучно реков дека повеќе не останувам, затоа што имаше опасност да бидам уапсен. Тој ме разбра и се согласи да излезам. Кога веќе Одредот беше како целина , во припремата на 17-ти за заминувањето за Дебарца и предавањето на знамето,

тогаш истовремено се формира партиско поверенство во кое Илија Спировски беше секретар, Живко Цветановски член и Панде Колески член. Затоа, сакам да извршам една корекција на тоа што го рече Дилко, за Илија Спировски за комесар. Ние, десетина дена како партиско раководство делувавме одвоено од групата од Одредот, преспански , и успеавме во селата што се покрај Галичица, да одржиме состаноци со тие што не излегоа во партизани, да воспоставиме врска. Тогаш пред себе имавме поставено задача да воспоставиме врскасо членовите на Партијата што не излегоа, со скоевци, да формираме селски народноослободителни одбори. После десетина дена кога почнавме да ја спроведуваме таа акција дојде директива партиското раководство да се движи заедно со Преспанскиот одред, односно со групата. По десетина дена ние се споивме како партиско раководство и тогаш Илија Спировски стана политички комесар, Јане- заменик а јас секретар на партиската организација и заеднички делувавме. Овде се наброени и селата и лицата, само ќе дополниме каде што за некои е испуштено. Покрај селата на Галичица, ние се префрливме и на другата страна од кај Пелистер, така што се формирани селски народноослободителни одбори во село Претор, Курбиново , Рајца, Бела Црква,Долна Бела Црква, а во белешките е испуштен Никола. Тука стои Каранфили Енвер, Јонче Стипунски, Пере Гошевски и Никола Наумовски( Никола на Ставреица). За оваа цел го имавме задолжено Усеин, таткому на Таип Таипи, ја воспоставивме таа врска, ги повикавме горе на Браица, им поставивме задачи и потоа јас почесто контактирав со нив. Тука беше и Ристо Ставревски, Трајан Ставревски и Славе. Ги формиравме тие органи на власт и преку

нив повеќе политички делувавме а од друга страна скоро во сите овие села со групата од Одредот држевме и митинзи и во Раица, Курбиново, Сливница, Претор, покрај Галичица.

Да спомнам за во август кога вршевме една доброволна мобилизација, испраќавме покани и на оние кои беа организирани и на оние кои не беа организирани. И групата и Поверенството учествувaа во формирањето на народноослободителните одбори. При тоа повикување, дојдовме до еден судир во Раица со една италијанска патрола. Во куќата на Ване-шумарот и братму, ги повикувавме селаните да разговараме за да повикуваме за излегување во партизани . Беа поставени стражи долу на патиштата. Меѓутоа, една италијанска патрола од карабињерите не доаѓаше по патот туку преку лозјата, дојде во правец на куќатаод Ване, каде беа собрани селаните и каде што беше поголемиот дел на одредот. Тука бевме заедно и со одредот "Гоце Делчев", и заеднички ги вршевме сите акции во овие села. На вратата беше Ристо од Велушина, кога дојде таа група италијани. Тој пукна и отепа еден италијанец. Одредот без борба се повлече, горе, а утредента италијанците ја запалија куќата, не на Ване, каде што се собиравме туку карши куќата на Ване, која ја опколија карабињерите, бидејќи тие мислеа дека таа куќа е главна, бидејќи видоа дека таму се собира себ. Ние се повлековме во планината. Во тој момент Коле од одредот "Гоце Делчев " и уште двајца од одредот, излегоа, таму каде што логорувавме во шумата, да прошетаат низ шумата, да видат каква е положбата. Притоа, најдоа еден бугарин, и федфебел од караулата према Малоишта. Федфебелот и бугаринот

се предадоа. Тогаш Коле побара доброволци од двете групи, за да не одиме сите. Се нападна постот бугарски. Таму имаше одредени жертви од бугарите а од нашите немаше. Се повлековме во правец на Крани. Јас бев до митролезецот а домене беше Фана Цветковиќ, синму на Јане, Гога беше близу до Караулата каде што имаше магла. Маглата се повлече и тие почнаа да излегуваат. До мене беше Федфебелот и тој им велеше на бугарите да се предадат. Тие излегоа одкараулата се уфрлуваа во шанците и при излегува-њето од караулата со митролезот настана пукање и имаше жртви од бугарите.

Ние бевме изнад Крани, во една шумичка. Од едната страна беше голина . Малку подросуваше. Се сомневав дека нешто ќе настане., по акцијата на постот. Отидов да ја проверам една група која беше на стража. На горниот дел беше Живко -утот, а на долениот дел имаше еден наклон со камен, а вој-ската оддолу - италијанска, доаѓаше. Во тој момент го известив штабот дека доаѓа војска и во тој момент добив директива да се одвојам од одредот кај Сливничкиотманастир, каде што беше Трајче Грујоски, Димче Шпанецот, Лазо Хаџи Поповски и со нив дојдовме кај Отешево.

Во белешките , испуштено е името на Јордан, на-умовски-Калче, кој беше присутен во акциите. Таму ја извршивме онаа акција, собравме една цела кола со ствари, ги сместивме горе.

ПАНДЕ ТОЛЕВСКИ:

За едни вакви потези, акции и резултати на партизанските одреди, чети и групи, се наметнуваше прашањето на постоењето на добра организација во позадина. Без добро организирана партиска, младинска, скоевска организација, народноослободителни одбори, такви успеси не беа возможни и би се довело во прашање опстанокот на тие одреди.

Кога се предаде знамето и кога главнината од одредот замина за Дебарца, остана една група која требаше да остане во Преспа да не се испразни сосема Преспа и да се каже дека партизаните не постојат повеќе, како што постоеше некаква парола .Со тоа група или одред, беше формирањето на партиското среско поверенство. Во тоа време акциите ги вршевме по реони. Живко беше Подмочанска општина, јас бев за Царевдворска општина, Илија Јанковски за Ресен и покасно кога дојде Јовко, беше за Љубанска општина. Во јули и август формирани се народноослободителни одбори: во Покрвеник во Народноослободителниот одбор беа избрани: Спиро Лазевски, Филип Прповски, Никола Ристевски и Тасе Виталевски. За Село Лавци, во одборот беа : [illegible] Аџиски и Вангел . Во Прељубје: Алексо Вељовски и Панде [illegible] Темелковски. За село Шиленци: Кире Карапалев и Ламбе Николовски. Во Стење: Тодор, Милан Глигоровски, Андреа Поповски, За Лескоец: Димо Ефтимовски, ( Стерјовски) , Крсте Ивановски и Симо. За Дрмени: Јосиф Илиевски, Панде Лазаревски. За Отешево: Ване Котевски и Ефтим. За Долно Перово и Царев Двор ги има по име и презиме.

5/6 JМ

За ПОкрвеник беше формирана скоевска група од: Живка Питалевска, Цвета Гегераковска, Здравка Темелковска Коле Павловски, Владе Мавровски и Мите Ристевски.

Од активот на жените во ПОкрвеник беа: Цвета Темелковска,Мила Тасевска, Евдокија Гегараковска, Зорка Трповска, Грозда Питалевска и јончеица Трповска.

Сите овие имиња треба уште еднаш да се проверат, бидејќи на некои не им ги знам точно имињата или презимињата.

ЈОВКОВСКИ ЈОВКО:

Би се осврнал на една состојба и оценка со излегувањето на комунистите под италијанска ~~[illegible]~~ окупација во одредот. Скоро сите комунисти излегоа освен еден дел и скоро целата партиска организација беше во одред. Дејноста на оваа група оди не на формирање на партиски организации заедно со поверенството и одредот, туку претежно на една масовна работа, намитинзи и формирање на народноослободителни одбори. Во овој период од излегувањето иамме поорганизирана партиска организација, освен поединци коин не беа опфатени. Народноослободителните одбори, служеа како база за создавање на партиска организација.Во народноослободителните одбори ги земавме оние луѓе кои претставуваа и авторитет.

Околу заминувањето , односно одвојувањето на "Даме Груев" од "Гоце Делчев" во јули месец, постојат два датума. Тоа е на 4 јули , односно вечерта на 3 јули одредот е заминат.На 4 јули пристигнав во одредот "Гоце Де-

лчев". Тука беше оставен Гусли од Преспанскиот одред за да земе пушки и други материјали и после еден два деан замина.

Сакам нешто да осветлам за базата Калојзана, сакам да дадам една претстава што значеше таа база. Незината географска положба е таква што таа се наоѓа зад вугарската граница, под сртот на Грива, кај делот од Пелистер, а од другата страна на Калојзана е реката калојзанска. Тука е старата граница. Тука ние имавме извонредно добри можности за делување бидејќи тој дел беше добро пошумен а беше добро местото за одмор а и заделување на бугарска територија и на егејска територија. Оттука замина групата за Лавци, 15-16 души, две три групи за Бистрица, оттука беа извршени акциите на теренот на Раица, Сливница, Крани, оттука беше извршен и нападот на Гавран на 5 август на италијанската караула и низа такви активности.

Погодноста беше и во тоа што имавме поддршка од селата. Селото Брајчино, скоро целото беше врзано за нас, освен двајца-тројца негативно расположени, но во тие околности тие не се експонираа.Тие повеќе беа пробугарски настроени а кај италијанците не постоеше опасност да не провалат. Храна се собраше од цело село за Одредот. И пиланата беше многу значајна за исхрана бидејќи тука имаше и фурна. Посебно ни одговараше за врски и со Албанија. Таму се експлоатираше граѓа, која ја носеа група колари- албанци, власи, која се превезуваше со моторен чамец за Пустец. Преку Борис од Подградец, ни служеше како врска со Корча. Таа група работници од пиланата исцело беа со нас. Кога капитулира Италија

четири пет души излегоа. Тука работеше и Сулејман Нафе од Битола, потоа Кочо, Атанас. Потоа, имавме една солидна база и на другата страна између Герман и Буф и тука повремено логорувавме во одредот и делувавме на тој терен. Тука беа и германските бачила кои ни случеа за снабдување на храна. Тие услови овозможуваа и за егзистенција на одредот а и за делување за разни акции кои беа присутни, кои и Коле ги наведува во дневникот.

Не само во Брајчино но и во другите села имавме еден круг на активисти во тој период. Имаше скоевски групи во 1942 година, кои повремено одржуваа некои врски а до 1943 година немавме организација. Но, со појавувањето на одредот се создадоа групи на активисти, така што на теренот на Љубојно, ги имаме покрај Алексо-кожув кој беше како сувласник на Пиланата заедно со Ташко керестецијата од Битола-синму, исто така соработуваше со нас и тој во формирањето на народноослободителниот одбор во Љубојно и него го примивме за член на Одборот. Покрај Алексо-кожув е и Алексо Јанкулов, Стево Србинов со синовите, МИтре Марков, Стево Цајков( кој беше соученик со Коле Канински а се знаеше и со Абаз), тука е и мојата пошироко фамилија која беше активно вклучена. Во Љубојно се создава една поширока група.Во Дупени , исто така е создадена голема група, почнувајќи од Васил Богоевски Алексо Крстиновски, Стерио Стојмениковски од Струмениковци, Стрезо Ангеловски, Стојан Стојановски .

Карактеристично е што одредите партиски не делуваа на формирање на партиски организации. Одредите

повеќе беа заинтересирани за таа егзистенција и комуникација. Со тие луѓе што ги имавме комуницираме и не одевме на ширење на поголема организација во тој период.

Во Наколец, слезе една група со Коле Канински, со Петро Новачевски, Блаже Трпеновски, Ристо Трпеновски, јас, а не знам дали беше и Цветко, бидејќи вечерта пред да слеземе во Наколец зедовме машина од кај мене, од кај таткоми и една група се врати назад.Ние кај Борис од Наколец спиевме и дента формиравме народноослободителен одбор но само од македонци, во кој влегоа: Борис Наумовски, Петре Наумовски, негов стрико, Гоче. Тогаш имавме еден разговор со Зекман и тој прифати една соработка со нас, ни даде и помош. Зекман беше од тие поистакнати албанци кој беше и со Муса Крања во неговата чета. Барем тоските-албанци не одеа радикално, тие одржуваа политика и со нас и со Муса Крања. Тие беа и стари политичари од бивша Југославија кои калкулираа со сите тие моменти. Така е создадена една база на тоа подрачје на село Наклолец, што со капитулацијата на Италија, кон крајот на септември, го проширивме тој Народноослободителен одбор со уште три четири албанци.Тоа се Зекман Шериф, Раиф Реџо, Кадри Аличов, Ајруш Назифов.

Кај Герман , исто така, имаме една група на активисти. Јас не се сеќавам дали во Герман влеговме како одред, не знам дали некои бевме останати за врска или одевме на друг терен, читајќи го она што го кажува Петре Новачевски.

( упадица Петре Новачевски водеше една врста на дневник, на негов начин) ( упадица: тој го користеше дневникот на Коле Канински). Но , независно од тоа во Герман имаше една доста активна група, кај трлата на Коле Маањанов. Доаѓавме тука со мазгата да земеме биено сирење.

Во еден момент кога требаше да нападнеме на Герман како одред, околу 15-16 септември, кога се префрливме во Буф, заедно двата одреда, значаен е еден момент што во Калојзана стигнува една група од 10-15 ученици од Егејска Македонија. Тука се: Наум Пеев, во крајот на јули и почетокот на август, Мичо Трповски, Коле Шалваринов,Мичо Каранџовски и уште некои.( упадица: Мичо Каранџивски не беше). Јас со Мичо Каранџовски бев на Партиска школа во Белград и тој тоа ми го рече, а јас за него не се сеќавам. ( тоа беше почетокот на август). Можеби беше почетокот на август. Тоа е по нападот на Гарван.( упадица:Коле не беше тогаш во Калојзана). Ќе провериме.После нападот на Гарван имаше и блокада .Дојде уште една поголема единица од Корча. Тука извршија бомбардирање кај Герман над трлата каде што загинаа два-трица луѓе.

Фатија десетина селани од Шулин, мислеа дека се партизани и за тоа пишува Наум Георгиевски, Наведува за една заедничка акција на италијанската војска од Љубојно и македонските села во Албанија.

Кога говорам за Калојзана, во овој период доаѓа и Абаз заедно со Дејан, потоа на уште еден наврат доаѓа Абаз. Исто така, тука е и Благоја Талески, а Лазо Хаџипоповски за цело време е присутен и Трајче Грујоски до капитулација на Италија. Исто така во тоа време е и Димо-шпанецот и Иван Дојчинов.

Овде имам некои спорни хронолошки единици кои би ги спомнал. Во Брајчино е формиран народноослободителен одбор. Према податоците кои ги прибирав, тука има една група од Ангеле Јовановски, Стево Вержов, Стево Џајков, Алексо Трендс и Крсте Трендов и Боро Ангелески, која е во тој одбор. Ние слеговме во куќата на Јосиф Пановски со Иван и со Петар Новачевски и Коле Канински. Но, дали тогаш извршивме реорганизација на тој одбор. Јосиф беше доста негативен а влијателен во Брајчино и сакавме да го приврземе повеќе за нас. Но, и таму како да станува збор за народноослободителен одбор, но таа ситуација не ми е чиста.

Хронолошка единица 475. Разоружувањето на 16 италијани го оспори тошо и тоа не е точно. Погрешно е дадена во хронолошка единица 482 дека се испеала химната за одре дот " изгреј зора на слободата". Таа е бугарска химна. Тоа е погрешно. ( упадица: македонска е таа, тоа е "денес над Македонија се раѓа). Тоа е замена и побркана е. И сметам дека погрешно е нејзе да ја внесуваме како таква.

Хронолошката единица 491 доста е воопштена , опфаќа еден период од два месеца. Неможејќи се даопфати па дава една искривена слика.

Хронолошка единица 492 не е точна. Треба да стои наместо јули, крајот на јуни. На Раково е на 27 ~~мх~~ јуни. Треба да се види од дневникот.

Хронолошка единица 500 не е точна.

Хронолошка единица 501. Народноослободителниот одбор е во август месец формиран.

Хронолошка единица 506. Таа акција не е со одредот"Бигла,"туку со"Вичо".

ПАНДЕ

Во овој период за кој зборува Јовко ние добивме задача да обезбедиме радио од Љубојно. Во меѓувреме требаше да отиде Цветко Абаз на таа територија и дапрефрли за Грција радио. Јас и Танас од Вокодери и Ангеле од Љубојно ~~Брајчино~~ обезбедивме радио. Између Љубојнои Брајчино на планината седевме околу 2 часот, пуштивме вести и тогаш јавија дека руските го повратија Хаков. Тоа политички делуваше дека скоро ќе заврши војната и ние ќе треба да се вратиме во своите домови, а Абаз и другите заминаа во Грција.

ЈОВКО ЈОВКОВСКИ:

Групата што се оддели од Лавци, што престојуваше на Штрбово, не е од август туку од Јули е присутна на Штрбово па се до капитулацијата на Италија. Во хронолошката единица стои дека е во август месец стигната. Таа во Штрбово прифатена уште во јули месец.

( друг ден од работата)

КИЦО НОНКОВСКИ:

Јас сакам накратко да се надоврзам на искажувањата ~~мтв~~ и оценките што беа дадени во вчерашната дискусија за политичката активност и во врска со тоа што другарот Живко многу добро го образложи, престојот на Питу, директивите итн. Тогаш целиот комитет излегува во партизани, некаде и цели партиски организации. За извесен период во некои села, а јас говорам за Царев Двор, настанува извесна забуна. На пр. во Царев Цвор врската ја држи Боче, преку него одат директивите. Неговото излегување, како секретар на Реонски комитет и целиот Реонски комитет со кои одржувавме одредени врски, доведува до извесен вакуум. Од некои села сите членови на партијата излегоа. На пр. од Царев Двор членови на партијата се: Боче и Живко - уто. Тие излегоа. Натамошната активност ја презема скоевската организација, секретарите на скоевските групи и останатите членови од спомнатиот воjни комитет. Во однос на директивата на Питу и настојувањето цели ~~кинр~~ партиски организации па и скоевски и други да излезат во партизани, мислам дека правилно треба да се разбере и при наша оценка за Преспа, дека таа е во ред, затоа што 1943 година имаме во Македонија присуство на Темпо, имаме настојување дасе формираат поголеми единици ,што потоа ќе дојде до израз на Преспанското советување и одлуките што тоа ги донесе . Во тој момент повеќе е нагласена таа страна на проблемот, војната страна, што повеќе луѓе излезат во партизани, не запоставувајќи го и тоа што значеше позадина.

Второ, во текот на активноста, некои луѓе кои се спомнувани во 1941 или 1942 година, ги нема, или ги водиме како скоевци , но воактивноста ги нема.Но, затоа се јавуваат нови луѓе, новиимиња кои ҫа многу поактивни од другите кои ние сме ги регистрирале како скоевци.

Во тој однос, за Царев Двор сакам да спомнам една група која се јавува потоа, од почетокот на 1943 година со уште понагласен континуитет понатаму, тоа е : Љубин Поповски, Борис Нонковски и Круме Тански. Таа група е од почетокот на 1943 година но сеповеќе доаѓа до израз понатаму, а за разлика од некои кои ние ги имавме како членови на партија како Живко Бубулевски и Кочо Мамушевски, кои потоа ги нема, или некои кои биле членови на КП , или некои иако не се членови на КП , како отстранети, но нивната револуционерна дејност не престанала и постојано биле вклучени. Јас сакам тука да го спомнам Кире Прцуловски кој останува иако не е член на Партијата после 1941 година со случајот со Свештарот. Тој е активен до крај и во 1944 година тој оди во партизани, фамилијата му е интернирана итн.

ПОтребно е да се подвлече дека доаѓа наново до вопспоставување на врски меѓу селата, не изолирано, туку меѓу скоевските организации, меѓу младинците, партиски организации каде што има, се воспоставуваат нови врски со нови луѓе. На пр. за Царев Цвор после капитуалцијата на Италија. Во ПОкрвеник се јавува Танас - грнецот кој ја држи таа врска. Некои стари врски се обновуваат. Со Перово се обновува врската со Киме Кивиловски. Во Дрмени се обновува врската со Јосиф

Илиевски- Зеленковски, со Подмочани се обновува врската која е доста јака со Гога Шушевски.( прашање: Постои поверенство на партијата. Дали постои поверенство и на СКОЈ?) Колку што мене ми е познато не постои.

СТЕФАНОВСКИ ЖИВКО:

Во август 1943 година, групата на одредот "Даме Груев" и Околиското ипартиско раководство испратија посма до ќаиите и беговите во Бела Црква, Наколец и други места каде ги имаше. Сакам да кажам дека меѓу другите организациони проблеми го имавме и овој проблем за односот на ќаиите околу собирањето на апаилокот. Прво им запретивме на ќаиите дека треба да го напуштат теренот и да не собираат спаилук. Така го спречивме тоа собирање.

Во овој материјал, на стр. 7 каде што пишува " Наум Тодоровски од Долно Дупени", во последната реченица стои " во август 1943 година во Дупени формирана е младинска чета за обучување итн". Тоа не е во август, затоа што во август беа тука италијаните, а овасе однесува на крајот на септември.

При одржување на Преспанското советување, Околиското партиско раководство имаше предвид околу безбедносната состојба да се сврти вниманието на окупаторот, на истиот датум преспанскиот одред одржа митинг во село Курбиново.

ПАВЛОВСКИ МИЛАН: ( Прељубје):

Галија Прцуловски беше меѓу првите што работеше. Потоа, Кире од Царев Двор. Потоа, Јане, Панде Бележ , Јосиф од Дрмени, МИте Трповски, Јонче.

Некои од нив работеа уште од Бивша Југославија.

Околу Преспанското советување, јас бев стражар над Отешево. Бевме и сликани со Темпо, ќе ви ја покажам сликата. Кога одредот се раздели, кога одредот тргна за Дебарца мене ме запре Љубиша и Лазо Хаџипопов.Отидовме на слободна територија во Грција. Отидовме во Долно Клештени и јас таму зборував на грчки. Се вративме на планината а Лазо Хаџипопов замина на слободна територија а ние со гавро останавме. ( упадица: Има тука некоја врска. Во август заминува Лазо Хаџипопов).

ЈОРДАН НАУМОВСКИ- КАЛЧО:

Уште пред Преспанското советување, јас вчера напомнав дека јас и Овчарот бевме во Дебарца за го најдеме Мајски да го донесеме во Преспа. Вториот пат го најдовме и го донесовме. Не сум потполно сигурен дали стигна на Преспанското советување.

За Преспанското советување, не се сеќавам кој не испрати за Дебарца, за Црвена Вода, Ѓоре Велковски и мене. Отидовме во Песочани, Црвене Вода, и таму горе во базата го најдовме Главниот штаб и ЦК( упадица. Кузман ве испрати). Јас по втор пат го видов Цветко и веднаш го познав. Таму беше покрај Цветко и Радосављевиќ, Владо Малески. Бидејќи јас во 1941 година го видов Цветко во Подмочани, кога беше дојден кај сестраму, го познав. Во разговор ме прашуваше кој сум, што сум од каде сум , од кога сум во партизани, а јас се му кажав. Не криев ништо бидејќи го знаев кој е. По неколку дена

се организиравме. Ги донесовме другарите во Преспа.Јас и Ѓоре ги донесовме: Ѓо Орце, Цветко, Дејан, Владо Малески, Страхил Гигов. Ги донесовме во Покрвеник, престоија во планината. Ми се чини дека беше и братму на Ѓоре - Петко, затоа што одевме кај Злести Абаз, Владо Малевски и Петко, ги врати назад да довршат некои работи и нешто што заборавиле да земат. Потоа, накнадно тие дојдоа. Јас влегов во Покрвеник, фатив врска. Потоа, се префрливме над Отешево. Фатив врска со Дане и Коста- стариот и кога дојдовме горе променивме два три логора. На едно место беа Цветко , Орце и другите а на друго место бевме јас, Влад и Дејан. ПОкрај тоа имавме и стража.

ЉУБИН ПОПОВСКИ( Царев Цвор)

Јас сакам да поставам прашање, но жал ми е што авторот не е тука, што го дал тоа мислење за мојата фамилија, Гоче Ламбевски, што не е точно. На стр. 175, ред 363 пишува дека била формирана на италијанска територија фашистичка младинска група. Во таа фашистичка група бил некој од Подмочани, Есад Касами и биле соработници на таа група од фамилијата Поповски. Од фамилијата Поповски, Кире и Круме се друго, што сум ги затворал после ослободувањето, а друго е мојата поповска фамилија. Јас во времето на Гоче сум примал. За тоа време водев тројка. Бев член на партијата и активно работев . Во тоа време водев тројка. За мојата активност не треба да зборувам. Јас бев определен за атентатот на Талекомитот да го извршам, заедно со Трајан и Лазе Темелковски. Јас имам дадено во сеќавањата зошто не се изврши. Мојата фамилија никогаш не била непријател. Мојот татко беше отруен како

како пратеник, на демократска листа во 1936. Фамилијата моја страдала уште во Бивша Југославија. Страдала и во окупацијата. Ако има некои работи за што ćме се карале во Бивша Југославија не треба тоа да ее препишува дека сме непријатели, бидејќи тоа се ниски работи.(JОвко Јовковски: Ова прашање ќе го расчистиме).

ТРПОВСКИ ДИМКО:

За обезбедувањето на Преспанското советување, местото на тој терен беше така обезбедено, што сеизбра место над Отешево, наречено Смолоица, кое и денеска со споменик е обележено. Тоа место беше така сигурно обезбедено, што јас како командант на тој Преспански одред ми беше наредено да се поврзам не само со партизаните туку и со мештаните, бидејќи тука доаѓаа стално овчари, говедари и ја пасеа стоката. НИе со сите имавме врска и им кажавме на тој терен да не одат со говедата.

Преспанското советување, несметано, без никакви проблеми се одржа. Темпо закасни еден ден бидејќи беше во Грција.

ЛАЗО ТЕМЕЛКОВСКИ:

НИкој тука не спомна за една работа, имено дека од нашиот реон имаше во италијанската војска, а имаше и мобилизирано од италијанската војска. Имавме војници кои биле до капитулација од Стење, од Лескоец, од Покрвеник накого кога му дојде позив е избеган и тоа наш активист ( во Болно). Веројатно имало и од другите села, од Царев Цвор и други мест Далимало италијански војници од овде никој не дискутираше. Милан од Покрвеник избега да не оди италијански војник ниту во партизани и избега во ~~Белград~~ Болно се до капитулацијата на Италиј

Потоа, Тодор- бифеџијата, бил италијански војник од Стење. Којрон од Лескоец бил италијански војник и откупен од таткому и е вратен, но два месеци бил таму.

МИТРЕ АНГЕЛОВСКИ( Брајчино) 6/1

Ќе изнесам нешто за условите кои постоеа во Пиланата кај Калојзана. Таму се создаде една база во која постојано имаше можности да пристигаат провален, гонети од окупаторот од таа страна на границата на бугарска територија, Во базата во Калојзана за цело време беше одредот "Гоце Делчев" бидејќи тоа беше полуслободна територија, вршеше акции а беше постојано во врска со населението и добиваше помош од Дупени, Брајчино и _Љубојно и други села,

Со доаѓањето на албанските и италијанските власти мештаните од Брајчино даваа отпор да не прифатат никаква нивна власт, особено школа.

Во селото Брајчино во тоа време немаше ниту партиска ниту скоевска ниту младинска ниту друга позадинска организација. Со разбирањето на мештаните се работеше. КОга во јуни, јули, окупаторските власти почнаа да вршат мобилизација на теренот и направија прозиви на одредени лица, спаиите кои лица ќе им се бендисаа ги ставаа на списокот, да одат италијански војници. Сето ова е во 1943 година.Во тоа време и домене дојде позив. Се договоривме, преку врската што постоеше, со Крсте Трендовски, пуштија абер, бидејќи има таква појава во селата, да се состанат децата со групата партизани начело со Мајски, Мичо, Гога , Коки, На тој состанок јас ги известив децата кои беа означени. Им реков дека вечерта треба

да одиме да се состанеме со партизаните. Јас постојано додека бев во планина бев во врска со партизаните, им носев храна, одев на пиланата, се срекавав со нив, гледав како се облечени, како се наоружени, од кои места, а повеќе беа од битолските села.Кога дојдовме вечерта на состанокот, Мајски рече: " бидејќи вие сте обележени за окупаторската војска, дали сакате од денеска да бидете во нашите редови на народноослободителната борба". Повеќе од нив се поколебаа, велејќи некои од нив дека не ги знаат од дома, дека се болни, и еден по еден се извлекоа а јас останав со групата.

Мајски мене ми рече, " ти Митре, Гога и Бено Русо, со Коки, ќе го заобиколите селото Љубојно и ќе однесете писмо во Дупени кај Стојан Стојановски". Тоа писмо се однесуваше, групата од Дупени да биде поканета и да дојде во партизани. Писмото, благовремено, со одреден знак, му го предадовме, закажавме со Стојан дека ние ќе останеме кај црквата "Св Дамјан"над селото Дупени и ќе ги сачекаме наредната вечер да се состанеме .Но, тие што биле назначени и добиле позиви, заминале за Битола. Ги зафатил дожд,ги накиснал еден време се поколебале. Вечерта дојде Стојан и кажа дека нема ниту еден во селото од овие. Донесе храна и ние си продолживме да се вратиме во Брајчино во базата. Наидовме на групата. Им рековме дека ние сме дојдени по нив и им рековме дека треба да дојдат во нашите редови. Се изговараа дека се покиснати, болни, и дека не можат да се одлучат. Им рековме дека нема друго време за одлучување. Се разотидоа по меѓите, а ние продолживме по истиот пат, Ги заобиколивме бункерите кои беа обезбедени од италијанската војска, дојдовме во Брај-

чино. Јас и Коки влеговме да земеме нешто облека, опрема, да кажам дека отидов со луѓето за Калојзана. Со доаѓањето во одредот се сместивме, јас таму познав доста луѓе. Тогаш пристигна Лена Ташкова од Лаци, потоа се врати Борис Стојановски што беше на акција во Бистрица, на мајорот. Му испеков месо, се наручаа. По неколку дена Мајски рече: " ние сега ќе заминеме за Галичица и ти ќе дојдеш со нас". Заедно со Круме, Мичо, со Гога на Јане, слеговме во Брајчино, зедовме доволно леб , успеав да земам една мушама, англиска, Во Штрбово имавме врска со Наум Дојчиновски. Колку е тој значаен не ми е познато, но кај него беше групата од Добри, Ванчо, Боро Алтипармак, Соломон и други. Продолживме да се префрлиме преку Сливничко, преку полето и дојдовме во логорот во Покрвеник. Тоа беше во јули измеѓу 12-ти , 13-ти јули. Тука видов и други партизани во групата, а видов и партизанки. Беа на една стрмнина застанати, везеа петокраки, значки. Се запознав таму и најпогодно ми беше да останам со Кочо Бојчевски и со едно дете од претседателот на Цаерв Двор Аврам Амети. Тие беа помлади, мене ми годеше и останав со нив.Тие ми рекоа": денес ќе учиме партизански песни со другарките". По некое време дојде Круме- Вичо. Ми рече" тебе те викаат во Штабот". Јас си мислев дека штабот е сместен во некоја згодна барака, колиба, но кога ме однесе тој, тие беа во бавчите.Таму беше Свештарот, Војводата, овчарот и Гоце. Ме прашаа каква е положбата. Им реков дека во Дупени не успеавме, во другите села немавме можност да се сретнеме со луѓето бидејќи побегнаа преку граница за Бугарија. Ми рече: " пошто ти сакаш да останеш и сакаш да останеш во нашите редови, ние имаме и животни потеш-

котии, изложени сме на опасности, тоа треба да сеприфати и од сега ти нема никого да прашуваш, кој како се вика и кој од каде е ниту ќе даваш податоци кој си што си и од каде си. Ти ќе гоносиш името на еден наш храбер борец кој загина, а тоа е Коста Кусаковски-Сале, и ти ќе се викаш Сале". По неколку дена беше собрана храна тука и јавија дека овде ќе дојдат членови од Главниот штаб и овој одред "Даме Груев"ќе помине на теренот за Горно и Долно Дебарца и Кичевско-Струшко.Дојдоа Цветко Узуновски, Кузман Јосифовски-Питу и Добривое Радосављевиќ. Го истакнаа значњето на задачата што претстои на Одредот, го дадоа знамето, се построија единиците, се распоредија одредени старешини, со одредот доаѓаа и членови за штабот на зоната: Платник, Мајски, и Пирузе. Свештарот даде до знаење дека треба да се внимава нај-строго на дисциплината, не смее да се направи провала, пред да се помине на теренот на границата на Дебарца. Кога отидовме во Дебарца, отпочнавме нова програма, активности. Јас не знаев дека имало членови на Партијата. Дојдовме во логорот Сошени, сите мируваа, а одредена група на луѓе се тргнаа на страна.Јас почнав да гиназирам и мидаваа со раката знак да се тргнам назад Го прашав во што е работата, ми рекоа?"овие се членови на КП". А јас го прашав, ние што сме, со пушки сме се кренале, да одиме за една иста цел, а овие се членови на партијата?". Ми рекоа" тие направија план и програма , како ќе се влегува во селата, да се стави стража наоколу, сите што ќе дојдат од надвор да се пуштат да влезат во село а од село да не излегува никој. Кога влеговме ние, ги имавме извежбано песните: "изгреј зора", "Во борба" и др. и веднаш селаните излегоа , да видат, но и да слушаат. Штом се одржи говорот, поздравен народот, кој

што имал донесе на шаторското крило. Нашите интенданти набрзина подеднакво го делеа за сите. Значи таа програма што се спроведуваше во Горно и Долно Дебарце од страна на Свештарот и раководството беше многу успешно изведена со тоа што скоро во секое село се бараше погодни одговорни луѓе кои можеа да застапуваат како месни комитет. Позадинците што беа одредувани мораа да се јавуваат со одредот на јафка, било да бараа нешто или да ги бараа. Прва и основна цел беше во тие села во Дебарца да прибереме оружје и опрема што ни беше најнеопходна а потоа врската, храната и др. бидејќи покасно кога дојдоа борци од теренот на Дебарца, се здобивме со можности и го формиравме Првиот баталјон во август на Славеј Планина. Како прва регуларна единица тој баталјон доби задача да помине на бугарска територија, прво со цел да го нападне Крушево, Но добивме податоци, уште при првото поминување преку граница дека во Крушево има многу војска и полиција. Нашата единица е мала , со малку оружје не можевме. Крепјански рече да нападнеме на Богомила. Се упати - вме во тој правец. Дојдовме пред селото Зрзе и тука залогорувавме околу први мај. Оттаму добивме податоци дека пред неколку дена дошла една бугарска рота, бугарска војска, сечела дрва во планината а логорот бил до близина на тунелот. Тоа значи дека таа војска била 150-200 души. Ние не бевме во можност војнички да настапиме таму. Отпочнавме една маневра. Не минавме преку селото туку околу селото Зрзе кај еден манастир. Од попот зедовме малку храна и се искачивме преку знојава дупка кај власит на Солунска Глава. Видовме дека таму има една фурна, но тој таму печеше леб само да ги храни кучињата. Немаше доволно храна и ни рече да одиме на бачило, пред Солунска глава , бидејќи таму има повеќе луѓе и ќе добиеме повеќе храна. настана

невреме, магла , дожд, Овчарот се разболе и требаше да поставиме стража но во непосредна близина на 15 метри не можевме да ја најдеме да ја повлечеме да јасмениме. Резервната храна брзо ја завршивме. Се спуштивме надолу. Не влеговме во селото Крапа, туку во Црешнево, Бродско. Таму го фативме кметскиот наместник од Прилеп Bsсилие, но бидејќи мештаните кажаа дека има лошо држење, го теретел народот и кој има и кој нема да дава жито и други намирници, решивме да му судиме. Имаше тука еден учител со жената од Бугарија. Го викнавме инего сред село и му кажа Планински, зошто е дојден. Прво го прашавме дали има нешто да кажува околу овие работи, агентурски, но ни рекоа дека човекот е мирен. Планински, комесарот, му рече " ти ќе одиш за Бугарија и ќе ги учиш бугарските деца на мајчин јазик, на нас бугарски даскали не ни се потребни". Од селаните зедовме доволно храна, се договоривме и кметот да го присобериме и да ја поминеме границата. Тоа е околу 5-6 октомври 1943 година. Во тоа време слушавме експлозии вотој правец спрема Кичево, но немавме никаква можност да добиеме обавестувања од никого. Не знаевме што да правиме. Си рековме, ако дојде до пукање при преминување на границата, зборното место дани биде касарната. Само што поминавме пеку реонот на границата, наидовме на еден дрвар од селата. Го прашавме што има ново, а тој ни рече дека германците заедно со балистите од Гостивар извршија напад на партизаните во Кичево и гозазедоа градот. Сега веднаш се преориентиравме. Истовремено пак се вративме на бугарска територија, но немавме резервна храна. Изгладневме, заврна дожд, појадовме малку дренки, зелки од границините. Се договоривме да земеме некоја врека брашно од воденциите над селото Крапа, јас бев мајстор за да

месам леб, ќе заколиме некој брав,жж за да може баталјонот да биде снабден со храна. Така и направивме. Заклавме две овци, направив една фурна леб, се испече,Доволно беа две фурни леб и две овци. Бевме способни да влеземе во село. Во селото Крапа имаше склад со кашкавал од мандрата од бугарите. Кога влеговме во селото на едно место божем сретнавме војчевци, четници на Дража Михајловиќ, божем биле во селото, но ние ниту ги видовме ниту ги сретнавме. Одржавме со селаните митинг и го зедовме кашкавалот од мандрата. Зедовме доволен број водичи за да не изведат на теренот што побрзо од Поречието и Демир Хисар. Партизанските единици никаде не можеа да останат ниту по задача ниту за акција кога немаа позадинска организација и поткрепа од народот. Тоа се покажа на дело таму. Ние со тоа што извршивме такви маневри, поминавме на тој терен и со првото јавување над Сопотско веднаш добивме врска и храна. Со првата патрола куририте донесоа врска и ми кажаа каде се постоите, на Маказот.

ТАСЕВСКИ АТАНАС:

Во врска со дискусијата која беше околу собирањето на апаилокот, сакам само нешто да кажам. Партиската организација во Преспа не само околу спаилокот туку и околу откупот и на едната и на другата територија, водеше борба. Немало некои особени демонстрации, но се чувствувал еден огромен товар на тоа што окупаторот го правел вршејќи откуп на овая територија и спаилук. На оваа територија спаии беа: Есад - касапот од Подмочани и Нугаил од Ресен, кој сеге ми се чини дека е отиден во Турција. Невероватни отпори биле давани уште со почетокот на окупацијата во Преспа, на спаилокот и на формирање на школи. Во еден

дел на Преспа формирани се вакви албански школи, додека на поголемиот дел, врз база на еден ваков отпор на народот, не се формирани. ( прашање: во кои села имаше албански училишта?) Повеќе каде што имаше национални малцинства. Имаше во Царев Двор, во Подмочани, а во Љубојно немаше. Во Љубојно имаше италијанско училиште.

Во Преспа, на овој дел под италијанска окупација, окупаторот успеа , со мито, да собере околу 250 души милиција која беше стационирана во Царев Двор. Таамилиција беше од овие национални малцинства., од албанската народност.Тие учествуваа во потера на одредот кој се наоѓаше во Покрвеник во црквата , за едно со италијанската војска.

Би сакал да поставам еден проблем, кој е од интере за Преспа, од интерес за сите борци, поткрепен од Кузман Јосифовски -Питу во една документација. Сеработи за формирање на партизанскиот Преспански одред. Со излегувањето на поголемата група воПреспа од 25 души, а покасно се зголеми уште со неколку борци, Кузман Јосифовски беше многу одушевен од таа работа, бидејќи на никое место, каде што тој бил, особено во Западна Македонија, па дури ни во другите делови, таква масовност не била запазена. Во едно писмо од први јуни 1943 година до Централниот комитет и до Главниот штаб во Дебарца, ја известува оваа група и меѓу останатото вели, дека прво се излезени осум а станаа 27 се наоѓаа во одредот"Даме Груев" и сакаа да се формира Преспански партизански одред. Во врска со сето тоа пред- видено е ова раководство да биде: командант Мите Трпевски, за комесар- Свештарот и за заменици: Панде,Илија Спировски и уште еден друг. Во овој документ се даваат карактеристики за

сите тие. Овие борци, со ова јадро, со доаѓањето на одредот "Даме Груев" од Грција, во овој дел на Преспа , влегува во неговиот состав, и дејствува во составот на одредот "Даме Груев". На 17 јули кога се врши оваа реорганизација, кога еден дел од одредот замина за Дебарца, а еден дел остануваат. Дали оваа работа може да влезе како хронолошка единица и да се продискутира за тој проблем, дека постои чисто Преспанскиодред од порано.

ПАНДЕ ТОЛЕВСКИ:

Во прилог на тоа што го зборуваше Комитот, размислувајќи за учеството на борците од Преспа во селата имаме вкупно 37 борци. Дали ние имаме потреба и можеме да усвоиме еден таков заклучок да кажеме дека имавме и Преспански одред. Меѓутоа, оваа наша одлука сепак ќе биде врзана и со мислењето и на другите но не е лошо , ако ова стои да се прифати.

Беше речено дека без здрава и добро организирана позадина, резултатите не би биле такви. Точно е тоа дека Преспа спаѓа во првите во републиката во смисла на организацијата на партијата, скоевската организација, народно-ослободителните одбори, комитетите, а покасно и народните судови кои решаваа конкретни случаи во Преспа. затоа Преспа заслужува поголемо значење и признание. Дури , сметам дека ние многу заостануваме Ние сме скоро во последните во Македонија во смисла на обработка на оваа материја а тоа е резултат на повеќе работи.Прво, заради тоа што одборот кој беше формиран за организирање на хронологијата на Преспа и историјата, неколку пати беше менуван. Второ, ние немаме некои истакнати луѓе , со смисла кои можат и сакаат да пишуваат, а оваа работа е врзана и со пишување.

Зятоа треба да побрзаме со оваа хронологија и да се припреми еден симпозиум, една поширока дискусија со настапување на одредени реферати, како што прават другите општини, каде ќе се изнесат и проблеми од оваа тема.

Во 19 43 година кога се собра целиот одред во Лескоец, кај бачилата, одредот се пресели на Помолис, а една група : јас, Мите- војводата и Панде Белиж и Рампо- од Прилеп, добивме задача и отидовме во Стенчани да ги фатиме, каде што ловат риби. Но некој не издаде. Италијанцитеорганизираа митралирање на целата таа територија над бачилата и ако одредот не беше повлечен претеше опасност да дојде до катастрофа, бидејќи на тој терен каде што беше одредот, тоа место беше митралирано со митролези и авиони.

ЈОВКОВСКИ ЈОВКО:

До одвојувањето на двата одреда "Даме Груев" и "Гоце Делчев" на 21 мај, не можеме да говориме за чисто Преспански одред, бидејќи малку излеговме од Преспа во "Даме Груев" формиран во 1941 година. Меѓутоа, со излегувањето на станува еден преспански одред, каде има уште неколкуприлепчани и битолчани кои требаше да заминат како база за Крушевскиот и Прилепскиот одред. Тоа е чисто Преспански одред а не Охридско-преспански одред. Потоа, имаме краток период до формирањето на баталјонот. Ако кажеме дека групата што излезе во јуни месец, се работи само за 15 дена разлика и како одред не може ништо да се добие.

___________________:

Иако Комитот вели дека по наредба на Темпо се формира преспанско-охридски одред, ние сите знаеме дека од Охрид имавме многумалку, дури ни еден. Во наш прилог е да го усвоиме ова да биде потполно преспански одред.

ЕФТИМ РИСТОВСКИ:

Во врска со Преспанскиот одред, "Даме Груев" итн. јас за тоа сум пишувал. Но, тоа што го рече Комитотв, тоа е точно документирано. Некои го викаат преспански одред,некои група, но всушност преспанскиот одред дејствувал во Преспа и организира и од 17 јули 1943 година, кога од одредот "Даме Груев" тргнавме за Дебарца, пред тоа од јадрото на "Даме Груев" се одвои еден дел од борците, 10-11 души, стана како преспански одред на чие чело беше Илија Спировски-Панде -политички комесар и командант беше Мите Трповски. Кога заминавме за Дебарца, на 18 август од јадрото на Дебарца на 18 јули одредот "Даме Груев", се спојува со баталјонот на "Мирче Ацев", а дејствува преспанскиот одред кој се шири и разгранува. Околу Преспанскиот одред има многу лутања.

СОКОЛОВСКИ КРСТЕ:

Во почетокот на 1943 година бугарите презедоа акција на интернација на фамилиите кои беа во партизани.Конкретно во Златари извршија интернација: таткоми, мајками, сите семејства на Старејка, на Овчарот, кои беа интернирани во Бугарија. Тамуостанаа 6 месеци. Оваа акција бугарите ја презедоа за да ги застрашат другите за да не одат вопартизани.

Овој момент не е изнесен во хронологијата, а мислам дека треба да биде содржан. Тие беа мачни работи.

Во врска со преспанско-охридскиот одред, ние воопшто не знаевме до сега, кога ја видовме хронологијата, дека се вика преспанско-охридски одред. Тоа некојпроизволно го дава. НИе знаевме дека одредот е "Даме Груев" и на борците тоа требало даим се соопшти ако е преспанско-охридски. Ако треба да го промени името, тогаш треба да биде чисто преспански одред.

___________________:

Овој одред се вика "Даме Груев" но тој е Преспански одред на нашето подрачје, за разлика од оној кој пости до 18 август 1943 година кога влегува во составот на првиот батаљон "Мирче Ацев". Со документација и со вашите изјави тоа ќе го направиме.

ПАНДЕ ТОЛЕВСКИ:

Во материјалот не сум сретнал една многу важна акција на одредот "Даме Груев" која е направена во 1943 година во јуни или јули. Се работи за Коњско. Одредот направи план и програма да се нападне Коњско, бидејќи имаше карабињериска станица во КОњско. Таа станица беше нападната ја блокиравме од сите страна а Ѓорѓи Свештарот и Коста бидејќи добро знаеа италијански, излегоа и почнаа да им викаат на италијански дека италијанците се блокирани и дека треба да се предадат. Меѓутоа, тие тоа не го прифатија, бидејќи

беа добро утврдени во специјални бункери.Ние почнавме да пукаме, меѓутоа, стражата фати еден италијанец, а тој бил во селото, удрил на патролата, таа го фати и го донесе. Тоа беше над црквата, на една висина. Го носеа селаните и велеа дека еден војник заробиле, други други заробиле и станале 20-тина војници. Кога се заврши акцијата од 20 излезе еден, бидејќи така се вртеше во тоа. Му ги зедовме алиштата, оружјето и го пуштивме. Потоа, одредот се повлече над Галичица, каде што одредот е и сликан.

______________________:

Јас во мојот материјал кој сум гоприложил, го имам земено периодот од 1941 до капитулацијата на Италија, сето тоа што се збивало на ова подрачје под албанска територија. Тоа подрачје во 1941 година беше окупирано од Италија и се до есента ние бевме под војна фашистичка окупаторска власт.

Кога одредени кругови во тоа подрачје видоа дека нема власт, дека е само војска, позабележителни луѓе, повидни луѓе, побогати, големоалбански настроени, оформија една делегација, што покасно стана и национален комитет- фашистички комитет на тоа подрачје, ситуацијата се измени, во смисла на отпор за училишта и сл.Меѓутоа, да не вовлечеме луѓе во нашата историја кои не заслужуваат. Јас сега чув за контрачетниците. Колкава била таа активност не е битно, меѓутоа, овде е битна другата страна. Во Преспа тешко се наидуваше на соработка особено со албанскотонационално малцинство. Во составот на тој национален комитет за голема Албанија, освен од Дрмени имаме и од турската нациолалност што учествуваат во тој национален

комитет, дури имало и од Ресен што учествувале во тој комитет.

Јас имам сознание дека има еден повик на тоа подрачје во село Лавци после партиското советување, накметовите да им се сврти внимание дека окупаторот веќе е при крај, меѓутоа тој не е успешен.

Покасно, кога формиравме народноослободителен одбор, во 1944 година, извршивме само измена на тој одбор што постоел од 1943 година. Во материјалот на Еминовски Реџеп се вели дека тој одбор бил формиран во 1944 година, а сите другари знаат дека во 1943 година во секое село постоел народно-ослободителен одбор. Живко и Зариф и други биле уште во 1943 година тој народноослободителен одбор, а во 1944 година измената беше што беше дополнет со Вангел и други. Овде треба да секонстатира дали е тоа во 1943 или во 1944 година.

ПЕЦО НЕЧЕВСКИ: Ќе се надоврзам на излагањето на Панде Толевски. дека во нашата околија била партиската организација, дека биле одушевени и други членови како Кузман Јосифовски -Питу итн.Мислам дека нашата партиска организација во текот на НОБ и револуцијата беше една од најјаките и даде доста добри и храбри борци. Меѓу тие борци во прв ред беа: Мите Богоевски, ИЛија Спировски, Наум Бислиевски, Мите Трпевски. За нивната работа, за нивната борба, ќе биде изнесено во оваа хронологиј Меѓутоа, сакам да кажам декаво 1941-1942 година кога се водеше битка да се били или да не се биде, со окупаторот, Мес-

ниот комитет работеше под тешки услови. Тогашниот секретар на Комитетот, другарот Димитраки , до провалата, до одењето возатвор, беше еден од најдобрите и најактивните другари како секретар во организацијата. Преку него се се одвиваше.Тој како секретар ги припремаше состаноците на комитетот, ги раководеше, даваше партиски задачи и проверуваше како се спроведуваат. Тој има доста добри заслуги за создавањето на квалитето на партиската организација во Ресенско. Јас него не можам да го споредам со Мите Богоевски или со Овчарот, но неговите квалитети треба да бидат истакнати. ( упадица. И Милан Димовски). Милам беше член, како што бев јас и другите. Мите беше организатор. Димитраки како секретар гиизвршуваше и поставуваше и одеше на терен, одржуваше партиски состаноци во селата, во Битола, одеше преку граница на состанок со Реонскиот комитет, на состанок со Стив Наумов и со Мите во Одредот. Тој има заслуги, а досега не се потенцирани доволно.

Неговиот дуќан, неговата касапница беше свратилиште. Таму и секретарите и ние членовитена Комитетот се собиравме, примавме разни задачи. Тука се доѓоваравме.Оттука ќе земаше и пропаганден материјал, тој беше задолжен да го растура. Таму ја носевме и партиската членарина и друга партиска помош што се собираше.

На минатиот состанок испуштивме да кажеме за провалата, Преку Јавато, Преспанската партиска организација беше поврзана и преку неа се носеше прогаданден материјал и храна за одредот. Повеќе беа скоевци: МИте Нечевски, Симо Не-

чевски, Мика Нечевски, Кире Нечевски, јас и Јонче, а од Јавато- Јонче-Мурџев, Лазо Ласевски, Цане, Мијо Грбевски, Беше создадена добра партиска врска. Организацијата во Преспа сепрошири од Сопотско. Кога беше провалена организацијата, првата вечер кога ги уапсија шест души, по неколку часа се прошири низ цела околија: Златари, Сопотско, Болно, По нападот на село Кажани, односно Смилево, полицијата и власта беа изненадени. Во април и мај Битолскиот одред беше ликвидиран. За тој интервал мислеа дека не можат да се прават такви напори за организирање на одред. Но, беаизненадени. Тоа изненадување беа принудени да преземат што поостри мерки да ја откријат организацијата и одредот. За таа цел од Битола врбуваат двајца троица агенти. Едниот беше Пецо -собаџијата и Узунот. Ова ми го кажал Мишко Божиновски. Добиваат задача во одредот. Но од село до село доаѓа до Јавато.Тие не отидоа до одредот. Стив Наумов рекол да се провери каи дошле овие , кои се и, а не знаеле дека тие се испратени. Тие видоа дека тука нешто се испитува и избегаа Се вратија во Битола, кажаа на полицијата и таа презема брзи мерки, ги уапси. Од Битола, преку селата доаѓаат до Ѓавато. Во Ѓавато не провалуваат од сапатската организација.

Јас не бев член на Месниот комитет, бев отстранет, поради приговор. Јонче вели дека сум бил неактивен. Тоа не е точно. Јас не да не бев активен туку дадов приговор, состаноците не ми себендисуваа дека се одржуваа воприрода.Јас

бев за тоа да се одржуваат во некоја затворена конспиративна просторија. Тоа не го прифатија другарите и јас повеќе не бев повикуван.Но, Месниот комите т во Битола и Штабот на Одредот знаеа за оваа провала која почна од Битола преку селата до Ѓавото, дека се шири по сите села на тој терен и ќе дојде до Преспа преку Сопотско. Тие знаеа дека го бараат одредот, а не презедоа мерки да се пресече таа провала уште во почетокот. Од кои причини не знам, не беше тоа направено.

На 6-ти ноќта дојдоа троица јаваштани: Мите Грбевски, Цане Лазески и други, преоблечени. Јас не ги видов но ми кажуваа другарите, бидејќи бев во затвор. Тие беа преоблечени во војнички алишта, во шинели. Кажале каде се Пецо Нечевски, Јонче Цалески, Кире Нечевски. Тогаш нас не уапсија. Тие не издадоа. Оттука почна провалата по целата околија под бугарска територија, и до 12-ти заврши.

ПОПОВСКИЉУБИН:

За време на италијанската окупација ,кога албанците поставија нивна власт, албанците вршеа притисок за македонските деца да учат на албански јазик. Сметам дека партиската организација и скоевската организација одиграа добра улога што објаснија на луѓет, дадоа голем отпор децата да не ги пуштат да учат албански.

Италијанците вреша откуп, го собираажитото на селаните. Партиската и скоевската организација извршија таква агитација кај луѓето што италијанците не успеаа да гоземат житото. Целото жито го задржаа селаните .

ЈОРДАН НАУМОВСКИ-КАЛЧО:

Откога замина одредот за Дебарца, Кузман Јосифовски за Битола и за Скопје, Цветко Узуновски за Кајмак чалан, Солунско и Солун, остана во Преспа Благоја Талевски-Иван.Со него беше и Владо Малевски и други . Јас останав со Иван како курир на Главниот штаб. Тоа беше во август, во другата половина. Базата на Иван му беше над Отешево. Иван имаше машина запишување, гештетнер на кој работев јас, умножувавме материјал, доаѓаа курири и од егејскиот и од албанскиот дел. Доаѓаа курири не само од партизаните, туку и од местата,земаа материјал и го ширеа како пропаганда по сите села. ~~Кај~~ Иван остана се до капитулацијата на Италија и тука нас не затече капитулацијата на Италија. Иван во тоа време одржуваше врски со Караорман, Кичевско-Дебарско, со Албанија, према Грција, Костурско, а исто така и со Кајмакчалан и Кожув Планина.Кај Иван доаѓаа луѓе од Албанија кои не знаеа да зборуваат македонски. Преку врската доаѓаа во Отешево. Во Отешево гиприфаќаше Ване и Коста. Прво ги прифаќав јас, на одредено место и ќе му соопштив на Иван и тој ќе кажеше дали можат да дојдат зависно од тоа кои луѓе беа.

Околу самата капитулација, сакам да напомнам дека дента приметивме голема експлозија и оган кај Иван и го испратив Ване да види што станува таму,на 8 септември. Тој отиде таму и виде дека италијаните капитулираа, се спремаа за евакуација и го запалиле магацинот. На основа на тоа ние заклучивме дека Италија капитулира. Другиот ден војските од Љубојно , Подмочани и Царев Двор, разоружани од германците

во колони бегаа према Корча. Иван беше тука главен а со Иван беше и Трајче Грујоски, Владо Малевски, Живко Стефановски, синму на Јанета, Живко-утот и други. Ние застанавме на еден погоден положај и почнавме да им довикуваме на италијаните на италијанск Тие почнаа да се предаваат. Им рековме да го предадат оружјето и се што имаат друго. Оружје не запленивме, освен офанзивни бомби, но запленивме голем дел на материјал, ранци и сл. Препознавме доста италијански војници кои служеа од Подмочани. Имаше неколку влашки коњи, веројатно што вршеа во тоа време, со самари гинатовариме и ги растоваривме дрвата што ги носеа за Дрмени , и ги однесовме во една пештера во Отешевско и ги склонивме. Заедно со материјалите ја сместивме и машината за пишување и гештетнерот и други материјали. Покасно кога дојдоа бугарите , кога го окупираа овој дел, целиот тој материјал беше провален и бугарите успеаа да го запленат. Чув дека многу работи и селаните зеле, штоим било потребно.

Потоа, ние со Иван и другите другари, се префрливме преку Езерани, Дрмени, во Сливница и стигнавме во Љубојно. Во Љубојно по неколку дена пристигна баталјонот на Овчарот "Мирче Ацев". Потоа, тука се состанавме со Дејан, со Димче Шпанецот, и други. Потоа дојде Муса, за когонешто сум пишувал. Сум пишувал нешто и за преговорите со Муса, бекството на Муса.

ЈОВКО ЈОВКОВСКИ:

Во врска со капитулацијата на Италија, јас имам пишувано посебно за тоа во битолските народноослободителни партизански одреди, а тука има пишувано и Перо Новачевски и Блаже Трпеновски . Тоа на Блаже е доста бледо и со доста неточ-

ности, но поблиску е до партиската состојба, иако се ублажува судрувањето со германците. Во врска со ова би сакал да укажам на датумот. На повеќе места, во повеќе документи стои 12 септември дека сме влегле во Љубојно и во Љубојно да ги разоружуваме италијанците. Тоа е на 9 -ти, кога влезе нашиот одред, попладнето слезе. Јас и Мендо Спасовски правевме обиди да воспоставиме врски за преговори со италијанците. НИту ние имавме причина да чекаме до 12 септември, ниту германците имаа причина дачекаат, ниту италијанците да чекаат да дојде некој кога ќе стигне да ги разоружа.

Перо Новачевски исто така многу добро ги осветлува некои работи.

Околу наоружувањето, некои работи не стојат. Ние заробивме два тешки митролези и лично ги експедирав. Имаше седум или помалку не се сеќавам митролези. Заробивме бомби, пиштоли, а пушките ги запленија германците во сидирот со бугарите. Исто така доста храна запленивме, лекови. Две три мазги, кои лично јас ги носев, беа натоварени со бомби кои ги склонивме над Брајчинскиот манастир, над манастирот ""Св .Петка". Исто така и тешките митролези Живко со Вамбо ги склонија кај Калојзана. Повеќе од 15 пиштоли xx запленивме.

За заробување на италијанците, говори Ѓорѓи Димовски дека тоа било во јули- август, но ова е во септември и не 16-xx туку 25 италијанци беа заробени и тоа оние кои слегуваа према Љубојно.

Околу судирот со германците од наша страна точни се податоците: троица загинати, троица ранетиТоа се Кичо Чулаковски, Петре Тупижоколи и Ице од Канино. Ранети се Панде Толевски , Албетка Сорла и Раде Ињов, од Канино. За германци колку биле убиени или ранети, но веројатно два тројца ранети. И одредот носи вина околу обезбедување на стража, но повеќе беа во акции и десетина останаа горе кои беа изнемоштени, така што 25 души слеговме, така што немаше кого да гопоставиме стража а кој да оди кај италијанците да ги разоружува.

Околу слободната територија, во документите се наведува дека слободната територија е до Крани, од Стење. Од Стење, целата албанска Преспа и егејска Преспа, и на наша Преспа до Сливница, а вклучувајќи ја и Сливница, е слободна територија, или меѓу Крани и Сливница, независно што Муса се усидри во Крани.

Станува збор за една исправка. Некои народноослободителни одбори веќе постоеа, формирани во Брајчино, во Наколец, проширен и со Албанци, во Дупени веќе постоеше народноослободителен одбор, кој продолжува но кој дејствува како полулегален. Не се работи за легални народноослободителни одбори. Ние зедовме кметови , ги поставувавме легално и тоа од луѓе кои претежно беа компромитирани, како соработници со окупаторот.

Околу младинските чети, во сите овие села беа формирани за обука и тоа на некој начин беше и војничка и политичка припрема за одење на борци во одредот. Меѓутоа,таа

припрема не ни беше доволно политички извршена атука имаше нннн непријател кој делуваше, а кога се обидовме таа мобилизација да ја извршиме грошо на тие младинци и од Љубојно и од Брајчино заминаа на бугарска територија. Еден дел од Брајчино и од Дупени останаа. Од Бразјинно Љубојно излезе Цветко Думбов.

Околу политичката активност на тоа подрачје, групите од двата одреда и од "Даме Груев " и од "Гоце Делчев" остануваат и делуваат како една целина и на база на тоа доаѓаат дел на нови борци и доаѓа до формирањето на баталјонот. Некои посебни организациони форми, покрај народноослободителните одбори и младинските чети, немаме, а делувањето беше поединечно од секого. Посебно нашите партизанки комуницираа со жените и се формираа активи на жени во сите села и се активираа околу исхраната, плетење, снабдување со облека и беа многу активни на слободната територија.

Околу училиштата, мислам дека тука се формирани трите училишта во Дупени, Љубојно и Брајчино. Сметам дека е добро на соодветен начин, ако не се одбележени да се одбележат. Во Љубојно беше учител Филип и стрикоми. Ќе ги дадеме во писмена форма. Би било добро училиштето во Љубојно, да се санира и очува и да се стави во некоја функција, да се даде на користење, било како одморалиште за деца или друго.

Во хронолошка единица 573 на стр 135 една оценка на Абаз до Добривое Радосављевиќ за Преспа не стои во смисла што многу оптимистички гледа. Оправдано ги критикува слабостите на одредот, меѓутоа, оној дел каде говори дека не се презело мерки албанското население поради опасност од

бугарите да се привлече да излезат што помасовно во партизани, е нереално во такви услови особено кога во тоа време доаѓа и Муса кој се усидрува оо еднаединица. НИе ги имавме само поединци од албанската народност кои безрезервно влегоа во движењето а еден дел стоеа по страна. Таму каде што нема вина не би требало да ја бараме дека не се успеало , или дека имало некој пропуст. Не се работиза ничии пропуст што не се покуша вало. Се покушавало.

ПОгрешно стои во таа хронолошка единица дека состанокот е одржан во Крани. Таму беше Муса.

Стои една неточна хронолошка единица каде се говори за излегување, односно дека сме ги испуштиле 70 борци, кои сакале да излезат и дека се префрлиле во Албанија и други 40 кои исто така биле спремни, кои останале така и не се приклучиле .Такво нешто немало, освен тие што ги мобилизиравме и при повлекувањето еден дел од Дупени како што беше Славе Димевски и други доброволно се приклучија . Така се приклучија и Стерјо, Алексо Крстимов и други кои доброволно дојдоа. Тие беа и повозрасни луѓе и тие со нас се повлекоа.

Главната критика и сега и меѓу нас беше присутна околу нетактички постапување со мобилизацијата на борци што пропуштивме да ни пребегаат за бугарска територија. Тој и Косте беа присутни и заеднички или претежно одлучуваа за активностите на тоа подрачје на слободната територија. Не ее сеќавам дали Димо беше во моментот на капитулацијата на Италија и на разоружувањето на италијанците. Можеби и за тоа да претрпел критика заедно со критиката за штабот на одредот, што има непосредно влијание на текот на настаните.

___________________.

Би кажал неколку збора во врска со разоружување на италијанците. Тука е направена огромна грешка. особено од раководството.Прво, заради тоа што ние толку се занесовме во тоа што сметавме дека Преспа се ослободи и се заврши војната.Како резултат на тоа, ние не успеавме да поставиме стражи. Германците ни влегоа без ние да ги видиме. Тука имаше толку народ што ние 35 души бевме изгубени. Тука ние изгубивме и војнички и политички, Ако гозедовме оружјето ќе можевме да наоружиме цела бригада. Во тој дел е во право.

Второ, датумот не е 12-ти туку 9-ти како што рече Јовко.

На стр. 123 се вели од Ѓорѓи Димовски, дека на 5 септември италијанците презедоа офанзива против одредот "Гоце Делчев". Бидејќи беа покренати моќни сили на 7 септември одредот се повлече кон селото Крани а на 8 стигна во својот логор во Калојзана". Ова до некаде е точно. Тоа е хронолошка единица 532. Меѓутоа, понатаму се вели: " при повлекувањето одредот ја премина демаркационата линија и наиде на бугарска караула, при што се судри со нејзината посада. Во борбата беа заробени еден бугарски офицер, еден војник и еден агент. Истиот ден, на 8 сепетември 1943 година беше прогласена капитулацијата на Италија". Ова не е точно, затоа што и јас лично бев таму. Ние бевме над Крани, над Штрбовс Коле Канински уште еден друг отидоа да го извидат теренот. Приметиле еден војник и еден шпиун. Тоа е на границата. Ме-

ѓутоа, нашите ги забележија порано и на заседа ги фатија, го фатија војникот, го фатија шпиунот. Немаше никаков судир догаш, туку бевме лоцирани во логорот и тргнавме вечерта за Брајчино и вечерта на 8-ми кога бевме покрај Љубојно слушнавме камбани. Бидејќи беше месечината јака, мислевме да не не приметиле, а никому не му падна на памет дека е капитулација. Кога стигнавме во Калојзана сабајлето, дојде таткому на Јовко , не извести, пуштивме радио. Затоа, ова овде треба да се исправи.

ТРПЕВСКИ ДИМКО:

Да сополнам во врска со тоа што говореше Јовко и Панде во врска со капитулацијата. Ние бевме горе, над Раица и жох тргнавме према Калојзана над Љубојно и точно е тоа дека тропаа камбаните, фрлаа ракети. Ние сметавме дека има некоја прослава, а за капитулација не ни помисливме. Горе се сретнавме со Коле Канински и битолските партизани кои ги водеше Коле. Се споивме со борците од Коле и тогаш дојде на Јовко таткому со коњчето и ни кажа дека италијанците капитулирале. Ние имавме нешто оружје и веднаш презедовме акција кој да остане кој даоди и решивме 15-тина души да одиме . Влеговме директно во Љубојно, кај таа мешаница и ние побрзавме да го фатиме командантот. Му кажавме на командантот и на нашите партизани им кажавме да им кажат на италијанците дека командантот наредил да го остават оружјето и италијанците почнаа на пољаната да го фрлаат оружјето. Ко-

мандантот им рече " вие сте разоружени, со голема војска од партизани сте опкружени и немојте да мрдате, само да ви обезбедиме преку Албанија да си одите во Италија". Тогаш и тој ги крена рацете. Погрешивме само штоне поставивме стража. Ставивме еден но на крај на селото во првата кука, Кога тие си отидоа , собравме што оставија. Но, откога тие си отидоа Љубојно остана скоро еден месец слободно.Тогаш отидовме по куќите и ги сместивме запленетите работи и го поделивме да се испрати таму каде што беше потребно.

СТАНОВСКИ КРСТЕ: ( с. Штрбово).

Во нашето село дојдоа една група партизани, Лавчани, околу јуни месец и седеа два месеци. Тие не осниваа некој комитет, туку фатија еден овчар-Коста - рабацио и Наум Секуловски-дојчинот. Наму можеше нив да ги храни бидејќи беше позафатен. Тие побараа со кого би можеле да работат во селото. Јас во тоа време бев кмет. Наум им рече дека можат да работат со мене. Наум ги донесеноќе тие пет Лавчани кај мене. Тие се запишани поименично, а само еден Илија загина. Кога тие дојдоа во нашето село, ние разбравме за движењето. До догаш не дошол некој дане организира. За нес еше 1941 година тогаш, кога дојдоа тие. Тие седеа околу два месеци и ние во селото ги поддржувавме. Во еден момент ни кажаа дека ќе дојде одредот, од Горна Преспа, од Бислимичко. Ние донесовме еден товар леб, повисоко од селото горе, за бригадата. Кога требаше да им гопредадеме лебот, лавчани не ги најдовме. Отидовме јас и Јонче. Знаевме дека тие беа во чамот крански и Коле Канински мене ми испрати писмо по Коте

Кирјаковски и 40 напољони албански, книжни. Во писмото пишуваше да одам да купам од кај Садик опинци. Кога го видов писмото дека треба да одам кај Садик да купам опинци, за да купам 40 рала, ќе сеоткриев. Бев приморан да одам. Кога отидов таму му кажав во што е работата а таму беше и ~~Нафија~~ Фари. Мукажав дека јас не можам да купам толку рала опинци. Тогаш ми рекоа дека со Садик можам слободно да работам. Некои од нив работеле со Садик. Парите им ги вратив и вечерта тие излегоа од шумата за Брајчино, за Калојзана. Излеговме ние со Коле и стариот Јане бевме подолу во долината. Јане ми рече дали сакам да го видам бугарскиот федфебел и двајца војници.Коле рече да не го правиме тоа, може федфебелот да побегне па да не бидемеоткриени. И ние не говидовме. Тие заминаа за Калојзана а ние со Јонче си дојдовме дома. Во тие денови, ако некој од другарите беше учесник во Чамот , ќе знае дека зедоа овци од Штрбово, четири , ги заклаа и кожите ги пуштија и за нив да им купам опинци. Дојдовме со Јонче дома, преспавме и сабајлето дедоми отиде во воденицата. Јас имам воденица во Арвати. Таткоми беше воденичар, а дедоми требаше да му однесе јадење. Кога однесе дедоми јадење, таткоми му рече да ми каже мене да им кажам на партизаните дека италијанците капитулираа. Ние немавме некоја организација но бевме четири пет души што работевме со лавчани. Мене и Јонче ме одредија да заминема за Калојзана, да му соопштиме на Одредот дека италијанцитекапитулираа. Преку планината Гора, преку Градиште, слеговме во братинската река и тргнавме за Калојзана. Но, уште не помината реката го сретнавме одредот. Крсте Чулаковски го носеше знамето. Јас му кажав на Коле Канински дека е капитулирана

Италија. Ми рече дека разбрале преку радиото. Се симнавме надолу. Крсте три четири пати со знамето падна на ледина и покојниот Јонче рече " не е убаво ова". Кога дојдовме над Брајчино, каде што сега е шумската куќа, сретнавме една група италијански војници, со сандаци оружје. Беа излезени на патот и не знам од каде дошле, изгледа од Брајчинскиот манастир. Тоа оружје им беше одземено и повлечено за Калојзана. Кога слеговме за Љубојно, таму беше преполно од италијански војници,од сите села луѓе, а знамето беше ставено на вратата од црквата. Тогаш Коле Канински бараше од италијанскиот колонел да се предадат италијанците, дека има наредба од италијанците да се предададе на партизаните, а партизаните преку албанските партизани, да ги предадат на италијанците.

Во тој момент тие оружјето не го предаваа. Се собра куп оружје. Христо од Канино беше оставен кај една зимница како стражар. Штом се собра оружјето стигна еден германски мотор, еден џип и еден камион со 25-тина војници. Кога го видоа знамето, народ, војска, се уплашија и ги кренаа рацете во камионот. Тогаш беше наредено да се повлечат борците од одредот. Крсте го зеде знамето. Тие тогаш скокнаа од камионот. Јас не бев со оружје, јас бев цивилен и не морав да бегам. Едно момче, од Сливница, од Борис беше мобилисан, со навалена пушка таму си седеше. Еден стар од Битолско, Ристо, или Пјер, се скрил во некоја куќа, италијанците пукаа и при отстапувањето Коле Канински отстапуваше према куќата на Марковци, према Дупени. Во тој момент Цане, од Прилепско, со митролезот, кога германските војници ги кренаа рацете,им го сврте. Коле

Канински му гозеде митролезот и му рече" додека гиубиеш нив селото ќе го запалат". Тие отстапија, и германците го кренаа оружејто, односно се отвори оган од партизаните. Италијанците заминаа по нив.Еден германски офицер знаеше италијански и им нареди на италијанците да одат за Ресен. Тие отидоа за Ресен. Откога се стемни, јас останав кај Стојан - го викавме ѓуптинот Јас требаше да видам каде е убиен Христо. Когаотидов во гробиштата, тој таму беше убиен. Јас морав да одам за Брајчино ноќе, бидејќи тука не останаа партизани. Кога отидов во Брајчино сам, во една куќа од Поповци, чардакот е на патот, ми се јавија од чардакот партизани да ме прашат кој сум. Јас им реков " кметот Штеловски" како што ми беше наредено да им кажам. Ме викнаа горе. Им реков дека од Љубојно уште пристигнува војска а има убиени. Им реков дека во гробиштата е убиен Христо од Канино, убиен е во Јазмина , во лозјата Крсте Чулаковски, знаменосецот. Им реков декаима и оружје. Јас,Христо и Петре отидовме. Кога отидовме наполето не сретнавме италијански војник, само најдовме еден италијански пушкомитролен кај багремите пред хотелот. кога го зедов, видов оружје доста. Баравме коли по куќите. Тогаш излезе Петре од една улица и бевме троица. Најдовме две љубански коли но не ни стигнуваа. Од Горна Преспа беа дојдени со коли да мелат жито во воденицата на Коце Паскалот. Отидов со митролезот на рамо, го викнав Коте, станаа другарите, ги наполнија колите, го натоваривме оружјето, Го ставивме Христо на кола и дојдовме над куќата шумарска, во Брајчино каде има една чешма, со еден трем. Тука го оставивме оружјето . Троицата заминаа за Калојзана. Ме викаа и мене.Јас им реков дека ќе одам, да видам да не најдам оружје .Косте беше командир, од Прилеп, кој е загинат.

Во колите натоваривме сандаци со бомби. Пушки немаше ниту пушкомитролези.

За Муса Крани, од Одредот во Штбово дојдоа за Муса Крани да се преговара. Јас бев во еднакуќа на работа, ме побара. Тие побараа да се одржи митинг во Штрбово. Јас го испратив Петре - рабаџио и Јонче во Крани. Од Крани дојдоа дос та , дури дојдоа и балисти, стари луѓе, дојдоа од Арвати. Беше одржан говор на едно ридче во селото. Говорот го одржа Зија кој беше од Албанија. Зборуваше на албански. Илија Спировски зборуваше на македонски. Требаше да се одржи состанок во куќата моја. Викнаа неколку души , стари, од Крани. Во мојата куќа одржа говор Иван Танев-Димче. По неговиот говор одредот замина за Брајчино. Останаа седум души. Остана другарот Јовко, Илија Спировски, и уште пет души, како обезбедување, бидејќи имаше дојдено балисти, да не настане нешто. Во мојата куќа Јовко и Илија Спировски спиеа и основаа Месен комитет.
За претседател бев избран јас, за секретар Јонче, кој е загинат, за членови: Петре Рабаџио, Никола Спировски и Коста Рабаџиов. Кога одредот замина, требаше троица другари од одредот да заминат за бугарска територија. Од мене побараа да им испратам курири, да им го покажат патот, да не наидат на балистите, на Муса. Јас го испративв Јонче Малинезовски, Тие другари беа од Јавато- Ташко, од Ресен-Лаќи, и уште еден. Тие заминаа по некоја работа, но бугарите не беа дојдени до Сливница туку до Асамати. Овие завршија работа по партиска линија, се вратија. Кога се вратија, го поминаа Асамати.Мислејќи дека се во слободна зона, бугарите беа премес- тени кон Сливница. Двајцата се одделија нагоре, а Лаќи надолу. Бугарите ги тераа со кучиња, до арватска грма, уморни

Имаше еден овчар, којбеше албанец. Виделе оган и се прибраа до огнот. Се одморија и заспаа. Кога станаа сабајлето, се најдоа окупирани од војниците на Муса. Ги спроведоа во една куќа во Арвати, кај Крсте Упаликов, ги затворија во една соба. Не ставија стражар на вратата туку долу.



МИТРЕ АНГЕЛОВСКИ:

Баталјонот "Мирче Ацев" кој беше во акција во Поречието, бидејќи не можеше да опстане, се врати на теренот на слободната територија во Преспа, за село Брајчино. Со пристигнувањето во Сопотско, веднаш не прифатија мештаните, ни дадоа храна, податоци. Продолживме во правец над Подмочани, над Курбиново. Во Сопотско стигнавме од Демирхисарско, од Смилевско. Со групата луѓе кои организираа да се снабди храна, се договоривме да бидеме на среден рид на Курбинска планина. Тука требаше да се донесе храната. Хранатаја добивме. Довивме и податоци дека бугарската граница што е поместена од Макази се наоѓа под Сливница, на Самоково . Од деновите кога ги добивме податоците бугарите веќе отстапиле кај Икона во реката во внатрешноста спрема Крани и Арват. Ние тука се распоредивме на отстојание колоната, бидејќи месечината беше со облаци распоредена, имаше прозрачност. Го поминавме тој терен на Самоково па дојдовме кај Икона воосојницата се одморивме, пушачите запалија цигари, Јас побарав вода и видов на чешмата направено корито, огниште и има траги од чизми. Му реков на овчарот дека овде бораveле бугарите, мора да се некаде близу Веднаш им реков да се изгаснат цигарите и да се покренеме. Штом тргнавме во правецот нагоре, наидовме на бугарска патрола.

Запалија една ракета, почнавме да пукаме и сакавме над Арвати даизбиеме во тој правец, да избегнеме, бидејќи имавме податоци дека Муса се наоѓа во село Крани, Арвати. Еден наш патизан, Благоја Трајковски, прилепчанец, тука се изгуби и утредента во Арвати го прифати Јонче Теговски од Брајчино, го склони. Ден-та го донесе во училиштето во Брајчино. Кога поминавме над Арвати, и над Штрбово, сабајлето ги сретнавме штрбовчани со некои зевгари кои одеа во планина. И тие ни дадоа податоци и ни рекоа дека дошле од одредот партизаните, правеле некои логори со мусовци и се повлекоа пак азаму. Ние дента влеговме во Брајчин -Кога влеговме во Брајчино одредот "Гоце Делчев " незабележи и отстапи, го напушти селото Брајчино према Пачалуа во шумата. Пред тоа одредот имаше извршено мобилизација од 10 души од Брајчино а по втор пат кога побараа да се мобилизира уште една генерација, веднаш се договорија и организирано гонапуштија селото и се префрлија на бугарска територија.Мал делние најдовме во селото мештани. Ние имавме намера со моето доаѓање таму јас да приберам некои што ги познавам да дојдат со нас, да го зго-лемиме бројот на учесниците на партизаните, но јас во тоа не успеав.

Наредниот ден, откога му испративме писмо на Васко, веднаш дојдоа, бидејќи тука беше Овчарот со батаљонот, "Мирче Ацев". Се собраа тука на сред село, направија распоред, добивме храна. Наредниот ден јас,Јовко и Борис Стојановски отидовме таму каде што беше склонето оружјето во планината, зедовме една количина муниција, бевме со маски, испаливме некој рафал, но сето тоа создаде еднапаника. Се слушнало долу дека се пука во планината и мислеле дека сме се судриле со бугарите. Штом дојдовме над Брајчино, кај манастирот, го пречекавме

таткому на Јовко, Васе, Не праша што беше то што пукавме и ние му кажавме. Тој мислел дека има нешто друго непожелно. Слеговме и ние долу воселото, го поделивме оружејто, останавме еденден во Љубојно , не распоредија на ручек и наредниот ден заедно со одредот "Гоце Делчев " отидовме во Дупени во логорот каде што логоруваа над селото, Тука преспавме, зедовме храна и се упативме преку Раби, преку Перово, Нивици, а од Нивици со чунки се префрливме во Туменец. Од Туменец го продолживме патот на бугарска гериторија. Се искачивма на Галичица каде што ни рекоа да внимаваме дека има бугарски пост на Галичица. Внимателно го поминавме денот и слеговме према селото Љубаништа. Тоа беше рано во зорите. На манастирот "Св. Наум " зедовме некој ја количина храна, ореви и бакшиши од манастирот, од попо- вите, ја поминавме југословенско-албанската граница , во зо- рите го заминавме градот Поградец, поминавме на албанска тери- торија. Штом избивме таму према планината Мокра, испали една пушка и излезе еден со гуња пред нас. Ние веќе имавме прет- ходница што знаеше албански. Тоа беше Мичо. Ние таму поминавме како гости низ тие села на албанските партизани ва тие десет дена.На крајот наидовме на една група италија- наци коибеа заробеници. Ги прашавме што ќе прават тие после оваа завршена работа. Тие ни рекоа да му кажеме на нашиот командант да дојдат со нас, бидејќи сакаат да се борат против германците. Му кажав на Овчарот .Зедовме двајца италијани от- таму, се спуштивме на Горна, Долна Белица во Вевчани, таму добивме вечера.Го заобиколивме и Охридското езеро. Ни рекоа дека тука можеме ноќе да одиме од Струга према Дебар, дека неманикакви движења од страна на германците. Стигнавме во Ржаној

а од Ржаново се вративме во Црвена Вода. Најдовме дека е дојдена енглеската мисија, донесени нови одела, нови униформи, ново автоматско оружје и разбравме дека нашите другари загинале -Свештарот, Војводата, Гоце, Старејко, во борбитена Кленоец во борбатасо германците и балистите.

МИЧО

Со самата битка на Пресека, Главниот штаб ни нареди мене, на Комитот и уште еден, да одиме во Преспа да го најдеме баталјонот "Мирче Ацев" да му кажеме хитно да се врати.Апостолски тоа лично ни гокажа. Тргнавме јас и Комитот и дојдовме во Преспа, од Преспа аа Коњско, а од Коњско со чамец отидовме во Дупени. Ние бевме облечени со англиско одело од англиската мисија.Имавме и енглески шмајзер. Ги најдовме кај црквата во Дупени, каде што беше логорот.Тоа беше околу 15 октомври. Им кажавме дека загина војводата, Старејко, Белев, на Пресека и други партизани.Им кажавме дека треба да се вратиме назад, да ги однесеме на Караорман, Црвена Вода каде што беше штабот.Кога им кажавме многу другари, преспани, битолчани, рекоа дека нема да одат за Караорман, бидејќи беа стари луѓе, туку дека ќе се борат во Преспа, во Битола. Меѓу нив беа: Багро, Живко и од битола- двајца-тројца. Ние тогаш не требаше да кажуваме кој загинал, бидејќи другарите се збунија. Моравме да им кажеме да се наоружаат и да се вратат. Така со баталјонот ние тргнавме напред. Пред две недели јас поминав на истиот пат, во "Св. Наум, во Поградец. Со Тунелот во Поградец седевме три четири дена. Оттука, покрај езерото во едно струшко село Лад, со чамци ме префрлија меѓу Струга и Охрид и за Караорман стигнавме за една вечер. Мислев

дека баталјонот по таа линија ќе го носиме. Тргнавме од Перово, преку НИвици, оттука со чамци ги однесовме за Тунимец.Оттука тргнавме пешки за Галичица , се симнавме во Лескоец. Тука зедовме леб и тука не раздени. Дента одевме за Галичица и не видовме караула бугарска, а бугарска караула имаше само на главниот пат .Ссе симнавме во Љубаништа дење. Поминавме низ Љубаништа. отидовме во Св. Наум. Во Св. Наум зедовме леб од манастирот. Еден албански курир не презеде оттука приквечерина. Оттука тргнавме за Поградец. Поминавме низ градот. Во градот немаше ниту партизани ниту германци.Првиот пат кога бевме слеговме и во Поградец и тогаш имаше партизани.Куририот не однесе право во Мокра Планина, таму им беше базата на некоја група на албански партизани. Таму останавме ден-два. Ни рекоа дека на овој пат каде што сакаме да одиме не можеме да одиме, бидејќи балистите и германците имаат офанзива и дека тие ќе не однесат. Тие ни дадоа курир сонас. Поминавме ние низ албанските села. Една куќа од друга на два километри беше оддалечена. Во секоја куќа не ставаја по тројца, за спиење.Во тие села сите бе беа балисти. Оттука, отидовме на југословенско-албанската граница на Кафасан. Таму на караулата запаливме огин бидејќи имаше снег. Оттука слеговме во Вевчани, таму зедовме леб, потоа на Белица каде што имаше фурни за печење вар. Се згреавме околу фурните и понатаму преку Дрим, отидовме во Буринец, Ржано и Црвена Вода.Таму го најдовме Главниот штаб, ги предадовме луѓето. Истата вечер се вративме јас и Комитот назад. Постарите луѓе од Баталјонот "МИрче Ацев", тие што се бунеа, околу 12 души ги вративме назад, за Преспа Таа маршута заврши, и еден од тие партизани ни се предаде во

Отешево, го фатима бугарите, му замрзнаа рацете и нозете остана во колибите и после два дена си дојде во Тунинец. Се викаше Софре од Албанска Преспа.Патувавме за преку граница. Се одморивме на Галичица. За Галичица јас и Комитот бевме напред, седнавме да се одмориме. Јас останав назад, Комитот напред. Јас тука заспав. Комитот отиде до граница до граница и скоро ја поминал границата. Ме барал мене, и когасе врати назад мене ме најде како спијам на бугарска територија.

СОКОЛОВСКИ КРСТЕ:

Во врска со баталјонот "Мирче Ацев" , ние кога тргнавме од Кичево добивме задача да одиме во Прилепско, Азот и Поречието. Таму имаше пропаганда Трбоевиќ, четничка пропаганда, каде што имаше четници. Нашата задача беше со баталјонот да одиме таму да ја расклинкаме таа четничка ~~команда~~ пропаганда и да ги разоружаме четниците.Требаше да се вратиме со комесарот, Со Стоилко разговаравме.Тие добија прекор што дојдоа ваму, со баталјонот. Тие требаше да се вратат таму И по тоа што вели Лазо дека Апостолски наредил да се вратиме таму, ние не требаше да дојдеме ваму.Требаше таму да дејствуваме. Ние таму дејствуваме 18 дена. Тргнавме од први октомври во тој реон.Успеавме да ја разбиеме таа пропаганда и разоружавме доста четници, го предадоа оружјето. Ние самоиницијативно дојдовме во Слепче. Овде стигнавме околу 20ти и овие дојдоа на 20-ти, примија англиски одела., а на први се вратија за Црвена Вода. Околу месец дена се задржаа.

Не рековме ништо за активноста на одредот. Ние кога отидовме за Дебарца, имавме голема политичка активност восите села, се формираа народноослободителни одбори, дојдоа партизани од тие места.

______________________:

По капитулацијата на Италија , во овој дел на 11.IX. бугарите извршија окупирање на италијанска територија, на оној дел кај границата кај Стење а на другиот дел дојдоа до Сливница. Другиот дел го држеше Муса. На овој дел каде што извршија окупација бугарите, со нивното доаѓање, веднаш почнаа да вршат тортура по сите села на лица кои им беа симнителни, кои беа наши приврзеници, учесници, организирани итн. Примаме обврска да се достави список на сите оние што беа апсени и задржани во полицијата во Ресен.

Инаку, беше разнесена една пропаганда дека од ПОкрвеник, се затворени, стрелани, убиени, за да се внесе еден страв кај народот, дека сите што се излезени во партизани не се повеќе живи.Во повеќе села беа испратени патроли, беше заведен полициски час.

Партиското раководство и единиците се наоѓавме на слободна територија. Уште на крајот на септември беше воспоставена врска со теренот кај Подмочани, према Ресен, а од другата страна заминав јас со Вале од Отешево кај Крсте ЈОноски во Евла. Во целата таа ситуација, ние се обидовме да воспоставиме врска со теренот.

Во текот на ноември и  октомври, повторно беше воспоставена врска кога отидовме  во Подмочани, формиравме селски народноослободителен одбор, во состав:Ламбе, Лазе Прговски, Ја Мите Кечуловски. Потоа, воспоставивме врска во Езерени, во Покрвеник со Танас- грнецот. Во  октомври и ноември е воспоставена врска со неколку пунктови со задача тие меѓусебно да се поврзат затоа што во тоа време се префрливме јас и Јовко. Јас одев и пак се враќав на оваа слободна територија. И тамупристапивме кон една организација во сите тие села, македонските села што беа под  Албанија, извршивме реорганизација на селските  народноослободителни одбори, извршивме избор на јавни собири. ПОрано и  самиот одред имаше формирано  селски народноослободителни одбори, Пристапивме кон проширување и реорганизација  на партиск организации.Формирана е партиска организација во Пустец, во Глобочани, Долна Горица,  во Горно Горица, Туминец  во 1943 година. Истовремено ние таму имавме и општински комитети за тој терен,  во кој беше Борис од ~~Туминец~~  Пустец, Лазо, Наум и други.  ПОвремено  тука доаѓаа,контактираа но не реагираа: Демир Беи, Сен Беи, Васил Пробри, Раис Беи, Раин Бодли, Минур Саблику и Енвер Звезда. Тоа се албанци во раководството кои контактираа со нас и не се спротиставуваа.Покрај тоа ние одржувавме врска  и во село НИвици, каде што бешенаш соработник Алексо Мирчевски и Филип Ристановски во село Ореово. Потоа, Васил Лаовски, Митре Ламески, Спиро Лаовски и Коле Миовско. Во село Граждено соработници беа: Доне Трајковски, и Костовски. Во село Трново соработници беа:Спиро Павловски и Борис Ристев.

Во текот на октомври, доаѓа Пенко Здравковски како член на областниот комитет на нашиот терен и како инструктор. Се ирзврши реорганизација на партиското . Намсто повееренство сега имаме околиски комитет. Во овој комитет, бидејќи замина Илија Спировски во единица, од поранешното раководство бевме: јас, и Панде Толевски останавме во овој околиски комитет а како нови членови дојдоа Јовко Јовковски, Крсте Јоновски и Јонче Трповски за секретар на овој комитет. Јонче не можеше многу да се движи, поради физичката положба. Кога бевме на оној терен на албанска територија во нашите села, таму одржувавме состаноци. Јонче за целото време до капитуалцијата на Бугарија остана таму . Во 1944 година доаѓа. Од тоа време кога беше одредот"Даме Груев "таму, кога замина одредот, кога се повлековме од овој терен, од слободната територија во Љубојно, ни беше главно седиште на нашата група. Сега доаѓам на онаа забелешка што беше ставена од Комитот на хронолошката един ица , каде што стои ноември 1943 година и долу стои : Живко Стефановски, укажувам дека оваа хронолошка единица при пишувањето е комбинирана , воцелина вака како што е поставена не одговара.

_______________: Некој им кажа дека ние сме затворени како партизани, да му соопштат на кметот во Штрбово, на Крсте за што се работи.

Жената дојде во воденицата, му кажа на таткому и тој со трчање ми кажа. Ние се договоривме со другарите дека има двајца заробени и требаше да му соопштиме на Одредот. Јас и Јонче заминавме преку Рамни германец, отидовме во Брајчино. Двата одреда и албанскиот и нашиот ги најдовме во школото во Брајчино. Им соопштивме во што е работата. Ни рекоа ние да си одиме, а тие ќе го нападнат Крани - Арвати. Ние си дојдовме

Сабајлето чекавме нешто да чуеме, не можевме ништо да чуеме. Сабајлето, изгледа беше Митре, од Љобојно, ми донесе три писма.Едното беше до кметот од Штрбово, другото до кметот од Крани а другото до муса. Јас го прочитав писмото за мене беше испратено од Коле. Ми напиша да одам во Крани, писмото што е за кметот да му го предадам, а едното на Муса. Јас со Муса не бев во добри односи, бидејќи Муса испрати војници за храна во Штрбово и јас два пати не му дадов.Јас му реков дека не можам да хранам и балисти и партизани. Бидејќи не бев во добри односи не смеев да одам. Кога му го дадов писмото на кметот од Крани ми рече да муго прочитам.Тој се уплаши. Му реков ако е на македонски ќе го прочитам, Во писмото пишуваше: другар кмете, на ихстапувањето на наши два другари на бугарска територија, паднаа план кај муса, ве молиме да дојдете во допир со Муса и да ни бидат пуштени. До колку не бидат пуштени другарите ќе бидеме приморани да го нападнеме Крани, а штетата што ќе се направи, таа штета ќе ви биде од Муса". Му реков тоа писмо да му го даде на Муса. Тој го зеде, а јас по една друга улица си дојдов. Тие се собраа, му отидоа на Муса, а Муса требаше тие денови истите да ги предаде. Другарите гипуштија. Имаа три пушки. Едната им ја одзедоа,а по една им оставија.

СИМОВСКИ ТОДОР:

Во врска со нападот на Љубојно и подготовките за нападот, треба да се земат предвид последните страници од дневникот на Коле Канински, каде зборува дека од Брајчино, на чело со Кицо и со знамето, слегуваат за Љубојно. За тие подготовки и нападот, треба да се земат тие страници,бидејќи сепак говор

еден командант на одред од денот кога навлегуваат, како важен иизворен документ.

Некои детали кои јас ги прибирав во врска со тој напад, исто така треба да се искажат затоа што луѓето не се меѓу живите, меѓу кои и Анести Пановски, како изворен материјал во врска со следното. Кога требаше да се слезе во Љубојно, Кицо- знаменоносецот, имаше опинци и не личеше облечен со опинци да го држи знамето. Дејан ги извади своите цоколи и му ги даде. Меѓутоа, со несреќата што се случи при повлекувањето кога беше ранет Славе од Канино, вели: "јас при повлекувањето кога го видов дека Кицо Падна, немав опинци, ги видов новите кондури, ми беше жал да му ги оставам, ги соблеков и му ги дадов и гоносев со себе ранетиот Славе.Меѓутоа кога миги виде Дејан кондурите, ми ги зеде и останав бос. Требаше да бараат опинци". Тоа е еден интересен момент кој не е и најглавен. Тука Коле Канински го загуби дневникот, веројатно во Љубојно. Затоа и не е довршен дневникот. По војната некој го откри тој дневник, го предаде на милицијата во Битола, и оттаму се најде во војно-историскиот институт каде јас го најдов, малку го злоупотребија други, а заедно со Трајче Грујоски тој го објави, но не е дообјаснет.

Во врска со двете писма на Абас, од 25 септември, имаше критика. Првото писмо, каде што се и критичките забелешки, е од 25 септември, тоа е во наредниот ден по формирањето на баталјонот "Страшо Пинџур". Тие информации ги он носи од Коле Канински. Коле Канински не можеше да му каже се, не можеше сам да признае. Дилко треба да признае дека тоа што го направија во Љубојно беше малку нетактично, со недоволно искуство, со извон

редно тешки последици, што сметам дека тие критички забелешки на Абас на некој начин стојат. Друго е со муслиманското население, до која мерка може да дојде до обединување. Тоа малку е нереално но како желба и како стратегија стои. Тоа писмо го пишува до Радосављевиќ и веројатно до Темпо, иако стои доЦК. Еден комесар на Главниот штаб треба да даде некои директиви Во првото писмо тој вели" не знаеме што е со групата на Лавци", меѓутоа во наредниот ден од 26 септември има друго писмо каде говори дека групата од Лавци е пронајдена. И тука оценките му се далеку поповолни за ситуацијата во Преспа отколку во првото писмо, што зборува дека тој има веќе нови инфор мации. На 25 или 26-ти доаѓа курир од Преспа кој му пренесува нови информации и со истиот курир го дава второто писмо.

ТРПЕВСКИ ДИЉКО:

Преспанскиот одред што го водев јас и одредот на Коле Канински, кој имаше група од битолско ихх[illegible]х со нападот на Љубојно, се споивме и делувавме долго време и на албанска територија и на егејскиот дел и на Преспа. Љубојно беше слободно се до доаѓањето на бугарите. Заедно со Коле се до тогаш доаѓавме на егејскиот дел, се враќавме тука. Ги обучувавме младите партизани , одржувавме митинзи. На Герман го убија братму на Тале, Цане. Коне Канински беше иницијатор. за неговото убиство. Тој беше болен, оставен во една куќа да се лечи. Мажот отиде да бара млеко за болниот, на женаму и префрлил нешто, и тогаш го известија штабот, за да не се компромитираме, дека секој кој ќе направи некоја злоупотреба ќе биде стрелан, и беше донесена одлука пред одредот, сред село му беа кажани неговите грешки и беше стрелан.

На 11 ноември 1943 година во Винени се формира другиот батаљон "Стив Наумов". Тој батаљон е формиран од новодојдените борци во Преспанскиот одред и од битолските села. Тука беше присутен Цветко Узуновски, Пранче Неделковски, а Васко Харангелевски беше заменик командант .Тој го прими батаљонот "Мирче Ацев". Ние заедно се договаравме што ќе правиме и какоштаб бевме едно тело.

ДИМИТРОВСКИ КРУМЕ:

Во врска со излагањето на другарот Крсте, во врска со Муса и неговото делување на тој терен и фаќањето на Лаќи и од Ѓавото, Ташко -Чаталот. Оваа единица не е формирана во текот на капитулацијата на Италија, туку многу покасно, што пристигна, на Муса Крани.

РАБАЏИЕВСКИ ПЕТРЕ:

Сакам да дополнам некои работи за групата Лавчани кои беа кај нас за кои треба да биде разјаснето како е тоа можно. Тие дојдоа при крајот на јули месец и седеа до крајот на август. Ние ги храневме во Штрбово. Тие беа: Панде Ташковски, Пецо Гудевски, Тоде Дериевски, Јоско Уно, Јосиф Неделковски и Ињо. Ние ги издржававме, а тие беа во планина. Им носевме леб. Ние потао немавме никаква врска со одредот ними тие имаа врска.

Да спомнам за состанокот со другарот Јовко. Тој заедно со Илија Спировски да доа доста директиви. Тие одржаа состанок со народноослободителнито одбор во Штрбово. Покрај другите задачи го поставија и прашањето на

формирање на младинска чета, восептември, после капитула цијатана Италија. Ние формиравме со 10-12 души а командир беше Јосиф Диневски. Таа група се обучуваше десетина дена до доаѓањето на бугарите. Постоеше активност и сите наши селани знаеа за одредот и ниту од еден немаше некоја провала, сите беа единствени.

ПАНДЕ ТОЛЕСКИ:

Во врска со групата, од каде и како дошла во Штрбово. Благоја Талески и јас добивме задача да одиме во Битолско воселото Кадино, да фатиме врска со оваа група, бидејќи одредот беше растурен и не се знаеше каде е.Минувајќи ја границата италијанско-бугарска над селото Кадино, во време на жетвата, чекавме и не успеавме да пронајдеме врска, да ги пронајдеме другарите . Ние се вративме назад, зедовме храна и требаше да стигнеме на Калојзана. Меѓутоа, беше многу топло. Јас тогаш многу лошо се чуствував, се озноив и на качување се напив вода, ми стана лошо, а требаше да поминеме две граници и италијанската и бугарската. Се сеќавам ме носеа на рамо до Калојзана. Таа беше групата, ние одевме по таа врска но не успеавме. После капитуалцијата на Италија, кога бев ранет, бевме јас, Раде и Берто-евреинот, ме лечеа, а една група од десет души не пратеше нас тројцата. Во таа група дојде и Панде Ташковски над Буф.И тој беше болен. Во таа група остана со нас додека бевме, се лечеше. Тоа беше на 8 септември, ме лечеа, и тоа беше на крајот на септември. Тука во таа група дојде и Лазо Поповски, се лечеше, беше болен. Оттука, повторно дојдовме во Љубојно, кон крајот на септември. Јас бидејќи бев тешко ранет

беше одлучено од Штабот да ме земат албанците со нив и да ме предадат на грците. Но, тие ме понесоа со нив и ме однесоа во Албанија на лечење . Знѕчи оваа група е таа, на нив им било добро , сте ги хранелеи затоа таму седеле, а ние ги бараравме.

АТАНАС ТАСЕВСКИ:

Покрај состанокот што се одржа воПреспа, во тој локалитет на Ломје се одржа војно советување само со одредени команданти на одредите, на "Даме Груев" и на"Гоце Делчев".Изгледа Коле кога е повикан во Ломје, при членовите на Централниот комитет, учествувал на тоа советување, а го раководел политичкиот комесар, а изгледа бил и Кузман Јосифовски присутен.

ДИМИТРОВСКИ КРУМЕ:

Уште со доаѓањето на окупаторот во Преспа, под хх италијанско-албанска окупација, дел од албанското малцинство создадоа фашистичка организација "Бали Комбетар". Таа со своето политичко дејство ги прибира своите истомисленици. Така, како челни водачи во моето село Грнчари се: Неџипи Моарем, братму Сано, Мечов Тефик кој покасно станува и претседател на општината, братму Риза, Незири Мемиш, кој беше едно време и претседател во општината Љубојно.

Со капитулацијата на Италија, беа во припрема за проширување на Албанија, да имаат свои приврзеници. Некои од овие што ги спомнав се во тој национален комитет кои одат

во Тирана да донесат општински службеници, дека треба да има нивна власт и полиција.

Со капитулацијата на Италија тие не можеа да опстанат на овој терен затоа што им претеше опасност од бугарите. Како најпогоден терен им беше Крани и Арвати, Наколец. Најголема улога имаше нивниот војвода Муса од Крани, по чин мајор, инаку војни академик, кој завршил академија во Италија.

Нивниот штаб на чело со Муса, за да создадад чета во поедини фамилии извршија притисок во смисла на мобилизација. Оваа мобилизација некој јаприфати со усмен или писмен позив, доброволно, но имаше и такви позиви на кои им се закануваше дека ако не дојдат дека ќе бидат убиени. Има неколку кои на основа на вакво закanuвање појдоа. Еден од тие е Мучо, кој отиде , но им избега и до капитулацијата на Бугарија се криеше како илегалец, бидејќи не ги прифаќаше нивните идеи.

Што се однесува до нивното дејство овде, како една противреволуционерна организација, треба да се каже вистинскиот однос како една фашистичка организација , спротивна на нашето движење. Никаде не се судривме со нив, во некое наше движење , или ние да ги нападнеме или тие нас да не нападнат. На никого не мунаправија некоја штета, поради неговото присуство во движењето, партијата и сл.

Случајот што го прикажа другарот Крсте, јас ќе го изнесам во друга верзија а не како него. После нивното фаќање, тие се пуштени да одат во Љубојно: Лаќи и уште еден. Ги пуштиле да си одат кај партизаните, како што кажува Лаќи.

Тие како вооружена формација кои го поддржуваа фашизмот и идеата за Голема Албанија, имаа за цел да соработуваат дури и со бугарите. Не е потврдено каков договор направиле, а договорено било дека се сретнати со командантот во Љубојно, под Сливница, но тоа не може добро да се потврди. Опасноста беше многу голема во политичка смисла, што прогресивните сили беа заплашени, меѓутоа, никому ништо не е направено, барем на мојот терен. Нашите партиски работници на теренот, кои уште не беа во единиците или беа околу единиците, беа заплашени, тие не дозволуваа да бидат откриени. На партиските работници не може да им се препише нешто негативно во смисла на нивно неприфаќање, бидејќи таа нивна организација беше толку силна, толку беа убедени дека ќе создадат голема држава.

После преговорите и присуството на албанскиот баталјон, после непостигнување на спораузм, еден дел од оваа формација го оставија во тој дел со намера , кога ќе се вратат од Албанија, бидејќи тие избегаа поради притисок од партизаните, да делуваат, но бугарите еден по еден ги имаат фатено и така се убиени во брајчинскиот дол, односно во Штрбово.

Во Албанија овие наши преспани водат тешки борби. Говорам за оваа балистичка единица. Кога се префрли таму, се префрлува во тамошното движење против отпорот.

Тефик Мецо после ослободувањето е осуден три четири години. Тој беше претседател на општината, балиста. Во ова време кога тој беше во затвор, Лаќи е тишлер во казнено-поправни дом во Идризово. Лаќи мо овозможи да дава полесен труд. И денеска односите на фамилијата на Тефик имаат присуство кај Лаќи, затоа што му помогнал на Тефик , да може Лаќи да биде пуштен во партизани.

Со доаѓањето на"Мирче Ацев" на оваа територија вооктомври месец, кога дојдовме на сапотски терен, Ефтим Ристевски доби задача со една група во подмочани да собере храна а јас со друга група од Грнчари да соберам храна. Имаше една далекувидна политика на овие водачи на балистите, во нивни интерес.Храната кога ја собиравме, ми беше потребно месо и јас навратив во манастирот "Св. Илија" кој имаше 300-400 овци, каде што работеа син и татко, Петре и Митре. Им побарав да ми дадат една овца запартизаните. Беа бедни и не сакаа да дадат, а всушност газдата им наредил, ако дојдат партизаните, ако дојде еден да не даде а ако дојдат десет да дадат.Тии си оставаа место, ако не победат, да имаат наслон. И Божиновски Пецо земал месо оттаму за одредот "Гоце Делчев".

МИтре не ја кажа една работа, за погинуваењето на Трповски МИте, Белевски Трајан, Трајчевски Старејко, Кога батаљонот одиде по директива на Главниот штаб по задачата, кога влеговме во бугарска територија дојде до едно разочарување на партизаните од тој терен што беа дојдени, од Дебарца. Времето беше топло, бевме жедни. Така се растуривме низ грмовите, одевме по вода, така да другарите што беа дојдени во батаљонот ни бегаа, така што батаљонот се преполови. Кога се одвоиле, донесле одлука МИте Трповски, Трајан Белев, Старејко Трајчевски и уште некои другари од тој терен, да заминат назад на слободната територија и да ги прифатат другите другари , бидејќи бараа на свој терен да се борат,што бараат на бугарска територија. ЗатоаМите Трповски и другите биле пуштени таму да ги прифатат и ги прифатиле, и Мите е командир на таа чета, односно батаљон. Треневски Злате, од Кичевско, многу добро ги има опишано тие работи. Тоа и Апостолски го пр

фати затао што воопшто не реагираше.

СТЕФАНОВСКИ ЖИВКО:

Јас нема да се задржувам на објаснувањето на другарот Калче и Трајче Грујоски за групата во Отешево, само ќе спомнам одредена работа да сеима предвид. Во некои документации од битолски книги се гледа дека оваа група требало да постави заседа на италијанската војска кај Отешево, на албанска територија, каде што е вилата "Југославија", се укажува дека тоа била група од "Гоце Делчев". Овде немаше никаква група од "Гоце Делчев". Јас бев таму како член на околиското партиско раководство. Трајче Грујоски, Лазо Хаџипоповски, беа членови на обласниот комитет, другите другари биле курири , ја извршиле таа задача, и преминавме на правец спрема Љубојно, Брајчино, односно го корегирам исказот на Калче, дека ние не стигнавме во Љубојно, туку преку Курбиново, Сливница, стигнавме во Калојзана и тоа на 12 септември, а на 13 септември одржавме заеднички состанок со обласното и партиското раководство на кој ја разгледавме политичката ситуација што настана по капитулацијата на Италија и акцијата што беше извршена од двете групи, од "Гоце Делчев" и од Преспанскиот одред. На 14-ти септември пристигна групата кај пиланата со Васко Харангелески на чело со Бошко Станковски и други борци. Во меѓувреме добив задача, тоа оружје што беше запленето, со помош на Вандо и други, да се склони во една грмада.Во таа грмада во едни камења го склонивме, на обележено место. Се штосокривме овде, го искористи втората бригада откако се формира и пред да замине на теренот под бугарска окупација.

Повторно ме повикаа. Им кажав каде е, зедов патрола и оттаму го однесоа оружјето , апотеката, муницијата, што беше запленета

На состанокот, беше речено за главнината од Гоце Делчев" што требаше да замине за Караџова, И едната и другата група и партиското раководство заминавме изнад селото Глобочани, прво карши трлата, имаше една провала од една женска, па дознавме дека германците ќе дојдат, ставаа заседа, а ние заминавме по друг пат према правецот на Буф. Германците ставија заседа , но отепаа некои мазги, што ги носеа селаните за рж .

На 16 сепетември, одредот "Даме Груев" и "Гоце Делчев", се наоѓаат над село Герман, кај колибите и на 17 септември заминавме за Буф.Тоа Панде го објаснуваше кога влегуваме за Буф, од десна страна, изолирани, другарите ранети, болни, итн. а главнината влезе во Буф. Истовремено од другата страна има еден равен пат. Веднаш се дозна дека доаѓаат германците, одредите се повлекоа назад. На 19 септември, добивме извештај дека Бугарите не ги окупирале Љубојно,Дупени, Наколец и Брајчино.Ние влеговме на слободна територија во Љубојно, во куќите. Кога влеговме таму, тогаш дознавме дека на оној дел на Крани каде што настанал збор, дека тука дошол Муса Крани со една група од Албанија, со околу 20 души наоружени.НИе кога дојдовме веќе тој беше дојден. В тоа село беа собрани сите од Преспа кои соработуваа со албанската власт, кои беа на линија на фашистичката албанска власт. Тие се собраа во Крани и Арвати и слободно делуваа, поставуваа стражи над Арвати , према Штрбово.Во таа стража,према моите

податоци, што беше према Арвати ја сочинуваше ~~Трај~~ Ташко-Чаталот, еден другар од битолските партизани, тие на заседа паднаа и ги задржаа и сместија во куќата и имаа добар однос према овие двајца, а за Лаќи тоа е посебен случај што мене не ми е познато.

Ние треба да имаме уште поконкретен материјал за сободна територија со име и презиме на одборите, организација реорганизација, кметови, чети, имиња на чети, колку групи, обука, школи итн. Тоа примаме обврска да го доставиме до вас да имате прегледност на целата таа положба. Потоа, за чамците што ги користевме преку езеро, за Нивици, и сл.

Во меѓувреме јас добив една задача, требаше да преминам на територијата што ја имаа балистите, кај Штрбово, да одам во манастирот, изнад село Грнчари. Таму меочекуваа Милан и Ѓорѓи Шушевски од Подмочани, ме известија со писменце дека треба да се воспостави врска со Битола, а Вера Оровчанец уште не беше излезена, таа беше уште во Битола.Добиено беше писмето преку Нико Тозија во Ресен. Јас со патрола од двајца помлади партизани од Битолскиот баталјон, што излегоа со Бошко Станковски, ја избегнав таа заседа, ги преварив, се повративназа, го известив штабот во Наколец, па покрај езеро воспоставив врска со Подмочани. Со враќањетона овој терен, партиското раководство ја разгледа политичката ситуација на теренот, на балистиката група од Муса Крани. Од оние пароли што се водеа од балистите, против партизаните, дека се против албанците , дека се против нас, како партиско раководство размислувавме дали да

организираме напад на оваа група, дали тој напад ќе биде само на Муса и групата или ќе биде напад и на другите албанци. Затоа, на состанокот на партиското раководство се заклучи јас како член на околиското партиско раководство заминам за Албанија, да се договорам со другарите од Албанија, за да дојдат во припомош  и тоа на албански јазик да им ја објаснам на албнците борбата  и воопшто нашата сила.

Ниепристигнавме околу 25 септември  , ја завршив оваа работа, заминав за Албанија и со мене гоздедов Ристо Ставрев, бидејќи тој знаеше албански и Живко -утот. Јас  по оние врски што ги имав, воспсотавив врска со Зија-Ракитска во селото Ракитска, која беше секретар на  Месниот комитет на  тој терен. Јас се јавив кај него и му објаснив во што е работата.Зија Ракитска воспостави врска со баталјонот Фуад  Бабани", а командант на овој баталјон е Дефит Цргоља. Зија- Битински, по  надимак  Будо, е командир на чета во рамките на овој  баталјон и во договорот со команданто т  на  баталјонот се одлучи Зија Битински да дојде со мене, опремен, со митролези, со мазги и  др. и заедно преку  рамнината во  Винени  дојдовме во Дупени. Во  Дупени се одморија, а од Дупени отидовме во Наколец,  па дојдовме во Штрбово, но старо Штрбово на брдото горе.  Ги  задолживме другарите од Штрбово да ги повикаат не само од Крани туку и од Српати,  од 10-15 октомври. Во мојот материјал што е даден, на стр. 9  стои 10-15 септември. Тоа не е септември, туку октомври и тоа треба да се исправи. Тогаш се собраа сите селани од таму, и од Штрбово,  и Зија зборуваше на албански јазик,  за  целта  и задачатана нашата борба и

ние што му кажавме за паролите што беа дадени од балистите, Тука беа на лице местодонесени митролезите со мазгите. Му беше речено, ако веднаш не ги пуштат оние двајца заробени, ќе ги упериме митролезите, така што Ташко Чатал и другиот беа пуштени. По завршувањето Јовко и другиот слегоа за Народноос слободителниот одбор. Селаните си отидоа и оттогаш почнаа во една помирна положба.Не беше дојдено до некое преговарање, бидејќи се знаеше каков став имаа балистите и каков став ние имаме, само беше укажано да се знае дека нашата борба е револуција и ако се направи некоја штета на граѓанството дека повторно ќе се вратиме со митролезите.

После тоа, има некои искази, дека Муса Крани заминал. Према мои податоци, Муса можеби одел ваму или таму се враќал, но потполно замина пет шест дена пред да биде окупирана таа територија, односно окупирана и нашата територија од бугарите каде што единиците од Муса беа повлечени и нашиот одред исто така беше повлечен. Главно не стигнаа бугарите и не дојде до вооружена борба.Ќе утврдиме и за оние лица што беа убиени, за кои не се знае точно, а знаеме точно дека тука е убиен таткото на Јовко Јовковски, како наш учесник.

Во меѓувреме со завршувањето на оваа задача со албанците, ќе кажам уште пред тоа за реорганизацијата. Дојде Пенко Здравковски на теренот.

______________________:

Таму каде што Мичо и другарот Живко каде што збор рувaат за присуството на четата на балистите во Крани, испуштен е еден друг момент.Тоа е јасно за Муса Крани. Меѓутоа,

веднаш по капитулацијата на Италија дел на тој албански фашистички национален комитет од Асамати наваму, и дел на жандари и милиција, се собираат во Грнчари кај црквата "Св. Илија" Меѓутоа, тука имало некои пресметки, да не бидеи ова подрачје како што Мус а мислеше на оној дел на Преспа. Пречката била кој ќе ги издржува, кој ќе ги наоружува и повеќе кој да биде на чело на таа организација, бидејќи имаше повеќе кои сакаа да бидат на чело. Ова е документирано оо Ибраим Кајмаков кој покасно стана партизан, односно избега од кај нив. Бидејќи не можеле да постигнат ниту едно ниту друго, и оваа група му се прилклучува на Муса Крани. Имаше околу 45 души од селата и од градот, Ресен.

После ослободувањето, откога почнаа да се одбележуваат овие настани, по прашањето на Долги Рид, сме дошле како боречка организација, како општество во судир, дали да се одбележи , дали да не се одбележи. . Освен таткото на Јовко, другите во оваа група сиее беа припадници на Муса Крани. Тиоа сечетири пет души од Битола, кои пребегале, двајца од Наколец.

Во врска со убиството, се знае, но секое време на одреден начин се манифестира. Прво, бешеза подигање на споменици таму, без да знае боречката организација, без да знае власта што е најповикана и надлежните органи. Преку ноќ таму се направија извесни одбележувања. На моја интервенција мините ги кренавме во воздух. Тие се непознати за револуцијата. Имавме на неколку пати, бидејќи бев долгогодишен

член на Претседателството , неколку мандати, и како материјал ни дојде за одбележување за тоа убиство од страна на бугарите. Тоа не треба да го дозволиме и толерираме.

ЕФТИМ РИСТОВСКИ:

Во врска со патролаташто ја спомна другарот Круме, во која бев и јас и Бено Русо и Кире Јошевски на Бигла. Добивме задача од штабот на баталјонот да заминеме. Прва задача беше да го снабдиме баталјонот со храна бидејќи патот на баталјонот "Мирче Ацев" беше долг и напорен патот. Тоа јас го имам опишано на симпозиумот. Битејќи јас го познавав теренот, јас ја водев групат. Требаше во село Курбиново да преспиеме. Тргнавме вечерта, меѓу маказот, према Ресен, беше месечина, мислевме дека се тука бугарите. Другата задача беше да испитаме до каде се повлечени бугарите од границата.Тоа беше октомври месец околу 15-ти што точно не се сеќавам, но првата деката на октомври. Јас им поставив на другарите ако сакаат да одиме за [illegible] побрзо да тргнеме да одиме по Џадето. Се согласија и тргнавме. По Џадето немаше никој, бидејќи демаркационата линија на границата беше повлечена меѓу Претор и Сливница. Дојдовме под Подмочани меѓу Подмочани и Грнчари. Наидовме на двајца овчари, чуваа овци. Ние бевме гладни. Еден подмочанец, се викаше Никола Шушевски, му реков да оди брзо да донесе леб. Го донесе и ние гопродолживме патот. Ни понудија оружје ако сакаме, а јас му реков, ќе има време. Продолживме за Курбиново. Стигнавме во Курбиново, вечерта. Наидовме на селската стража, која ја поставуваше бугарската окупаторска власт. Во таа стража беше Ѓорѓи , и иште двајва. Ми расправаше какви реперсалии вршеа бугарите од

страна на Андреев. Му реков на Ѓорѓи дека задачата е во селото Курбиново три фурни леб да се месат и да ги донесе во логорот. Е. МИ рече дека ќе им го изгорат селото, дека во Асамати е стационирана бугарската војска со Андреев. Тој беше Андреев Спасе, кој живееше во Ќустендил. Јас размислив и му реков:за три фурни леб не се пали село. Му реков, ако се согласуваат ќе одиме во логорот, дење да преспиеме и мораме да снабдиме ако ништо повеќе една фурна леб. Тргнавме, јас јаводев патролата. Одевме над Курбиново, над Рајца, над Грнчари, над Подмочани и влеговме во куќатана поп Спиро, мојот татко. Обезбедивме еден стражар. Зедовме една фурна леб , и заминавме. Отидовме во логорот. Другиот ден пристигна баталјонот. Нашата цел беше да обезбедиме храна и да го испитаме теренот до каде се повлечени бугарите.

РАБЏИЕВСКИ ПЕТРЕ:

Јас ќе се надоврзам во врска со она што го изнесе другарот Живко. Тој рече дека немаше разговор со Муса од Крани. Јас го познавав Муса лично, бидејќи во Крани работев кај Крамуша. Меѓутоа, во Штрбово, прво се одржа митинг. После митингот се отиде во куќатана Крсте Пановски со претставниците на Муса се водеше разговор. Ние од Коле Канински добивме задача, покрај луѓе што треба да дојдат од Крани и Арвати да дојдат и нивни претставници, а ние преку кметот Весела делувавме.

Второ, за нас претставуваше историски чин формирањето на одборот. Прашањето наЛаки беше после неколку дена. НИе таму не му рековме да ги пушти луѓето. ЛУѓето тогаш не беа затворени. Од тој состанок тие отидоа заѓавато. После

еден два дена на враќањето ги фатија и тогаш отиде другарот Крсте во Брајчино. Тогаш пак КОле испрати писмо по Спиро или Митре, и тие луѓе беа пуштени во партизани. Ташко од Ѓавато беше затворен а другиот не го познавам. Лаки тогаш во таа група избега и не беше во затвор. Таа куќа беше комитска.

Од сите нас треба да се добие престава за Муса. Тој делуваше при крајот на август. Тој крстареше со 20-30 души. Тоа беше по капитулацијата на Италија.

8/1

СТЕФАНОВСКИ ЖИВКО:

Одредот "Даме Груев" на 17-ти јули, пред да замине се формира една група која остана во Преспа. Во таа група имаше неколку другари кои беа постари. Овде е помешано со Одредот, преспански , кога се повлекува на од слободна територија од Љубојно, на албанска територија и со заминувањето на Баталјонот одредот останува тука. Во тој одред има неколку души кои се постари. Само формулацијата треба да се преформулира. Но, првото, за баталјонот треба да се издвои како посебна формулација а за одредот како посебна формулација.

За слободната територија, сме ги консултирале сите што биле на тој терен, да се достави нов список на народноослободителните одбори и на Општинскиот комитет, список на партиските организации и се достави.

ЈОВКО ЈОВКОВСКИ:

Веднаш по капитулацијата на Италија со доаѓањето на бугарите, започнува една акција на бугарите, апсење

на активисти. Сакав да се надоврзам декаво тој период нашите врски ослабнуваат. Сепак ние интензивно врски не држиме поради приситокот и теророт од бугарите. Кога ние отидовме во ноември, постоеше една пасивизираност и исплашеност на населението. Сакам да се даде објаснување како настанува тој вакум на партиската организација и каква е ситуацијата, бидејќи при нашето префрлување кое траеше 12 дена, наидовме на одредени потешкотии за една поширока активност. Ние стигнавме во Покрвеник.Тука имаше една група која беше многу активна, на која се наслонивме. НИе ги опфативме Дрмени,Езерени и Подмочани. Во Подмочани прилично тешко можевме да бидемеприфатени, дури бевме изложени на опасност од бугарите.Ние заради тоа повторно се вративме назад на оваа територија.

Овде сакам да дадам еднаисправка на датумот за поаѓањето на баталјонот "Стив Наумов " Се спомнува на 4 декември дека баталјонот "Стив Наумов" заминал за Дебарце. Оваа работа не е точна, бидејќи и јас и Живко заедно со тој баталјон поминамве во ноември.Тоа беше 4 декември, а не би рекол дека беше 20 декември. А во прилог на тоа говори дека во крајот на ноември и почетокот на декември се вративме со Живко на зад. Ако е точен податокот дека на 6 декември бригадата тргнува за Егејска Македонија( упадица: на 5-ти), тогаш каде најдовме, ако баталјонот "Стив Наумов" тргнал од Винени , тие требало да се сретнат некаде, а не да се најдат во Дебарца и уште некој ден да проборават и да се вратат назад. ( упадица: веднаш е тргнат). Тогаш тоа е 11 ноември и ние заедно со тој баталјон сме се префрлиле и кај Лескоец имавме акција.

Околу партиските организации, на албанска преспа тие и во хронолошките единици стојат, Тие уште во јануари, февруари некои се примаат, покасно се шират и со нашето делување. Инаку, во тој период ние интензивно делуваме во сите села со Живко.

---

"Така ранети и изнемоштени борци, беше формиран новиот битолско-преспански одред, кој за многу катко време, поради постојан прилив на нови борци се омасови и стана борбена единица, способна за извршување на најсложени задачи, а командант на одредот беше назначен Дилко Трповски, политички комесар Петар Нешковск-Пјер, заменик комесар Лаки Кароли." Ова го кажува Петар Нешковски- Пјер.

ТАСЕВСКИ АТАНАС:

Сето тоа што стои во таа хронолошка единица е така, меѓутоа, не е формиран битолско-преспански одред, туку тој одред е истиот кој влегува, каде се одвојува во Ломје на 17-ти. Влегува во составот на одредот "Гоце Делчев" дејствуваат заеднички, некогаш се раздвојуваат, сегадоаѓаат кога се формира " Стив Наумов " на 11-ти. Тој одред е истиот, само на местото на Лаќа доаѓа Пјер.

ТРПОВСКИ ДИМКО:

За формирањето на ~~одредот~~ батаљонот "Стив Наумов" во Винени, на 11 ноември, 1943 година, тоа беше преспански одред, и на17 јули замина одредот. Тој одред се движеше по цела Преспа, ја покри цела италијанска територија, грчка територија

територија, на егејскиот дел. Одредот се омасови прилично. Пред да се формира баталјонот "Стив Наумов" ние бевме доста омасовени. Борците од битолскиот терен и од преспанскиот одред, сите делувавме заедно. Од тие борци се формира баталјонот "Стив Наумов". Преспанскиот одред си остана, xxxx со оваа единица којa ја водев јас, со тоашто Пјер дојде за Комесар, јас останав командант и ја продолживме истата тејност на целататериторија до април 1944 година, кога дојде Иван и ми рече пак да преминеме на наша Преспа, да се формира база, како команда места, да ја покриеме.

ЈОВКО ЈОВКОВСКИ:

Од ова можеме да извлечеме заклучок, дека одредот постои. Помала група се битолчани а поголематагрупа се преспани . Командант е Дињко, а комесар е Пјер.

НАУМОВСКИ ЈОРДАН-КАЛЧО:

После формирањето на баталјонот "Стив Наумов" во Винени, покрај Цветко Узуновскикој го формира, Панче Неделковски, и Дејан, тука бевме и ние куририте на Главниот Штаб: Пецо Божиновски, Тунелот, Комитот, и јас. Баталјонот на чело со Васко Харангелески замина за Дебарца, истиот или наредниот ден. Ние по извесно време заминавме на предлог на Тунелот. Абаз и другите сакаа да заминат за Дебарца. Ние куририте бевме со нив. Бараа совет од каде да одиме. Тунелот му рече на Абаз да не води, бидејќи го знаеше патот преку Албанија, преку МОкра, албанските партизани да не примат и да не спроведат. Ние завлеговме во Албанија, но МОкра беше ис-

палена, испустена, балистите беснеа, германците исто така, ние одевмепо врските и на крајот после десет дена одење, не можевме да пробиеме низ Дебарца да излеземе на Струга и пак се вративме во Преспа, изморени,исцрпени, изгладнети. Во МОкра го најдовме другарот Круме-Кичо. Го зедовме со нас затоа што знаеше албански кој многу ни помогна. КОга дојдовме во Преспа, Комитот рече да не води за Дебарца по стариот пат , преку Галичица, на Завој, Злести, низ полето на Белчиште, излеговме подобро и пократко без маки ,се составивме во"Црвена вода " со Главниот штаб. Пред бригадата да се повлече на 5 декември наваму, Апостолски од Главниот штаб ме испрати во селата каде што баталјоните водеа борба, околу Турје, Мраморец итн. да му јавам на одредено место да бидат во одредено време. Бидејќи се водеа борбаи, јас зедов еден човек со мене, кој не го знаеше толку теренот, но по пукањето, можев да одредам дали се наши или балисти . Така дојдов во допир со една единица, им соопшти Но, пред тоа во "Црвена Вода" неколку тешки митролези ги расклопивме и во едни стени ги закопавме, со Петко. Тоа беше во тајност, само на нас ни бе доверени на куририте од Главниот штаб поради повлекувањето,бидејќи не можевме да го носиме тоа тешко оружје. Потоа не распоредија по баталјони, мене ме распоредија во вториот баталјон како курир, како предводни, и така го водев тој баталјон до Герман. ПОтоа, не се сеќавам дали ја говодев или друг и заминавме за Мегленско.

ЕФТИМ РИСТОВСКИ:

Што се однесува до баталјонот "МИрче Ацев " во составот на Прва македоно-косовска бригада, тој баталјон на 1 декември доби задача да влезе во Преспа и да изврши акција

одржавме митинг. Овчарот еден го ликвидира. Еден наш партизан се успа, и дојде еден од селото и му рече : ќе те провалам. Еден од одредот"Мирче Ацев" го отепа. Во Златари отидовме да ликвидираме некои шпиуни, но се сокрија и избегаа. Во Златари извршивме акција, одржавме митинг, се снабдивме со храна и баталјонот пак се повлече, заминува за Егејска Македонија.

МИТРЕ АНГЕЛОВСКИ:

Со доаѓањето на англиската мисија на теренот на Дебарца при Главниот штаб добивме материјал, експлозив за нагазни мини, за диверзија. Јас бев одреден во една група минери заедно со Планински,со Цветан, со Киро. Таа група од 6 души зедовме експлозив доволно и заминавме од Дебарца, преку Крушевско, Прилепско, се префрливме кај Браилово каде што беше врската. ( упадица: тао е друга група). Кога дојдовме на врската, кај трлото, најдовме еден познат овчар, зедовме храна, се префрливме во Ореов Дол, се сретнавме со мајката на Планински која беше вратена од интернација, тој ја охрабри и рече да не се плаши дека ние имаме сојузници, имаме оружје, опрема. Слеговме под Богомила, се сретнавме со Петре од Таово- железничар, кој ни кажа каде е најпогодно место за минирање на возот. Нас ни беше целта да го минираме германскиот траспорт кој се движеше од Битола спрема Скопје Требаше да помине после 12 часот навечер. Се спуштивме под Теово, на една кривина, тука ги поставивме мините , ги врзавме. Само Цветан сакаше да врзиме повеќе експлозив, ги дуплиравме и се повлековме од спротивната страна да чекаме. Кога наиде возот, тој замина од мините, но акцијата беше успешна, настана една силна детонација, се затресе Азот и отиде возот во

провалија. Ние постепено се враќавме за Дебарца. Кога дојдовме на теренот на Дебарца, кај Мраморец, ни рекоа дека не можеме да влеземе во село, бидејќи ќе дошле балистите, бригадата заминала за Грција, да се спуштиме кај Лешани, таму да го најдеме Јордан -Сутла со одредот кој ќе ни даде информации. Другиот ден ние отидовме таму, и се договоривме групата кој ќе ја води. Саве знаеше. Преку Завој, Галичица, Туменец, Нивици, Герман, КЛештино, Кајмак Чалан, во НОти ја стигнавме бригадата. Во тоа време се формира втора бригада. Се одржа младинскиот конгрес, на кој бев делегат.

________________________:

Откога се повлече бригадата, се враќавме назад да ја прифатиме групата позадинци што се наоѓаа во Дебарца и останати борци. Тука беше и командантот на логорот со германците кои беа фатени. Планински и Цветан не биле како што се кажува. Јас диверзантската акција не ја спорам, меѓутоа, Цветан и Планински не биле во неговата група.

________________________:

За историјата на македонскиот народ треба да се одбележат некои работи посебно што можат да бидат чест за Преспани. Се работи за патувањето на Абсз за Дебарце каде имаше важни задачи за размена намислења и консултации што треба да се прави понатаму после акциите во Дебарце и каде бригадата се најде вонезгодна ситуација. Ние чувме од Калчо, дека патувањето негово , заедно со Тунелот, кој преку МОкра сакаат да го однесат Абаз за Дебарце, претрпе неуспех и тие

денови ја чинат и бригадатаи македонското движење воопшто. Среќа е што КОмитот храброи самоуверено јаприфати иницијативата и предложи дека може да го однесе Абаз во Дебараца преку патот кој го кажа, стариот пат. Вие знаете дека на 29 ноември се одржуваше Второто заседание на АВНОЈ. Тука се решаваше судбината и на Македонија. Три четири дена пред да стигне Абаз таму, веќе радио -врските се прекинати со Врховниот штаб. Абаз го убедува и Темпо и Добривое Радосављевиќ дека единствено решение за развојот на востанието во Македонија и пошироко е бригадата да тргне за Егејска Македонија. Тој настан не би можел да биде така ако Комитот ја немаше таа иницијатива и го однесе Абаз таму. На Комитот тоа мора да му се признае.

ЛАЗО ТЕМЕЛКОВСКИ:

Со одењето, со Главниот штаб, кога го носевме Цветко таму, после два три дена, беше дадена наредба да се вратиме назад, од Слатина. Јас како курир ја носев бригадата назад. Имаше повеќе курири: Пецо Божиновски, Ѓорѓи Ивановски, и др. Кога требаше да тргнеме, ми рекоа мене јас да ја водам бригадата. После мене беше пратечката чета, потоа командант на пратечката чета беше Ѓоре -боксерот По нив одеше Главниот штаб, а по нив батаљоните.Секој курир водеше по еден батаљон. Во материјалот сретнав дека бригадата водела борба на Преспа. Јас колку што знам, бригадата никаде не се судрила. Оттаму тргнавме на петти вечерта, кога ја преминавме границата, Претом бос го поминавме со страв бидејќи беше иминиран, тука имаше војска , а уште во првата приквечерина се најдовме во

Завој. Го преминавме цадето. Над Завој логорувавме. Запаливме огин, се стоплија партизаните. Долу имавме стража. Двајца селани од Завој со секири дојдоа , стражата ги запре, тие признаа дека воЗавој имабугарска чета. НИе тргнавме дента, да одиме за Галичица, а овие двајца ги пуштивме да вратат назад, за да не можат да им кажат на бугарите каде одиме. Стигнавме кај Ломје, вечеравме на едно кладенче-Водена Бука . Тука не стемни. Вечерта дојдовме над Лескоец, а под Лескоец чувме пукање. Една наша патрола со Ѓорѓи-бугарчето, беа во акција во ПОкрвеник , го отепаа Доне-шпиунот на бугарите, 6-ти вечерта. Минавме над патот за Лескоец, за Горица. После капитулацијата на бугарите, еден од бугарите, во Златари, кажа дека бил на заседа во Галичица, кога врвеше бригадата. Ние бевме повлечени воЛескоец, мислевме дека бригадата ќе дојде во Лескоец, бидејќи од долу имаше пукање. Оваа патрола немаше врска со нас. Таа беше пуштена од Пенко, од Дејан, од Дилко да го отепа шпиунот. Таа патрола не дојде со нас да се врати во Покрвеник ,туку во другите денови дојде. Бугаринот се спаси него не го стрелаа во Златари. Бригадата ја донесовме до Туминец, се распореди, еден баталјон во Горица, во Пуст, и во Глобочани, Горна Горица, и Долна Горица. Дојдовме во Герман, и во Герман имаше реорганизација, имаше говори од Цветко , од Темпо и ние се вративме назад за Караорман. Останаа извесен број луѓе. Со нас беше и Ќемал Сејфула.

ТРПОВСКИ ДИМКО:

КОга дојде бригадата, кога ја донесоа куририте во Герман, единицата, што ја нарекуваме Преспански одред, беше во Герман. Ние обезбедивме храна и се што беше потребно.

Се сеќавам кога говореше Темпо.Бригадата остана тука еден ден и пак Преспанскиот одред остана тука и продолжи да делува.

ЕФТИМ РИСТОВСКИ:

Првата македонска бригада пристигна во Герман на 9 декември. Тука е извршена една мала реорганизација во однос на баталјонот "МИрче Ацев" кој беше во составот на Прва македоно-косовска бригада, како прв баталјон. Дел од борците на баталјонот"Мирче Ацев " во Герман се приклучија во баталјонот "Стив Наумов". Тогаш баталјонот "Стив Наумов" званично влегува како петти баталјон на Прва македоно-косовска бригада и ја продолжува маршутата. Командант беше Наум Веслиевски-Овачарот, комесар Златко Биљановски, заменик политички комесар Илија Спировски. Потоа имаше некои промени. Заменик командант беше Воин Драшкоски. Потоа, Илија Спировски преминува во Прва македонска бригада, во Богомилскиот поход, како комесар на први баталјон на Прва македоно-косовска бригада.

Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ на Ресен со писмо бр. 0850 од 1.XI.1985 година- до учесниците на НОВ, достави хронологија на настани од НОВ во Ресен и Ресенско. Воистата хронологија не се целосно, доволно опфатени сите лица од Преспа под бугарска и италијанска фашистичка окупација во периодот 1941-1944 година кои биле приведувани, сослушувани, апсени, интернирани, осудувани, на судски процеси, жртви на фашистичкиот терор, домашни предавници, слуги на

окупаторот, живот наполитички затвореници, условите, организација на партискиот живот, акции, идеолошко-политичка работа, организацијана исхраната, " не е опфатено како што треба доволно во оваа хронологија. Малку се говори за борците од НОВ загинати, напредни жени, младинки и други лица, активисти што работеле и го помагале народно-ослободителното движење, што чувале илегалци, позадински работници, и во кој временски периоди ги чувале. Предлагам и сметам дека би требало оваа тематика дасе обработи од учесниците на настаните во НОВ од Преспа и да се внесе во хронологијата.

ЈОВКОВСКИ ЈОВКО:

Читајќи ги хронолошките единици, дојдовме до сознание, дека би било добро да се пристапи кон изработка на преглед на партиски организации од 1939 година, па се до ослободувањето, потоа преглед на народно-ослободителните одбори со ситепромени што се вршат, преглед на скоевски организа ции или активи, преглед на жени-активисти. Имаше издадено една книга " Жените во НОВ" и таму може да се најдат добар број на податоци, но со еден напор можеме да ајдеме. Остануваат анонимни еден голем број на жени кои многу работеа во целиот овој период. Слично на тоа би требало да направиме преглед на илегални станови за цело време во Преспа, преглед на скривници, преглед на апсени, интернирани, убиени, и друг терор. Тоа може да претставува многу значајна конкретна документација, така што ако се обработуваат народно-ослободителните одбори во Преспа, ќе имаме една структура на народно-ослободителните одбори, итн.

Мислам да му предложиме на Општинскиот одбор на Сојузот на борците да го разгледа ова прашање и веднаш да се пристапи на работа.

ТИЦЕ ЦИЦАН:

Кога бешенападот на Сапотско, групата која дојде во Златари, Овчарот со Коце, Мите, и Славе, останаа во Златари извесно време. Комитот и Крсте ги интересираше како се префрлија за италијанска територија. Врската во Златари е дојдена преку Ване од Евла. Ване Ставревски добил писмо од Трајан од Покрвеник. Бидејќи партиската организација беше во Златари затворена, имаше останата група, со неколкупартиски работници и еден скоевец. Тие не можеа преку партијата да фатат врска. Тие го пуштиле Ване Ставрески да фати роднинска врска. Ване дојде во Златари кај Пандуле Ангелески. Тој не знаел дека Пандуле е зафатен. Групата која ја водеше Овчарот ја го прифатиле Пандуле. Тој помагаше а и синму помагаше, и мајсторчето. Тој му го дал писмото на Пандуле и заминал. Пандуле го пренесол на Овчарот и тие заминуваат преку Евла за Покрвеник. Значи, врската за префрлувањето од Златари е добиена преку Ване од Покрвеник,

Другарот Јовко спомна за контречетниците, дека од Сопотско, од Болно дека постоела четничка група во Златари. Таква група немаше. Имаше само еден контрачетник, а тоа беше Тоде, кој беше поврзан со четата на Тале во Царев Двор. Тој одеше со таа група. Шишко не беше во таа група, Шишко ја познаваше целата партиска организација.

Со бекството на МИте Трајчевски во одредот, Шишко беше дознат. После затварањето наше, ЖИшко го пречека Симо Андоновски- овчарот со леб да носи. КОмитот го сретнал и го прашал каде оди. Го зел со него да одат по друг пат. Тој зборел со стражата, а Симо заминал со лебот. Шишко помагаше. Имаше затворени 12 фамилии од Златари и три интернации. Тој правеше спискови и следовање добиваа сите и тие што беа одбиени.

________________:

Тој четникот, во 1942 година, кога се врати еден ден во Царев Двор, на сред село, почна да зборува дека и во Златари има кои соработуваат, а не знаеше дека тука има одред. Тука тој беше нападнат, и изгазен . Тој ја зеде пушката од дома да врши одмазда на нас. Благодарение на МИтегајтан, го пречека, му ја зедепушката и го врати.

ДИМИТРОВСКИ КРУМЕ-Мичо

По договорот со албанците во Корча, Свештарот дава напатствие до Мите Трповски и илија Спировски, како да биде повикана групата на Овачрот како би се приклучила во групата која се наоѓа во пештерата во Покрвеник. Му беше кажано на Овчарот да му се соопшти.Мите Трповски и Илија Спировски пишуваат писмо до Овчарот за согласноста што е постигната во Албанија и дека [illegible] групата на Овчарот треба да се јави кај МИте Трповски и да се спојат и заедно да тргнат во КОњско и Албанија. И Илија тоа го потенцира, но не кажува како. Тој вели- по таен канал, му соопштивме на Овчарот да симне

со групата.

ЃОРЃИ :

Целта на овие собири е таа. Материјал е собран, Оваа хронологија навистина ќе биде подобрена, ќе ги земеме предвид сугестиите, За да можеме и овој дополнителен материјал да го обезбедиме, ќе извршиме едно групирање и ваше ангажирање за конкретни работни задачи и врз основана тој дополнително собран материјал и хронологијата да претставува так ва цлеина што нема да бидеобична хронологија на настани туку еден многу повеќе проширен материјал кој ќе создаде можности за пишувањена историја на народно-ослободителната војна и фево-луцијата во воПреспа.

:

Другари, ви благодариме за учеството што го дадовт за расчистувањето на многу работи што не беа така воедначени. Меѓутоа, овие материјали што ги праќа Комисијата, изработени од стручњаците од прибраниот материјал за НОВ за овој период, имаме уште еден собир кој ќе се одржи до крајот на годината. Тој во текот на оваа година ќе треба да сезаврши. Тие материјали, би требало да ги проучите, а се работи за 1944 и 1945 година, а ќе бидат повикани и другилуѓе кои учествувале и ќе бидат обавестени по писмен пат да ги проучат тие материјали за да можеме на тој собир успешно да ги завршиме задачите. Целта на овие собири е да ги уточниме работите, да немаме празнини во изработката на хронологијата. Не ќе вклучиме и поголем број учесници при конечната изработка на хронологијата..